## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од третото продолжение на дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29.09.1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала број 1 со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во салата се присутни 68 пратеници, според тоа се исполнети условите за работа.

Ќе продолжиме по истиот ред како што се пријавени пратениците, а јас сега ќе ги прочитам г-дата кои досега се пријавиле за дискусија. Тоа се: Спанчевски Крале, Положани Азис, Пајковски Љатив, Ханџиски Благоја, Горѓиевски Михајло, Трајков Горанчо, Марковска Ѓулистана, Харуни Сејфедин и Петровски Филип.

Г-динот Амди Бајрам се јавува веројатно за процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани г-да пратеници, почитувани министри, јас би сакал да кажам нешто околу настанот на избеглиците на граничниот премин Блаце.

Имено сакам да се заблагодарам на сите пратеници и пратенички групи во Собранието на РМ, а посебно на Владата ка РМ и посебно на премиерот Љубчо Георгиевски, што бевме сите хумани и Владата хумана и синојќа ги примила избеглиците, до 00,3 часот и пренесовме во кампот "Стенковец".

Мислам дека се е во ред, ви се Заблагодарувам и се извинувам ако нешто овде во Парламентот згрешив, бидејќи се работеше за луѓе кои беа на улица, деца.

Значи, Ви се заблагодарувам на сите, на вашата хуманост, што ги примивме овие луѓе овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Амди Бајрам.

Г-динот Бошков бара процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине потпретседателе би сакал сосема кусо да укажам дека, статус на бегалец даваат ОН, поточно надлежната Агенција. Нашата Влада не нанесе болки врз луѓе кои што беа во бегство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Да не спориме сега околу тоа.

Има збор г-динот Спанчевски Крале.

**СПАНЧЕВСКИ КРАЛЕ:**

Јас ќе зборувам само за неколку аспекти, од оние кои се наведени во Интерпелацијата на министерот за образование г-динот Новковски.

Г-дата од СДСМ го обвинуваат г-динот Новковски дека ги закочил реформите во процесот на образованието. Ако се мисли или ако мислат дека со воведувањето на приемниот испит во сите средни училишта направиле некаква реформа, јас стојам зад тоа дека тие се лажат. Зошто го велам тоа?

Во мигот кога основците, во оној критичен момент кога сите тие се во една конфузија, кога не можат или уште не се спремни да го изберат својот животен пат, односно она за што ќе се определат да го учат, значи во онаа конфузија што се наоѓаат не само учениците туку и нивните родители, ние им задаваме уште една главоболка односно уште едно оптоварување, додатни стресови, односно приемен испит во сите училишта, без разлика што во некои училишта има поголем интерес па еве да речеме таму ќе бидат оправдани тие испити, но има училишта каде што не се јавуваат ни 8 до 10% од учениците. Овој пат ова што го направи министерот наиде на одобрување кај македонските граѓани, односно со овие неколку критериуми кои беа дадени, поготово за медицинското училиште каде имаше пријавено некаде околу 1000 кандидати кои скоро беа со еднаков успех, значи со овие критериуми, се успеа не само од одредени училишта од Македонија да се запишат ученици во овие училишта, туку и многу пошироко. Значи самиот тој избор беше многу по демократски. Мислам тоа ќе се покаже сега и на овие избори, бидејќи сето тоа кај граѓаните наиде на одобрување. Затоа и јас му давам поддршка.

Друго, овде се спомна дека се поставуваат партиски челници како директори на установите односно училиштата ширум Републиката. Јас не би се согласил со тоа и тоа би го демантирал на еден друг начин. Имено, кога некој во случајот сега министерот Новковски, сигурно тој има свои визии, свои програми кои сака да ги спроведе, и тоа е исто како во животот, дали се работи за некоја фирма и т.н. или сега тој како министер, ако некој сака да успее во работата и сака да ги спроведе реформите, односно она што тој го има зацртано и нашата Влада на пример сега, секако тој мора да најде луѓе нови или истомисленици, кои веќе постојат на теренот како сегашни директори, кој со нивна помош ќе може да го спроведе тоа што го замислил. Но јас сум уверен, имам многу примери, не сакам тука да ги набројувам, секаде, не само во образованието сите одлуки, што е нормално администрацијата се обидува на секој начин да стави сопка, односно да им застане на идеите на ВМРО-ДПМНЕ, односно на програмата, во конкретниот случај на министерот Новковски, во нејзиното реализирање.

Поради тоа, оние кои не сакаат да соработуваат едноставно ќе бидат сменети. На пример и сега јас кога би бил директор или како директор, ако некој не сака да ги извршува моите наредби, после втората опомена ќе биде истеран од работа или ќе биде сменет од неговото место.

Инаку што се однесува до Проектот "ПЕКСНАС", кој претходната Влада го проектираше и го лансираше во нашето живеење, веќе имаше големо елаборирање од претходниот говорник на ВМРО-ДПМНЕ, пратеникот Илија Лазаров, јас не сакам да навлегувам во детали околу тоа, но само би рекол дека ние сме доста сиромашна земја и еден ваков проект кој изискува многу големи финансиски средства е несвојствен за нашата држава, поготово замислете 116 ученици кои се запишани на оваа Програма треба да поседуваат, односно да изучуваат 93 предмети, а само за еден предмет се потребни пет до 6.000 марки за превод на овие учебници. За целото школување од четири години треба да обработат само 21 предмет, додека во сите други средни училишта се изучуваат околу 40 предмети, нешто што не е својствено во сите земји од Европа да не се изучува мајчиниот јазик или националната историја, овде на оваа програма тоа и е својствено, а за нас многу далечно. Овде се изучуваат предмети кои се многу далечни како на пример анимиран филм, филмски географии, филмски бизнис. Јас не знам за каде се спремаат овие луѓе. Значи една широка програма. Сега се прашувам дали имаме ние по овие 93 несвојствени предмети за нашето поднебје, дали имаме таков кадар, кој може да врши предавање по овие предмет. Уште полошо еве зборуваме, во тек е учебната година сега треба да стартуваат учениците од трета година по оваа Програма, а замислете програмата уште не е донесена. Значи има време, во наредното полугодие. Значи голема не одговорност, а сето тоа односно сета таа програма дури треба да мине преку Државниот педагошки совет. Значи прашање е дали до второто полугодие ќе се стигне со работа. А на крајот, вели во четвртата година тие не учат ниеден предмет, значи немаат предметна настава, ќе прават програми.

Јас мислам дека не би требало да ги замараме. Подобро да ги симнеме на пет до десет предмети, па уште втора година да прават некакви програми, со кои можеби ќе ја извадат нашата земја од криза и какви се уште работи кои ги изучуваат таму.

Друга работа на која сакам да се навратам, обвинувањата дека се поставуваат раководители во училишта, кои немаат искуство. Не би се согласил со тоа. Овие луѓе што се поставуваат на тие места имаат големо животно искуство и искуство на работење на многу разно - разни работи, така на пример професори кои веќе чекаат 10 до 15 години во Бирото во Кочани, зборувам за Кочани, а мислам дека тоа е ситуација во цела Македонија. Досега тие имаа можност да сменат многу разноразни дејности како на пр. новинари или спикери во локалните радио станици, да бидат диспечери во приватните такви служби, да бидат продавачи, да бидат ѕидари, дури и чистачи. Тоа ли го нудеше СДСМ на луѓето од овој профил, не само оние кои што веќе завршиле и се спремни да му помогнат на нашето образование. Се примаа луѓе по теркот детето завршило Педагошки факултет или било што, а неговиот родител е наставник или учител, па само тие можеа да дојдат до работно место со некакво потпишување на изјави од самите тие кои работеа во просветата, за да бидат примени нивните синови и снаа и т.н., со тоа откако ќе бидат примени нивните деца тие ќе заминат во пензија, но тоа не се случуваше. Не само што продолжуваа со работа, туку и после наполнувањето на 35 години работен стаж, значи тие ги исполниле еден од условите за да одат во пензија, или повеќе од 60 години старост, тие продолжуваат со работа, со изјава дека ќе работат до 40 години. Многу нехумано. Овие луѓе пак кои чекаат од 12 до 15 години на бироата, кога тие ќе успеат да исполнат еден од тие услови за да заминат во заслужена пензија.

Затоа од оваа говорница, за Кочани ќе ви ја кажам само бројката, имаме 25 луѓе во основното образование кои имаат над 36 или 37 години работен стаж. Значи по тој основ тие веќе исполните услов за одење во пензија и уште три лица кои имаат над 60 години старост. Тоа се луѓе од понежниот пол. Значи 28 луѓе држат места на луѓе кои чекаат на бироата од 12 до 15 години.

Од оваа говорница апелирам до сите нив да бидат хумани. Можеби некои од нив немаат деца. А што да направат оние кои немаат родители, кога тие ќе се вработат. Апелот до сите овие, веќе исполниле еден од условите за пензија, нека отидат во пензија, нека си ги гледаат своите внучиња, нека уживаат во пензиските денови, а нека им овозможат на овие луѓе изнамачени изнапатени кои чекаат од 12 до 15 години, да отидат и да спечалат некој денар. Некои од нив, верувале или не смеат да запливаат во брачните води, бидејќи се без денар. Зошто е тоа така? Се примаат луѓе, не дека не се примаат, се примаат луѓе на работа директно од клупа, но само ако беа членови на СДСМ.

Би завршил со демантот на еден од пратениците, тоа е г-ѓицата Шеќеринска. Таа од оваа говорница искажа една невистина. Имено Електромашинскиот центар во Кочани "Гошо Викентиев", таа напомена дека директорот кој бил назначен од ДА, од непознати причини за многу кус период е заменет, односно истеран од работа, а на негово место ВМРО-ДПМНЕ си поставила нов директор. Ова не е вистина. Образложението што е дадено за претходниот директор е образложение, таму и до ден денес, значи после месец ипол не е назначен директор, поготово не од ВМРО-ДПМНЕ, а таму како потписник е претседателот на Управниот одбор кој е од членовите на СДСМ, поточно речено екс член на СДСМ. Сега ако тој г-дин се одлучил да игра во друг тим, односно да ги промени партиските бои, да најде подобра репрезентација од СДСМ, не треба г-да пратеници за тоа да му се лутите на ВМРО-ДПМНЕ:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Спанчевски.

Има збор Положани Азис.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да пратеници, г-да министри, г-дине министер за образование, ќе дозволите на почеток и јас да искажам некои размислувања во врска со оваа точка од дневниот ред.

Прво, јас интерпелацијата не ја сфаќам како црн бел приказ на нештата, каде што едните ќе напаѓаат другите ќе се бранат, едните се потписници за интерпелацијата, другите имаат определба да го бранат министерот, што е сосема легитимно. Бидејќи јас не сум потписник на интерпелацијата ниту сум задолжен да го бранам министерот ќе се обидам, интерпелацијата да ја прикажам како можност, дали може во досегашната работа на министерот сепак да се уочи тоа што, ако е нешто направено, како е направено и ако нешто не е направено како што треба, дали може да се поправи и да се оди напред со подобри програми.

Кога е во прашање образованието тука не можеме да бидеме рамнодушни, г-дине министер и тоа не само како пратеници туку и како родители и како интелектуалци. Затоа грижата за повисоки стандарди во целокупното школување е легитимно, а и во центар на нашето внимание и ме радува ако во таа област има промени во смисла на авансирање на оваа област, без разлика од која провиненција или партија е министерот, а од друга страна не вознемирува и не прави несреќни ова во оваа област се прават ретроградни дејствија и такви потези кои би го оштетиле школувањето, а јас лично не можам да се согласам ни со статус кво или некоја друга подредена состојба на образованието, било тоа од кои причини да биде. И тоа ако биде понекогаш, што малку овде се зборува, во целокупната аргументација на интерпелацијата за материјалната состојба во образованието и од аспект на платите на вработените е такво што, на нив навистина треба да им се заблагодариме што ги едуцираат нашите деца, со такви примања, иако тие секој ден очекуваат подобри времиња тоа да се подобри, иако не ве сметам вас одговорен за таа работа и од друга страна од материјални причини поради технички и просторни услови во одредени делови во образованието, поради тоа што во некои школи се гледа секоја година да се менуваат компјутерите и секоја година тие да добиваат се понови компјутери, а некои школи, на пример некои села во Западна Македонија, имаме такви кои се изградени во 1932 година, па можете да замислите со каков стандард се тие сега. На тој аспект мислам сега треба да се обрне внимание. Друго е тоа што не би сакал јас образованието да се најде во лоша состојба, поради коњуктирални состојби. Се знае, се што се зборува и во Парламентот и надвор од него и на други меѓународни контакти секаде е во прашање економијата, главно е да се излезе од кризата, да се најдат инвеститори надворешни и внатрешни, а се во некоја смисла сака да се каже дека здравството, образованието, културата, се тоа може да чека, се тоа не е страшно така засега, тоа навикнало во такви услови да работи. Значи да се чекаат подобри времиња за нивно авансирање и подобрување. Јас мислам дека образованието мора да биде во центарот на нашето внимание, без разлика какви се коњуктуралните и другите состојби во Републиката и околу неа.

Како трет аспект поради што не би сакал да се согласам со подредената состојба и статус кво на образованието, е тоа кога таа состојба е импонирана од политички мотиви или дел од некоја политичка програма, од нечија политичка програма. Од ова третото ние Албанците имаме посебно лошо искуство, чии ефекти, иако направени пред неколку години, ние ги осеќаме и ден денес и имам дојам дека уште немаме сили тие нагомилани проблеми на цивилизациски начин да ги надминеме и затвориме како такви, како што е проблемот со топонимијата во школството, со програмите на некои национални карактеристични предмети што имаат поткрепа, се надевам во последно време и неколку години наназад, а и законските решенија се такви дека тука е можно да се интервенира и да се подобрат овие два елементи, што мислам дека со една добра волја и добро ангажирање и на министерот и на Владата може да се постигнат повисоки стандарди и по рамномерни.

Така, г-дине министер, јас имам желба да го ценам вашиот став, еве ќе го наречам "пасивен став" према некои промени во доменот на образованието на националноста, што за жал завршува во кадровската комбинаторика што јас во целост не ја отфрлам, но тоа за жал, не може секогаш да биде во функција на подобрување на наставниот процес, поради тоа што е резултат на непедагошки засновани принципи на промените, за што г-дине министер не можете, барем објективно да ја избегнете одговорноста.

Затоа мислам дека досега, посебно во монизмот така и толку многу му е наштетено на образованието на Албанците што само во пасивниот став спрема овој проблем не е доволен туку е потребно активно ангажирање и на вашата позиција па и на нас сите во надминувањата на сите овие нагомилани проблеми и еднаш засекогаш да се констатира барем од педагошки воспитен аспект сме еднакви, односно децата се под еднакви услови и да создаваме еднакви академски хумани услови за конкуренција во тоа што треба денес да ни биде објект на нашата дискусија, а тоа е компјутеризацијата во школството, интернет комуникациите и другите размени на информации како реални проблеми со кои се соочуваат сите деца на светот, а не да се занимаваме уште со тоа дали Скопје ќе го викаме Скопје или Шкупи и т.н. Нека го вика тоа министре, тоа така како што му лежи и на својот јазик, затоа што во тоа нема ништо лошо. Лошо е тоа ако овие проблеми ние им ги оставиме на

следните генерации и тие да се занимаваат со такви ретроградни концепти, наместо да им овозможуваме да бидат еднакви во оваа Република, ориентирани спрема новите текови, а тоа сите ние, без разлика на националност, без разлика на партии, е најмалку што им го должиме на нашите деца.

Ќе дозволите г-дине министер да се надоврзам и на еден друг проблем.

Мојот колега Адилерја во својата дискусија меѓу друго го спомна и проблемот со нострификацијата на дипломите, на студентите кои завршиле во Албанија и во Приштина. Јас мислам на еден поинаков начин да се осврнам на овој проблем, со надеж дека ќе бидам сфатен како човек кој сака некои работи да ги мрдне од местото, или да завршиме некои работи што веќе 10 години лебдат над нашите глави и се повод за непријатни објаснувања, а мислам дека имаат излез. Наиме за што се работи?

Ние досега, веројатно РМ не нострифицира дипломи само од тие држави со кои има потпишано договор. Можно е да се потпишуваат договори со тие земји што немаат потпишано меѓусебен договор за тој проблем, што имаме пример со многу земји. Од друга страна и досега и од Република Албанија добиени се дипломи.

Па, од тоа сакам да го извлечам следното дека, нема законска препрека за овој проблем да се реши со една таква постапка, каде што Министерството за образование и дотичните факултети ќе ја побараат потребната документација, за да се види дали е соодветна програмата, дали има нешто да се надополнува, дали може нешто да се реши и да не се чека, што е потпишан договор, кој изгледа е врзан со други политички проблеми, кои еве се влечат веќе толку време, а којзнае колку и може да се влечат. Затоа што, веќе нашето ангажирање за овој проблем е повеќе од политички аспект, е хуман и е еден придонес за тие млади луѓе стручњаци да добијат шанса во оваа држава да ја искажат својата стручност и на крајот на краиштата нас тие кадри ни требаат. Јас можам да ви соочам во неколку полиња од мојата изборна единица во Струга, каде што веќе недостасуваат кадри и тоа како би било многу добро, добредојден би бил секој кадар, па нормално и тие што се завршени во соседните земји.

Проблемот со Приштинските дипломи мислам дека е уште полесен. Тоа го велам по претпоставка дека тие студенти што завршиле, таму е само еден мал контингент на студенти, кои завршиле во 1991, 1992 и 1993 година. Затоа што биле при крајот на студиите, сите имаат по две три или четири испити, поради кои сега не им се признава дипломата. Со ново настанатите услови во Приштина, каде што Приштинскиот Универзитет е под јуриздикција и под туторство на Обединетите Нации, мислам дека иако има и ако може во таа процедура да се најде нешто спорно, со таков Универзитет сега кој што работи во Приштина, би се можело да се најде начин како тоа да се премине и да се решава. За тие, велам уште еднаш дека се мал контингент на студенти, кои завршиле во 1991, 1992 и 1993 година, а другите кои биле на почеток, поради неможност таму да им се дозволи да студираат од полицијата, тие си отидоа. Потоа дојдоа во Скопје или си отидоа во Сараево, некои во Тирана, така што нема голем прилив или барем континуален прилив од тој Универзитет, па би било сосема логично, а претпоставувам оти сите овде би се сложиле и е хумано, со овие млади стручњаци на некој начин веќе да се најдат заеднички сили, и министерот и Владата, па и ние тука овој проблем еднаш засекогаш да го затвориме, а ќе биде во полза и во интерес на Републиката, користејќи ги тие ценети кадри.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Положани.

Збор има Пајкоски Љатиф.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, на почетокот сакам да кажам дека јас при утврдување на дневниот ред за оваа седница сакав да предложам посебна точка, по која овој Парламент би расправал за актуелната состојба во Западна Македонија, особено во сферата на образованието и се што е она присутно во овие простори. Но, кога го видов дневниот ред и кога видов дека токму за оваа седница е ставена и точката Интерпелација за работата на министерот, не сакав да ги дуплираме работите, па сметав дека ќе биде добро, ако и по оваа точка ги кажам моите видувања во врска со настанатите проблеми од образованието.

Исто така, на почетокот само да соопштам дека министерот Новковски овие денови слушнав во едно село во Западна Македонија, се собираат потписи и се подготвува петиција со барање до Министерството за образование, во кое родителите бараат нивните деца да учат на кинески.

Верувам дека господинот министер и дел од колегите пратеници, особено оние што доаѓаат од образованието, многу брго ќе пријдат кон одобрување на оваа иницијатива, особено ако се знае дека подносителите на иницијативата се торбеши.

Но да пријдам на она што сакам да го кажам, притоа се разбира господине министер, да не се радувате однапред додека не стигне таа иницијатива до Вас, веднаш да кажам дека по поднесената интерпелација за работата на министерот за образованиот господинот Ненад Новковски и она што се случуваше во ова Министерство, после тоа бев убеден дека на наведениот министер како резултат на неговата доблест и чувство на одговорност, особено за неговите последни преземени активности насочени кон денационализација на Македонскиот народ, кон геноцид на

македонскиот јазик и на големо распродавање на националните интереси, ќе си поднесе неотповиклива оставка на функцијата која ја извршува и не само тој, туку заедно со него и сите оние кои и кумуваа на ваквите валкани дејанија, особено неговиот многу близок соработник, довчерашен бранител на македонштината и на македонскиот јазик, а сега главен трговец за распродажба на торбеши, како што тој често знае да не нарече, потсекретарот за основно образование Ѓорѓи Илиевски, кој патем, не знам кога ја зборуваше вистината, тогаш кога со јавни реакции беше против турцизација на овие простори, кој, всушност е и потписник на заедничкото барање од сите политички фактори од Дебар, како и од Одборот за опстанок на Македонците, доставено до највисоките државни институции и јавноста во учебната 1995/96 година, со кое се бара смена на тогашниот потсекретар за основно образование, само затоа што се сакало да се изврши тестирање на децата, како што и стои во тоа барање во точката 1 и се барало укинување на одлуката на наставничкиот совет на Основното училиште "Нецати Зекирија" од Коџаџик, со која се прифатени децата со мајчин македонски јазик од Долна Дебарска Жупа, на настава на турски јазик. Или сега, кога се наоѓа токму на тоа место и со директно свое учество го реализира она, што всушност, не го направиле Турците во сите 500 години, колку биле во овие простори. И, ги распродава оние со кои до вчера беше. Жупа не ваш пашалук, господине министер.

Моето вакво верување беше втемелено и на надежта, дека сепак партијата на која и припаѓа актуелниот министер, ги прати и ги анализира неговите нечесни игри, особено во Западна Македонија насочени кон делот на Македонскиот народ, кој припаѓа на исламската религија, што претставува злосторство врз децата заради парцијални верско политички интереси, од кои единствена корист им носат на коалициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ, а политички противник кој на големо почна да ги собира плодовите во Западна Македонија, со уверување дека сепак сето тоа е заслуга на нив и на нив блиската Демократската партија на турците. Се разбира од тие причини претседателот на таа партија е активен член и во изборниот штаб, барем така беше објавено во средствата за информирање, што според мене значи директно делување против сопствениот кандидат за претседател на Републиката. Но, тоа е работа на неговата партија и јас верувам дека со оваа моја дискусија валканиот мозаик на министерот Ненад ќе се комплетира и игрите и ујдурмите на овој министер ќе можат да ги видат и врапчињата.

Но, заради вистината за повторниот геноцид на Македонскиот народ, не ми беше многу тешко да се подготвам за денешната седница за дискусија и како и секогаш сакам со аргументи да ги изнесам моите видувања на некои активности преземени од министерот Новковски, кои се општествено и национално опасни и штетни, насочени против интересите на Македонскиот народ, поточно на еден негов дел, кој што во одреден период од историјата на Македонскиот народ го примил исламот како своја религија и до ден го негува и го почитува како нешто многу свето, но и ги задржал основните обележја како припадници на Македонскиот народ, а пред се чистиот македонски јазик како мајчин јазик, традициите, обичаите и се друго што го краси еден народ. Народ, кој, главно, живее и твори во Западниот дел на Република Македонија, долж македонско -албанската граница во ридско планински и неразвиени подрачја. Народ, чија бројка денеска изнесува 150.000 и кој отсекогаш бил предмет на интересирање на разни верско - политички субјекти, насочени кон распарчување на македонското ткиво и територијата на Република Македонија. Асимилирање на еден негов дел, во нешто што никогаш не било нивно, а се со една единствена цел овие простори на Западна Македонија, што помалку Македонци да има, па макар тие би се декларирале како Албанци, Турци, Муслимани или било што друго, само не Македонци.

Се разбира сето тоа се прави со однапред направени математики, така што бројот на националностите се зголеми за одредени бројки, а после да се презентираат сосема неточни податоци пред македонската и меѓународната јавност, притоа наголемо злоупотребувајќи ја исламската религија, особено кај верниците, а фрлајќи ја во ендек националната припадност, како нешто воопшто неважно.

За жал, често пати во вакви валкани општествено штетни и опасни појави, насочени против сопствениот Македонски народ, учествувала и во тој период актуелната власт. Па така, се јави големата преселба на етничките Македонци во Турција во периодот од 1950 до 1960 година, кога само од просторот на сегашна Река се иселија голем број на лојални граѓани на оваа држава. Така, нивниот број во разни градови во Турција изнесува околу 30.000, а од целата Република Македонија нивниот број е повеќе од 200.000 граѓани, кои повеќето се веќе родени во Турција и денес го зборуваат чистиот македонски јазик и ги негуваат вековните традиции и обичаи на Македонскиот народ.

И, како што обично бива, домовите и имотите на вака раселените Македонци ги запоседнаа дојденци од други држави, особено од СР Југославија, поточно од Косово и така на чисто македонски села им го сменија и демографскиот состав, како на пример Горно Врановце - Велешко.

Со појавата на плурализмот и демократските процеси, ние најпосле видовме искрена надеж за нашата судбина. Почувствувавме дека најпосле не ќе треба да се додворуваме на сопствениот народ. Дека ќе бидеме прифатени како свои на своето во својата матична држава, како лојални граѓани, кои за разлика од некои со повеќе резервни држави, ја имаат само единствената своја Република

Македонија. Особено, ваквите наши надежи беа посилни со ветувањата дадени во предизборието, посебно од најголемата партија која сега е на власт и која во програмските определби е децидна дека, Македонците со исламска религија се неделив дел на Македонскиот народ. А, не како што сака да не нарече министерот Новковски определена група.

Но, за жал и сега денес констатираме дека повторно поединци на високи државни функции, не само во континуитет што продолжуваат со наша денационализација, туку тој процес го забрзуваат со уфрлување на менувачот од прва во четврта брзина и со административни државни мерки спроведуваат голема распродажба на сопствениот народ. Ѓ

Па, така, сега во Министерството за образование и физичка култура, може за багателни цени да се купат неколку торбеши. Ако почнете и да се пазарувате и ако сакате како кванташки да купите повеќе, е тогаш цената уште повеќе се намалува. А, сето тоа во реализација на Ненад и Ѓорѓи.

Како резултат на големите далаверски способности, се родија Жировница, Октиси, Жупа, Лабуништа, Гостивар. Јас би сакал за сите овие да кажам по неколку збора. Најголемото населено место во регионот на Река, селото Жировница, место со околу 3.000 жители, претежно македонско населени со исламска религија, почетокот на 1999/2000 година ја дочека со огромно разочарување, голема напнатост и крајна недоверба кон Министерството за образование и физичка култура, поточно кон министерот Ненад и потсекретарот за основно образование Ѓорѓи. Граѓаните се крајно револтирани и само скромноста и желбата децата да не се инволвираат во нечесните игри на министерот, не натера да не применуваме мерки на негодување, бојкот и слично, иако барањата на родителите беа се поголеми. Имено, се работи за населено место, кое од памтивека било наклонето кон сопствената матична држава, со население, кое исто така, од памтивека немало ама баш никакви потешкотии околу сопствената идентификација како Македонски народ. Заради што секогаш Жировница била истакнувана како пример на населено место, кое знае да си ја чува и негува сопствената религија, но исто така и вековните традиции и обичаи како неделив дел на Македонскиот народ. Е, арно ама, баш во тоа село не снајде несреќа. На одредени стратези на кои ваквата Жировница и сметаше, за реализирање на мрачни замисли на овие простори, им падна на памет дека баш тука, каде се и најприсутни пречките за реализација на таквите замисли треба да се удри. И навистина далеку од здравиот разум, се удри силно, остро и болно и право во ребра како би рекол народот, притоа ни се издиша воздухот, но сепак бргу се вративме во живите, а сето тоа и овој пат во режија ка големите Македонци, Ненад и Ѓорѓи, луѓе кои решиле по секоја цена да биде по нивно па макар и тоа било погубно за сопствениот народ. И така од само на нив познати причини Централното основно училиште "Јосип Броз Тито" на почетокот на оваа година, поточно во август за в.д. директор беше именуван човек од чисто албанско етничко потекло, на кого сопствените деца му учат на албански јазик, еден од организаторите на бојкотот на наставата во 1996 година кога се бараше настава од прво до осмо одделение на албански јазик, иако тогаш бројот на децата беше недоволен, заради што и неколку ученици ги изгубија и по две години настава.

Големиот активист на ПДП на минатите парламентарни избори, кога собирајќи гласови за нивниот кандидат често нудеше и пари, на големо критикувајќи ја партијата ВМРО-ДПМНЕ и залагајќи се за собирање гласови на пропорционалната листа на СДСМ. Наставник кој од 1995 година само повремено бил ангажиран во наставниот процес и сето тоа му било доволно да манифестира сила, закани и уцени кон учениците. Чести отсуствувања од работа, заради што Наставничкиот совет на 16.11.1998 година му изрекува писмена опомена. А, сега прогласен како лојален член на ВМРО-ДПМНЕ, во што јас искрено се сомневам, совесен наставник, па дури и на неколку пати, како човек од мешан брак, што се разбира се големи лаги и малверзации. И така, таквиот наставник за инает на Жировничани, а по ќеф на министерот Ненад и потсекретарот Ѓорѓи, ако понатаму треба ќе кажам по која линија е сето тоа направено, ни едно ни друго, туку се именува за в.д. директор.

И, сепак, за да се потврдат нашите стравувања дека сето тоа е смислена игра за отпочнување на однародување на Македонскиот народ во овие простори, се погрижи именуваниот в.д. директор, па така на дрзок и не цивилизиран начин, по налог на потсекретарот за основно образование Ѓорѓи Илиевски, се собираат сите слики од училишните простории на патронот на ова училиште. Наместо претходно по нивна желба се промени името на истото и белким нема да им текне да го именуваат со име, како на пример, Невруз Рушани, последниот директор Албанец во ова училиште во далечната 1943 година и истите се расфрлаат по селските сокаци.

Но, има и нешто друго многу по опасно и по страшно. Имено, во оваа учебна година во паралелките на албански јазик, има вкупно 11 дечиња. Но, за да може во наставниот процес да има што повеќе наставници на албански јазик, во прво одделение, господине министер, се запишуваат со агитација кон родителите уште три дечиња и тоа едното на возраст од 5 години и две на возраст од по 6 години.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

И, повторно заради вештачко зголемување на бројката се запишуваат и два ученика во трето одделение, кои уште на почетокот на месец август о.г. заминуваат фамилијарно во Италија, како и се запишува еден ученик од друго село кој учи во друго училиште и

до ден денешен ниту еден ден не е дојден на настава во училиштето во Жировница. И, така сега наставата се изведува во две комбинирани паралелки, со два наставника, а фактички се само 11 ученика, што е спротивно на одредбите од Законот за основно образование, каде е предвидено бројката од најмалку 20 односно 21 ученик. Со кого, но кога се во прашање нечии интереси ќе му дојде како она "со Ненад и Ѓорѓи се е можно".

Голема неправда кон сопствениот народ министер Новковски, дури не сакавте ни отворен разговор со месната заедница и одборот на родителите од Жировница. Па, белким не мислите дека нив ги сочинуваат овците и козите, па белким знаете барем толку дека се работи за нивни деца, кои треба да се воспитуваат и школуваат под раководство на Вашиот миленик. Се разбира кадровската политика ја водите Вие, но сепак и во Ваш интерес е да знаете дека и во овие населени места живеат луѓе лојални на Република Македонија, чувари на нејзината државна граница и заштитници на македонштината во овие простори. А, пак, можеби и тоа Ви смета.

Најголемото село во кое живее македонско население со исламска религија, со 7 илјади жители е селото Лабуниште, кое исто така беше жртва на валканите игри на ова министерство, односно на министерот, така што на 7.О5.1995 година со решение беше разрешен еден од основачите на процесот на осознавање на овој дел на Македонскиот народ г-динот Адем Тафиловски, а на негово место според меѓу партиските договори поставен човек од ДПА. И, сето тоа за смена на една детска градинка во Струга.

Во ова училиште со 1300 ученици и со уште 170 во подрачните училишта во Боровес и Ташмаруништа, отсекогаш наставата се изведувала на мајчин македонски јазик, но сега со градоначалник на ПДП и директор на ДПА може многу брзо, а веќе и се најавува да се очекува воведување на настава на албански јазик. Нешто слично е направено и во селото Октиси каде е сменет, исто така човек активист и носител на македонштината, совесен просветен работник во овие простори, заради што всушност родителите и ден денеска штрајкуваат, а не како што сака министерот да го прикаже тоа дека е штрајк на дел од наставниците.

Нешто слично се случи и во Средното Економско училиште во Гостивар "Чеде Филиповски". Се работи за училиште во кое учат околу 1100 ученика, од кои повеќето од половината учат на македонски наставен јазик и од неговото основање 1957 година до ден денешен во ова училиште и според тогашните делби и поделби на раководните места во оваа мешана општина, директор бил Македонец, но на 7.05. именуван е директор Албанец, односно нов директор, кој што всушност освен неколку дена под притисок на родителите, знаете таму се штрајкуваше поднесе неотповиклива оставка, за да во почетокот на годината, до 01.09. оваа година, таму не биде поставено ниту едно одговорно лице, па така сведителствата и дипломите беа потпишувани од раководителот на подрачната служба за образование во Гостивар.

И, најпосле, големата несреќа во оваа држава - Центар Жупа. Регионот на Жупа, Дебарско, последниве денови претставува почеток на крајот на Македонците во Западна Македонија. Претставува гробница на македонштината во овие простори. Место каде дефинитивно со кумување на министерот Ненад започнува процесот на брза денационализација и асимилација на Македонскиот народ. Но, за да биде работата до крај јасна за сите нас во оваа сала и на целата македонска јавност и многу заинтересирани меѓународни институции, дозволете ми една мала хронологија на настаните.

Имено, проблемот се отвора на крајот на учебната 1991 - 1992 година, мај - јуни, кога од некаков одбор на група родители од центар Жупа - Дебарско во Министерството за образование и физичка култура, пристигна барање за учебната 1992/93 година нивните деца наставата во прво одделение да се организира и изведува на турски јазик. Во образложението тие наведуваат дека се Турци и затоа бараат. Како резултат на ова барање во месец септември 1992 година, вакви слични иницијативи се јавија и во Пласница и Прегово, Македонски Брод, Лисичани и градот Кичево, Урвич и Јеловјане- Тетово, Долно Количани -Скопје и Лажани и Пиштачево - Прилеп. Во сите овие средини од памтивека наставата се изведувала на мајчин македонски јазик. Сето ова поттикнато и бурно пратено од тогаш демократскиот Сојуз на турците, а во Жупа и општината Дебар тогаш составена од мнозинство пратеници од албанските политички партии. Сето ова во функција на идејата за што помалку Македонци на овие простори, па макар тие да бидат и турци свесни дека треба да се почне со одземање на мајчиниот јазик, а после тоа, се разбира, се е полесно за целосна турцизација.

Тука е важно да се каже дека одборот го сочинувале родители кои воопшто не го познавале турскиот јазик и зборувале на чист македонски јазик и сето тоа го барале во името на членот 48 од Уставот на Република Македонија.

Тогашното Министерство за образование и физичка култура, во многу контакти со родителите настојувало да се разјаснат работите притоа укажувајќи, дека се бара нешто што е спротивно и на Уставот и на законите на Република Македонија, како и на меѓународните стандарди.

На покана на ова министерство во месец јули 1992 година остварен е престој и непосреден увид на теренот од страна на професорот Џеф Морис, образовен експерт од Велика Британија, кој тогаш беше претседавач на Конференција за поранешна Југославија при Европската заедница, кој консултирајќи и одделни документи, декларации и

повелби на Унеско и Организацијата на Обединетите нации, Европскиот совет и сл., во својот Извештај за студиско советодавната посета на Македонија наведува: "Да се допушти децата да учат на непознат јазик сигурно ќе му прави лоша услуга на  нивното општо образование се додека тие не стекнат вистинска компетентност во однос на јазикот. Што се однесува пак до политиката на наставата таа е коректна". И така по разно разни притисоци, закани и уцени се роди протесниот митинг на 28.09.1992 година во Долна Жупа, на кој е изнесена закана дека на 30.09.1992 година насилно ќе се влезе во училиштето со оневозможување на воспитно образовната дејност и насилно исфрлање на директорот, помошникот и педагогот. Само да потсетам дека тогашен педагог беше сегашниот потсекретар за основно образование Ѓорѓи Илиевски. Патем да напоменам дека тогаш јавно кажа дека, ако се дозволи настава на туѓ турски јазик ќе поднесе оставка на неговото работно место.

Владата констатирајќи дека се работи за сериозен проблем одржала вонредна седница на 29.09. и со конкретни заклучоци ги задолжила ресорните министерства да преземаат соодветни мерки после што тензиите беа значително намалени и се овозможи наставата да се одвива во нормални услови. Тогаш беа формирани и нелегални паралелки во прво одделение, кои настава изведуваа во селската џамија без наставни програми и од нестручни лица.

Владата потоа формира стручна група со стручни лица од различни образовни институции и претставници од заинтересираните родители, со цел да се утврди стручната аргументација за евентуално воведување на настава за изучување на турскиот јазик како факултативен предмет, според моделите кои одговараат на психофизичкиот развој на децата, притоа имајќи ги предвид психолошките аспекти за изучување на непознат јазик.

Состојбата повторно ескалирала на 28.12.1992 година кога група на ученици поттикнати од нивните родители насилно влегле во училиштето и ја попречувале наставата на учениците кои континуирано ја следеле. Ова се повторувало уште на неколку пати.

На 8.01.1993 година одржан е нелегален собир на група наставници кои го поддржувале барањето за изучување на не мајчиниот турски јазик и се донесени соодветни заклучоци, меѓу кои и разрешување на тогашниот директор и именување нов. Воведуваше настава на турски јазик од второ до осмо одделение и отворање на три паралелки на турски јазик. Тука да се напомне дека, цело време бројот на оние кои ја бојкотирале наставата бил околу 60 ученика од вкупно 450. После тоа уште на неколку пати биле остварени контакти со родителите и претставници на Собранието на Општина Дебар и притоа било расправано за вршење проверка на знаењето на децата на турскиот јазик и за оние кои го познаваат да се организира настава на турски јазик врз основа на сознанијата и препораките на стручните експерти.

Владата на својата 33-та седница, одржана на 8.02.1993 година повторно расправала по ова прашаше и донела соодветни заклучоци според кои треба да се организира настава за сите ученици кои, како и да се формира група од 12 стручни работници на Педагошкиот завод на Македонија, што значи за секој предмет по еден стручен соработник и истата на 22.02.1993 година го посетила ЦОУ "Моша Пијаде" Центар Жупа, со задача да се организира скратена настава на учениците од прво до осмо одделение за завршување на школската година.

И така барањата на родителите од година на година се повеќе и повеќе спласнувале веројатно од грижа на совеста и сознанијата дека сепак со нив политички се манипулира.

Во текот на учебната 1996/97 година од вкупно 60 училишни обврзници 25 се запишале во прво одделение на македонски јазик со најава на уште 15 да се запишат.

Во текот на 1996 година комплетна информација потпишана од тогашниот министер д-р. Софија Тодорова била доставена и до Министерството за надворешни работи и преку нив до Високиот комесар за национални малцинства г-динот Макс Вандер Штул. Ваквите ставови на Владата во согласност со Уставот и законите биле дадени и како одговор на пратеничкото прашање поставено од тогашниот пратеник поставено во Парламентот г-динот Газменд Ајдарага.

Барајќи правна заштита за своите нелегитимни барања, дел од граѓаните поднеле тужби и до Врховниот суд на РМ за молчење на администрација и истиот сите поединечно ги има одбиено. Тука имам и наброено неколку поединечни случаи. Смирувачки тонови се почувствуваа и во наредните години, така што еден голем дел од родителите согледувајќи дека со нив на големо се манипулира од верско - политички интереси, почнаа да ги пуштаат децата на настава на мајчиниот македонски јазик но еден помал дел и понатаму продолжи со бојкотирање на наставата и посетување настава во други училишта, каде што всушност и од порано се изведува настава на турски јазик, основното училиште "Неџати Закирија" во Оџаџик, па така во учебната 1998/99 година бројот на оние кои ја бојкотираат наставата на македонски јазик беше околу 10%, односно околу 40 ученика.

Кога сум тука само да напомнам дека од памтивека во овие простори наставата се изведувала на мајчин македонски јазик, па дури и Обласниот народен одбор од Битола со свое писмо од 1944 година доставено до Општинскиот народен одбор, Просветен одбор - Ростуше со кое укажува, цитирам, тоа писмо го имам може кој сака да го види "Таму каде се јавува како говорни мајчин јазик турскиот и арнаутскиот, таму наставата ќе се врши на одговарајуќиот говорен

јазик. А таму каде што како говорни јазик се јавува македонскиот, иако се турци или арнаути, таму наставата се врши на македонски".

Ова е хронологијата на настаните за проблемот Жупа. И сега кога практично почнаа на големо да се смируваат работите и проблемот да се затвара што се случи?

На 31.08.1999 година министерот Новковски носи решение број 1062/19 за изведување на настава, така стои во решението, на мајчин турски јазик за учениците од Општина центар Жупа во Основното училиште "Моша Пијаде" Центар Жупа. Решението кое во себе содржи многу невистини и фалсификати, решение кое значи дефинитивно со административен акт отпочнуваше денационализација на Македонскиот народ.

Прво, во ова решение самоволно се негираат сите досегашни констатации од стручни домашни и странски експерти, дека во Жупа мајчин јазик е македонскиот јазик, а не турскиот.

Второ, се доведува во заблуда целокупната македонска и пошироката јавност, а особено Владата која по негово барање на седницата одржана на 10.08.1999 година, го повлекува заклучокот на поранешната Влада, затоа што во наведеното решение истиот се повикува на пресудата на Врховниот суд на Република Македонија И Бр. 1701/98 од 18.11.1998 година и истата ја третира како пресуда за воведување на турски јазик во ова училиште, а всушност наведената пресуда до ден денешен ниту е потпишана од некој судија во Врховниот суд, ниту е излезена од таа зграда, ниту заинтересираните странки ја имаат добиено. Всушност, истата се однесува дури и според наши сознанија за молчење на администрацијата и ништо друго, а сепак министерот се повикува на ваква пресуда. Жално.

Сосема на крајот по ова прашање.

Македонскиот поет Саме Жрновски трогнат во својата душа од настаните во Жупа, во текот на 1995 година напиша една прекрасна песна, која се вика "сентиментална песна за децата од Долна Жупа – Дебарско". Ќе ми дозволите само неколку стихови да цитирам. Секако дека вистинската вредност ќе може да се вдушне, ако истите ги рецитира колешката Валентина Божиновска, но јас ќе се обидам да Ви дочарам што сака да се каже.

Уште во татковите жили шепотот им е македонски.

Кога излегуваат од мајчината утроба, плачат на македонски.

И чекорот на заодувањето им е по ритмот на оро македонско.

Пресечете им ги ножичките и сакати ќе се влечкаат по македонски.

Стиснете им ги образчињата румени, од нив ќе исцедите преполни кобили крваво млеко македонско.

0, бездушници проклети

Оставете ги намира џагурињата од Жупа

Мајчиниот говор нека им гргори во грлата и

Ѕвездите господови ќе Ве почестат со благослов македонска.

За сето досега направено може да Ви се каже "аферим Ефенди Ненад", белким не се работи за враќање на јаничарството во овие простори, а Вие припремете се добро за големата стамболска свадба организирана во Ваша чест за Новата година во Жупа.

А, Вие почитувани пратеници за да ги почувствувате маките и јадовите на ова население Ве повикувам сите до еден барем еден ден да поминете во некое населено место во овие простори и ќе се уверите дека сето досега кажано е голема вистина која произлегува од душата на македонците во Западна Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Љатиф Пајковски.

За збор се јави процедурално г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-динот Пајковски јас го слушав со големо внимание.

Во поголем дел од неговото изнесување човекот е во право, меѓутоа за некои патетични....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине јавени сте за дискусија...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ве молам дајте ми да завршам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете процедурално говорете што погрешил во процедурата, затоа што се јавувате за збор кажете го тоа тогаш.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За збор сум се јавил и ќе дискутирам, меѓутоа во едно тој греши. Го спомна средното економско училиште во Гостивар "Чеде Филиповски", каде што беше Томче Тодоровски директор. За Томче Тодоровски јас немам ништо што да кажам, бидејќи во тој колектив сум работел и јас, можам само едно нај, нај, меѓутоа Томче Тодоровски тука наследи една лоша образовна политика во тоа училиште. Откога е тоа основано заправо ние до 1974 година сме имале само по една паралелка и тоа мешана и никако повеќе.

(Реагирање на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, не е процедурално. Се работи за мислење.

Јавете се за збор и ќе зборувате тогаш.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, членови на Владата, почитувани колеги, по дискусијата на

колегата Љатив Пајковски, јас се чувствувам лично непријатно, затоа што сакам да кажам во врска со точката од дневниот ред, веќе сега ми изгледа така безначајно, во однос на сето она што укажа пратеникот Пајковски.

Како што знаете, со реформите на политичкиот и економскиот систем во државата, се почна веднаш по нејзиното осамостојување.

Покрај основните цели, за демократизацијата на општеството, за создавањето на услови за остварување на основните човекови права и слободи и правата на националностите, воспоставувањето на правната држава, воведувањето на пазарната економија и создавањето на условите за поголема ефикасност во сите области. Овие реформи беа пред услов и за забрзување на процесите за целосна интеграција на Република Македонија во евроатлантските политички, економски и одбранбени структури. Затоа и законите, со кои што се дефинираат задачите и се уредува функционирањето на овие системи, редовно ги усогласувавме со легислативата на Европската унија.

За разлика од сите држави, кои што поминуваа низ слични процеси на транзиција и кои со одлуката на Европската Унија, донесена на Самитот во Амстердам, уште во 1993 година, беа вклучени во така наречената претпристапна стратегија на Унијата и под тој основ, обилно помагани и на финансиски и на стручен план, Република Македонија, заради познатите проблеми со меѓународното признавање, остана надвор од таа стратегија и сите овие реформи, како што знаете, ги туркаше со сопствени потенцијали. Затоа, за тие реформи, кои што до сега ги извршивме и платившме многу повисока цена, од онаа што ја платија другите земји во транзиција и тоа директно го почувствуваа и сите наши граѓани на својот грб.

И покрај тоа, останувајќи цврсти на реформите и вложувајќи големи напори, успеавме да го надминеме недостатокот, од периодот кога немавме, ни дипломатски односи со Унијата, а камоли соработка и во некои области дури да постигнеме и поголеми резултати на полето на реформите, од оние што беа постигнати во земјите во транзиција вклучени во стратегијата и помагани и финансиски и стручно, како што реков, од членките на ЕУ.

Тоа беше случај и со реформите во образованието, кое по дефиниција, како што знаете, е најконзервативен систем, кој не трпи брзи реформи, а камоли експерименти, поготово непромислени, како што оние што беа направени во 70-тите и во 80-тите години, еве се прават и денеска. Во секоја држава, образованието е столб и движечка сила и на севкупниот развој и на прогресот. Може да биде најисплатливата инвестиција. Меѓутоа, може да биде и најпромашената, ако со не соодветни реформи, или експерименти се влегува во системот и на тој начин, се осакатат генерации и генерации на млади луѓе.

Затоа, како систем, образованието и се гради и многу внимателно и постапно. Затоа реформите во него долго време се обмислуваат, се анализираат, се тестираат. Тоа посебно важи за високото образование, за Универзитетот, кој почива на долги традиции, кој се надоградува филигрански, чекор по чекор.

Познато е дека, ниеден систем не зависно од тоа колку е комплексен, или конзервативен, не може да функционира, а камоли да се развива, ако не е поставен на добри концепциски основи, ако не е усогласен со современите трендови, со потребите кон државата, со таквите системи на другите држави.

Се до експериментите во 70-тите години во високото образование и експериментите од 80-тите години во средното образование, кога тој дел, или тој степен од образованието, практично, целосно беше шуваризиран, независно од политичкиот и економскиот систем на државата, во тоа време, може да се каже дека ние имавме ефикасен систем на образование. Тие експерименти осакатија повеќе генерации и на свој начин негативно се одразија и влијаеја и врз ефикасноста и на политичкиот и на економскиот систем во државата во тоа време.

Токму од овие причини, по осамостојувањето, повеќе години образованието кај нас беше изложено на сериозни стручни анализи, кои покажаа дека треба да се расформираат сите негови степени, почнувајќи од најнискиот, предучилишното и основното образование, највисокиот, универзитетското образование. Внимателно во тие години се градеше концептот за реформите и следејќи ги современите трендови, глобализацијата на економијата и на тој план, пред се, глобализацијата на образованието во целина. Без поголеми потреси и потешкотии, веќе се реформираше основното и средното образование. На тој план, како што Ви е познато, преостанаа уште реформите на средното стручно образование.

Едновремено многу внимателно, како што тоа се прави на секаде и со примена на предостројжност, се градеше концептот на реформите, во сферата на високото образование. Беше отворена широка јавна расправа, во која учествуваа и наставниците и родителите, во која учествуваа и стопанствениците и нивните асоцијации и организации. Се изготвија повеќе од 12-тина верзии на Предлогот за донесување на законот за високо образование. Предлогот за неговото донесување, ова Собрание го разгледуваше на една од своите седници уште во ноември 1995 година. Се донесе заклучок, со

кој се прифати или утврди потребата од негово донесување и се задолжи Владата да ја подготви конечната верзија на Предлогот на законот.

За реализацијата на овој заклучок, Министерството за образование формира стручна екипа од истакнати професори, на двата Универзитета, од претставници на Сојузот на студентите и повеќе институции и организации во државата.

Во Предлогот на законот, што го подготви оваа група, навистина беа внесени повеќе предлози на нашите експерти и институции, но и многу туѓи, во практиката веќе проверени решенија.

Со цел, со новиот закон да се обезбеди и компатибилност, со европските норми и стандарди, се организираат експертски расправи и со претставниците на Советот на Европа, посебно со експертите носители на програмата за законодавна реформа во високото образование и научно - истражувачката работа и такви расправи се одржаа во јули 1996 година во Скопје, во октомври 1996 година во Стразбург, во март 1996 година во Скопје и во јули 1996 година повторно во Стразбург.

Сугестиите и предлозите, од овие расправи, речиси во целост беа вградени во Предлогот на законот и решенијата, во него во голема мера се усогласија со основните европски документи, кои ја регулираа оваа витална дејност од јавен интерес. Така предлогот беше усогласен со стандардите од Конвенцијата за заштитата на човековите права и слободи, Европската конвенција за општа еквивалентност на времетраењето на студиите, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Лисабонската конвенција за признавање на дипломите, Европската повелба за регионалните и малцинските јазици, документите за финансирањето на државните високо образовни установи и друго.

Покрај тоа, се вградени решенија, со кои се утврди дека целокупната високообразовна дејност е од јавен интерес, со кој се конкретизира уставната определба од членот 4, за автономијата на Универзитетот, од неповредливоста на неговата територија, до остварувањето на образовната, научно истражувачката и уметничката дејност и креативност, изготвувањето и донесувањето на образовните и научно - истражувачките планови и програми, изборот на наставно - научен персонал, на научните работници, утврдувањето на условите и критериумите за запишување на студентите, остварувањето на издавачката дејност, меѓународната соработка и т.н.

Понатаму, се создаде законска регулатива за едуцирање на воспитувачи и наставници за предучилишното и основното образование на јазиците на националностите. Се создаде законска основа за формирање на приватни факултети и академии во, или вон државните Универзитети. Се создаде законска основа, како што знаете, за формирање на странски, високо образовни институции, на еден од странските јазици и целосно се дефинира процедурата и субјектите, кои што можат да формираат такви странски, високо образовни институции. Се дефинираа новите оргинерни надлежности на Универзитетот, новите органи на управување, на начин како што е уредено во сите Универзитети со долготрајни традиции и се уредија најзначајните прашања за развојот на образованието, преку донесување на Програмата за високо образовната дејност, од страна на ова Собрание, за финансирањето, преку формирањето на Републички фонд за образование и за управување со имотот на Универзитетот.

Далеку од тоа дека решенијата, што беа вградени во конечната верзија на Законот за високо образование се идеални и дека нема простор за нивно натамошно подобрување, дополнување или за нивна измена.

Сепак, после неколку годишна работа, вложен туѓ труд и наши познавања и искуства, проектот беше доведен во завршна фаза и беше поддржан од експертите на Програмата за законодавни реформи во високото образование на Советот на Европа.

Меѓутоа, по доаѓањето на министерот Новковски, Проектот на кој што работеа, неговите колеги, универзитетски професори, па можам да кажам и неговите партиски колеги, со оглед на тоа што на верзиите на Законот за високо образование, работеа професори, кои што јавно се декларираа, или како членови на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, или членуваа и се уште членуваат во Советот на интелектуалците на ВМРО-ДПМНЕ, во кој што работеа претставниците на студентите, на експертите на Советот на Европа, едноставно, без многу размислување, да се послужам со терминологијата на министерот Новковски, беше прогласен како проект за рецидив од минатото. Законот, или Предлогот на законот за високо образование од тоа време за високо образование, едноставно повеќе не се споменува.

Министерот, кој амблок, ги отфрла решенијата од минатото, независно од тоа, дали се добри или лоши, во своите изјави се почесто се навраќаат на постојниот Закон за насочено образование и тоа токму на одредбите за управување, кои во него се решени на самоуправен начин и како такви навистина, се рецидив од минатото и треба прво тие да се изменат, а не да се надоградуваат и одново промовираат.

Впрочем, под притисок на таквите реални потреби и универзитетите и

факултетите, без законско покритие, заради тоа што се уште на сила Законот за насочено образование, извршија примени, токму во областа на управувањето.

Ако е коегзистентен министерот во своите изјави и ако тие се одраз на неговиот концепт за промените во високото образование, тогаш од нив може да се заклучи, дека се за држава само на некои козметички промени на постојниот Закон за насочено образование, врзани за изборот на наставниците, а именувањето на деканот, партиципацијата на студентите, а со што, само ги дезавуира гаранциите за автономноста на Универзитетот, токму по овие прашања, а не навлегува во суштинските проблеми, во тоа што е императив за реформите на високото образование, а тоа е создавањето на потребната современа законска основа за нив.

Уште повеќе, со своите, често, контраверзни изјави, се создаваат само нови конфузии и кај наставниците и кај студентите и на универзитетите и на факултетите.

Универзитетите се обидуваат, сами да извршат промени во своите статути и спогодбите за одржување и да ја надминат состојбата на парализираност во која, како што реков се најдоа, заради отсуството на законски решенија, кои ги регулираат и овие прашања.

Одговорноста на Владата, ресорот за образование и неговиот прв човек, за ваквите состојби во високото образование е очигледно. Посебно, заради тоа што, од доаѓањето на новата Влада, воопшто не се споменува Законот за јавните установи, без чие донесување исто така, не може да стане збор, за било какво, а не за навремено и успешно завршување на реформите во оваа сфера од образованието од јавен интерес за сите граѓани на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ханџиски.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, со оглед на тоа што на претпоследниот дискутант не му беше овозможено да ги изнесе своите процедурални забелешки, во однос на текот на расправата, а ова не е прв пат кога ги води седниците господинот Стојановски, да се одзема збор и да не му се дава можност на пратеникот да ги изнесува своите ставови, од тие причини Пратеничката група на ПДП бара пауза од 15 минути, заради консултација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За тоа, дали ќе дадам збор или не, со седницата раководам јас.

Ако имате потреба да се консултирате, излезете, консултирајте се, седницата продолжува.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине Стојановски, ова е насилнички начин на водење на седницата.

Ова не е својствено на ова Собрание на овој начин да продолжи.

А секогаш кога се бара пауза, во име на Пратеничка група, паузата се дава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прочитајте го Деловникот што пишува, ако некому му е ускратено правото.

Пратеничката група ако има потреба, нека оди.

Да не биде, да се надмудруваме овде, чисто од колегијална основа, не од основа на Деловникот, од моја колегијална основа, имате пауза од 15 минути.

(Пауза од 12,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,20 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Процедурално господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, дозволете ми накратко да ги изнесам ставовите на пратеничката група во однос на начинот на работа на Собранието во досегашниот тек, по однос на оваа точка и причините поради баравме пауза од петнаесетина минути.

Пратеничката група на ПДП смета дека досегашниот начин на водење на седниците на Собранието не дозволува доволно почитување на одредбите на Деловникот и овозможување на изнесување на ставовите на пратеничките групи и пратениците одделно за одредени прашања, дотолку повеќе за прашање меѓу поважните како што е интерпелацијата за работата на министерот за образование.

Ние сметаме дека грубо се прекршени деловничките одредби оневозможувајќи на пратеникот Сејфедин Харуни да ги изнесе своите ставови по однос на текот на расправата и сметаме дека господинот Томислав Стојановски во досегашниот тек на работата на Собранието не ретко преку своите ставови покажува одредена доза на аверзија кон ставовите на пратеничката група на ПДП и како таков се принудува да ги задушува пратениците и текот на расправата, која доаѓа како израз на соочување на аргументите за одредени прашања.

Како пратеничката група на ПДП во неможност прецизно да се повикуваме на одредбите на Деловникот, со оглед на тоа што Собранието не располага со нов Деловник за

работа, ќе побараме од претседателот на Собранието пред наредната седница на Собранието да се свика координација меѓу координаторите на пратеничките групи за да се договориме за натамошниот начин на водење на седниците и личностите кои ги определува согласно Деловникот, претседателот во негово отсуство за продолжување на седниците.

Трето, со оглед на тоа што на дневен ред е многу важно прашање, како што е интерпелацијата за работата на министерот за образование и нашиот огромен интерес и интересот на јавноста да ги слуша нашите ставови по однос на една многу важна проблематика, како што е сферата на образованието, пратеничката група на ПДП ќе учествува во натамошниот тек на расправата и ќе ги изнесува своите ставови по однос на овие прашања, додека забелешките по однос на начинот на водење на Собранието, ќе ги изнесува секогаш кога за тоа ќе има потреба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Михајло.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, со чувство на негодување и длабок револт ја доживувам интерпелацијата на почитуваниот министер проф. д-р Ненад Новковски, поднесена од страна на не комплетниот состав на пратеничката група на СДСМ.

Во моето искажување, почитувани пратеници, сакам во кратки црти да ги изнесам моите согледувања за ликот и активноста на почитуваниот министер проф. д-р Новковски, како и одговор за она што му се припишува како грев во поднесената писмена интерпелација.

Моето неколкугодишно соработување и дружење со професорот Новковски ми овозможи да го запознам и како стручњак во својата област и како карактер. Во струката како професор и научник од областа на физиката е без сомнение еден од најистакнатите во земјата како професор, голем педагог што умее да ги пренесе своите знаења на студентите, тоа можат да го потврдат самите студенти. Во поглед на оценувањето секогаш бил праведен и коректен. Во текот на неговата професорска дејност, немал ниту една забелешка, што може да се провери кај деканот и неговите колеги на Природно - математичкиот факултет каде што предава.

Како научник тој е еден меѓу најцитираните македонски научници во странската литература, што може да се провери во Рефералниот центар во Народната и Универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски" во Скопје, каде што јас лично сум ги пребарувал податоците.

Како карактер ми има оставено силен впечаток со својата чиста душа и огромен елан за работа. Него го красат и високите патриотски чувства. Таков човек се зафати да го води едно од најважните министерства, а тоа е образованието, во кое во текот на комунистичкото и пост - комунистичкото владеење на СДСМ е направен хаос, каков што впрочем е направено во целокупното општествено живеење.

Се знае образованието е едно од најчувствителните точки во општеството. Од образованието зависи какви луѓе ќе создадеме и какво општество ќе изградиме, дали општество на благосостојба и хумани, стручни, работливи и патриотски воспитани луѓе или општество на духовна и материјална беда, со полтрони, нестручни послушници, неработници, хулигани, наркомани и слично.

Со цел да воспостави извесен ред во безредието што владее во образованието, министерот Новковски презеде енергични чекори во земјата во замена на раководните кадри во образованието, кои со својата нагласена про - комунистичка и про - југословенска ориентација, вршеа огромна штета во високото образование во воспитно - образовниот систем во државата. Таа замена продолжувачите на старата излитена и штетна идеологија, предводена од поднесувачите на оваа интерпелација, ја зедоа за главен грев на министерот Новковски.

Зарем и натаму треба да дозволиме во директорските и наставничките канцеларии да висат сликите на Тито и да им кажуваме на младите генерации дека комунистичката идеологија и про - југословенската ориентација се најголемите вредности за нашето македонско општество.

За голем грев на министерот Новковски му се зема и укинувањето на приемните испити за запишување во средните училишта.

Почитувани пратеници, зарем не гледате тие беа правени со цел да се најде начин раководните структури да си ги запишуваат своите деца во по атрактивните училишта, како што се Медицинското училиште.

Што се случи оваа година во Медицинското училиште? Се пријавија двојно одлични ученици отколку што треба да бидат примени. Во таков случај без можност за претходни договори, поткупи, однапред решени тестови за поедини моќници, беше извршено ненадејно тестирање за да се изврши реална проверка на овогодишниот успех од 8-годишното училиште. Зашто сега во 8-годишните училишта 90% од учениците се со нереален одличен успех.

Во што е овде гревот на министерот Новковски, што изврши реална и праведна селекција на Медицинското училиште? Жал ми е, а верувам и на министерот што не можеа сите да се запишат, но тоа е тоа. Зарем за тоа да го обвинуваме и да му бараме интерпелација.

Што да кажеме за обвинувањата во случај на непромислениот експеримент наречен "Пекснас".

Прво, сакам во кратки црти да објаснам што значи овој експеримент и од кој е инициран. Со едноставни зборови тоа значи слободна настава кој што сака, кога може да доаѓа на час и што сака да учи и колку, а експериментот е инициран од анонимен просечен средношколски наставник кој до сега, барем мене не ми е познато, некаде теоретски да го фундирал. Секоја работа прво теоретски се поставува, а потоа практично се изведува доколку има теоретска оправданост.

Тој ментор на овој проект што и тогашниот министер за образование дали се запрашал во кој училишен систем во земјата или во светот овие ученици ќе се вклопат? Како и како ќе го продолжат своето образование, кога се знае дека во нашата земја, па и во целиот свет се бара завршено редовно регуларно средно образование и со полагање на приемен испит за соодветната висока училишна институција. На која висока училишна институција овие ученици ќе полагаат приемен испит? Можеби мислеле менторите на овој експеримент да се запишан на факултет без полагање на приемен испит, каде што ќе сакаат, макар да на тој начин нема да се направи кршење на законот и обесправување на илјадници други врсници што регуларно и редовно си го завршиле своето редовно образование.

Согледувајќи ги последиците од овој недоволно промислен експеримент, министерот Новковски сакаше навреме да ги вклопи овие ученици во регуларниот училишен систем во државата, за да не се појават како нерешлив проблем по 2 години, кога ќе затропаат на вратите на високо -образовните институции во државата или надвор од неа.

Тоа ли е грев почитувани дами и господа на министерот, кој сакал да ја исправи грешката направена од неговите претходници.

Понатаму го обвинуваат за лошата материјална положба на просветните работници. Сите знаеме дека, просветните работници се една од најслабо платената интелектуална работна сила во државата. Но, кој ги доведе во таква положба секако дека министерот Новковски не, туку бившиот владеачки режим, кој им овозможи невидени грабежи и затајување на данок на нивните стопански моќници и на тој начин ја испразнија државната каса, од каде се добиваа средства за образованието, а тоа има далекусежни последици за општеството во целина.

На крајот сакам да ви се заблагодарам драги колеги што ме ислушавте, а на поднесувачите им препорачувам да ја повлечат интерпелацијата и ако имаат срце и дух да му се извинат на министерот Ненад Новковски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, бидејќи моите колеги посебно професорите Батковски, Лазаров и Ѓорѓиевски зборуваа по опширно во одбрана на така наречените “гревови" направени од страна на министерот Новковски, а наведени во интерпелацијата, јас ќе бидам доста краток и ќе се осврнам само на еден дел од таквите обвинувања, т.е. така нареченото водење “војни", сменување на успешни директори и слично.

Како пример би навел едно училиште кое по многу нешта е доста специфично. Прво, се наоѓа во недоволно развиено подрачје, во кое учат некаде околу 300 ученика од I до VIII одделение. Имено, за што се работи?

Веднаш по смената на директорот во училиштето, стигна судско решение за наплата на околу 600 илјади денари на име трошоци за јадење на учениците, кои во име на вистината, редовно си плаќале за тоа. Исто така доспеани се фактури во вредност од околу 400 илјади, што значи вкупно милион денари долг, за училиште кое има едвај 300 ученици. Меѓутоа, што е другата специфика.

Што се однесува до сменетиот директор, тој е доскорашен долгогодишен претседател на Основната организација на СДСМ во Виница. Сега, дали се работи за сменување на успешен директор, јас не би сакал да дискутирам, би оставил на вас самите да оцените.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине Горанчо.

Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Интерпелацијата претставува демократски чин за проверка и успешноста на работата на секој еден министер и избран јавен функционер, од страна на Собранието на Република Македонија, така што и овој чин го сфаќам како можност да поразговараме за работата на еден министер, односно и за работата посредно на Владата на РМ.

Со оглед на тоа што слушнавме доста оценки за работата на министерот г-динот Ненад Новковски, дозволете ми да дадам свој оценки од аспект на пишаниот текст кој го добивме од страна на подносителите на оваа интерпелација. Тоа се група пратеници од пратеничката група на СДСМ.

Како прва точка што е образложена во оваа интерпелација е напуштање на

реформскиот курс на министерот Ненад Новковски, во системот на образованието во РМ.

Реформата како збор што значи, 6и сакала да кажам неколку свои сознанија од овој аспект, бидејќи веќе подолго време сум присутна во политиката, имам впечаток дека секој еден министер, кој ќе дојде дека најмногу реформи се случувале во областа на образованието и во областа на здравството, за жал. Секој кој ќе дојде, без оглед од која политичка гарнитура вели дека светот почнува од него, а оние кои биле претходно велат дека заговара погрешен курс на водење на реформска политика. Називот што значи напуштање на реформскиот курс и дали воопшто постоела реформа во оваа многу чувствителна сфера.

Тоа значи дека реформата секој од нас може да ја сфати на еден или друг начин, најчесто на начинот кој одговара на политичката опција што ја водиме, меѓутоа, колку дала резултати, веројатно никој не се потрудил да види.

Имено, она што се вели дали ќе го направиме нашиот образовен систем компатибилен со Европското образование, најчесто значеше земање на поедини сегменти од образованието на поедини европски земји, имплементација во постоечкиот европски систем, односно правење на одреден хермафродитен систем, кој за жал, никогаш не дал резултати.

Се поставува прашањето дали во моментов постоело или натаму ќе постои политичка гарнитура која е подготвена да го преземе комплетниот ризик и се разбира сите последици што ќе настанат, не да направиме компатибилен систем на образованието, туку да примениме истоветен систем на образование од поедина европска земја многу блиска, слична до нас, до нашиот менталитет, до бројот на населението, и да кажеме дека сме направиле хируршки рез со тоа што оваа генерација понатаму ќе продолжи да се образува по еден европски терк и дека тоа ќе бидат граѓани на Европа и граѓани на светот. Тоа, до сега, за жал, не беше направено и затоа не можам да кажам дека во овој сегмент ние сме имале некоја реформа. Се друго било палијативно решение, можност да се каже дека се воведуваат новини и експериментирања со поедини генерации.

Ова што исто така е речено, што се случува со така наречената нова уписна политика во средните училишта и дека голем број на родители и деца претрпеле непотребни трауми и големи неправди особено во системот на приемот на децата во средното образование. Ми се чини ако го разгледуваме по реалниот аспект на оваа категорија на деца, основно што требаше да се каже е пофалбата токму на овој министер, што оневозможи да се полагаат приемни испити, затоа што се работи за категорија на деца што имаат само 14 години и кои траумите ги доживуваат лично, меѓутоа, уште повеќе нивните родители да по еден завршен степен на задолжително образование, а тоа е основното, се вклучат во средното образование. Токму овој чекор мислам дека заслужуваше пофалба од целокупната јавност. Да се даде една квалификација на претрпени трауми само заради едно училиште кое, според мене, во овој момент Медицинското училиште, само во овој период, заради зголемениот број на пријавени деца, успеаја да се запишат деца кој веројатно никогаш во историјата на тоа училиште не се запишале од Ракотинци, Студеничани, Драчево, токму благодарение на таа селекција која беше направена на лице место, така што не може да се заговара за приемен испит ако имате деца кои имаат комплетно сите се скроз одлични, како ќе направите селекција, по принцип на ждрепка, или по принцип на моментална проверка на знаењето?

Исто така јас сметам дека е за пофалба дополнителниот напор на Министерството за образование да го прошири бројот на паралелките во Медицинското училиште од проста причина што се работи навистина за квалитетни и солидни деца, кои сакаат да го продолжат образованието токму во ова училиште.

Вториот сегмент кој овде се заговара во смисла на лошо работење на министерот, е не подобрување на севкупната состојба во образованието, особено на финансиско материјален план, просторен план, односно не зголемувањето на платите на непосредните едукатори односно учители, професори, вклучени во воспитно - образовниот процес. Ќе се согласам со тоа, од причина на тоа што се мали платите на оние кои треба да едуцираат и воспитуваат младите генерации, меѓутоа во услови на крајно лимитиран буџет, ниту минатата гарнитура, ниту оваа е можно тоа да го направи пред претходно да му се даде акцент и да се каже при носењето на буџетот и ова Собрание тоа да го зацрта како своја главна политика дека, во овој период ќе ги зголеми платите токму на оние кои го водат најчувствителниот дел на оваа генерација. Меѓутоа, од аспект на финансиско - материјалното работење на ова образование, без оглед на тоа што не сакам да споредувам никаква работа, бидејќи рековме сакаме да зборуваме за нашите успеси или неуспеси, направени се големи финансиски дубиози во досегашното работење на ова Министерство. Од причина што не можете вие да барате финансиско зголемување на плати ако токму во ова Министерство има една финансиска дубиоза од милион марки направена во минатиот 4-годишен период, кога големи планирани средства за подобрување токму на

материјалните, на просторните услови во кои работат, живеат и наставниците и нашите деца, мораат да се обраќаат наместо во една јавна установа, во едно приватно претпријатие, а тоа е претпријатието на господинот Папен, така што за жал сите кои бараа работа, мораа наместо во Министерството да одат во приватната фирма на ова лице, да бараат од него дали ќе бидат вклучени посебно во градежно - оперативната работа и ова Министерство да му направи исплата од милион марки за никакви изведени работи во областа на градежништвото. Би било добро, ако веќе пишуваме за еден министер како негово лошо последично работење во областа на финансиите да си провериме што сме направиле ние претходно.

Што се однесува на процесот на партизација во образованието, ова е веќе проширена тема, за партизација се зборува во сите сфери, мислам дека она што претходната гарнитура не успеа да собере храброст, оваа гарнитура со помош на опозицијата би требало да го направи, да го донесе долго очекуваниот Закон за органите на управата, затоа што се она што беше овде речено, замислете беа сменети како бегалски конвој, цитирам, потсекретари и помошници во Министерството, а кој требаше да се смени?

Ако вие еден потсекретар и еден помошник кој претставува најнепосреден составен дел на екипата на еден министер не го смените, бидејќи тој треба да ја реализира програмата на тој министер и програмата на Владата, кого ќе смените?

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

Точно треба да се знае со Законот за органите на управата кој е степенот на сменување со настапување на секоја една политичка гарнитура и тогаш воопшто ќе нема никаков проблем, бидејќи секој оној кој се нашол на тоа место знае дека може да биде сменет или задржан, зависи од политичката волја на онаа гарнитура која стапува на власт. Се она што овде беше речено дека беа сменети директори, како последица, имале успеси учениците, а биле сменети директори, тоа останува во доменот на една политичка оценка, а не во доменот на факти, затоа што е право согласно постојните законски прописи на оној кој го раководи секторот, да одлучи за тоа дали работел добро или лошо. Така наследените работи од аспект на она што беше долги години по ред хоризонтална или вертикална ротација и можност да дојдат нови кадри кои ќе овозможат нов квалитет конечно се овозможи, па да видиме како ќе работат тие.

Што се однесува на четвртиот сегмент од Законот за високото образование, ова е една политичка тема од која нема излез. Добро е што се остави доволно временски период да се каже дека во донесувањето на Законот за високото образование треба да бидеме ослободени од политиката и треба навистина да се овозможи она што е уставна ингеренција на Универзитетот да ја има својата автономија.

Мислам дека конечно се создадени предусловите концепцијата која веќе е изградена со Законот за високото образование да се најде пред нас пратениците во некоја пред нацрт форма, па ние ќе одлучиме како и на кој начин ќе биде регулирано високото образование во законската сфера во Република Македонија. Веројатно, на донесувањето на овој закон, ќе претходи и донесување на еден друг закон, а тоа е Законот за јавните установи, во кој точно ќе се дадат ингеренциите на кој начин треба да работи било која јавна установа, а после тоа од аспект на Универзитетот како посебна установа, која ужива автономија во државата уставно гарантирана.

Петтиот елемент на кој посебно обрнува внимание опозицијата, е моралноста на воспитно - образовниот процес и се наведува како пример случајот на "ПЕКСНАС", според мене, имаше две димензии: моралниот и образовниот елемент на оваа димензија. Ако зборувам како родител, а најголемиот дел од оние кои сакаа да продолжи сферата на "ПЕКСНАС", како експериментален обид беа родителите, веројатно ќе ја оправдам нивната постапка, затоа што се работи за деца кои беа во трета година и како родител кој размислува субјективно, а не објективно, сакаа тие деца да продолжат по тој систем на образование. Меѓутоа, ако зборувам како човек кој е одговорен во таа сфера, во овој случај тоа е господинот Новковски, претпоставувам дека тргнал од димензијата, дали овие ученици согласно таа експериментална форма на образование никаде неодобрена, само кај нас присутна, може еден ученик понатаму да го продолжи своето образование и во средното образование, а особено во високо образовниот систем на факултетите, јас ќе ја оправдам неговата одлука, од причина што степенот на образование кој што го нуди овој експериментален систем, не е доволно добар за да им овозможи на тие луѓе да се вклучат.

И она што тој го предлагаше, е тие ученици да бидат запишани во гимназиски паралелки, затоа што ќе им се пружи максимална помош за доградба на своето образование, од секој еден професор, како задолжителна сфера, мислам дека требаше да се прифати. Она што мене ме радува, а верувам и вас другите, е дека сепак една граѓанска иницијатива која што направи да не кажам толкава галама, меѓутоа, направи еден притисок, еве конечно има можност, Владата и даде можност дека ја поддржува, а како и на кој начин тие деца ќе се образуваат понатаму, останува обврска на самите родители, не и на министерот Новковски, односно не и на оние кои ги образуваат тие деца, од причина што тие ја презедоа одговорноста врз себе, кога рекоа дека нивно право е тие деца понатаму да го продолжат својот образовен систем на факултетот, без оглед на тоа колку научиле и

што научиле. Значи, овој министер има пружено рака тие да го дооформат своето образование, сакале да го продолжат, имаше граѓанска иницијатива, Владата апсолутно е ослободена од било каков да речеме идеолошки или ако сакате дури и третман на министер дали ќе го поддржува во некој негов проект или не, ја одобри и за мене и тоа е степен на демократичност на работа на една Влада. Сето друго останува во сферата на воспитувањето и образованието само на учесниците и на нивните родители.

Она што овде беше речено повеќе од аспект на некој би рекла психолошки профил на еден министер, без оглед дали се работи за министерот Новковски или некој друг, прашањето од стилот дека се работи за “тврдоглав, суетен човек" дали тој човек има душа, јас би ве замолила сите вас сепак тоа да го сочуваме за нас, затоа што психолошки портрети не е добро да се прават за било кој човек, без оглед дали се работи за човек на јавна функција или не, од причина што никој не се избира на една функција во зависност од неговите карактерни особини, туку во зависност од тоа дали е стручен и компетентен, а за нас е најбитно, бидејќи сме коалиционо мнозинство дали тој ја поддржува политичката платформа на Владата, односно на коалиционото мнозинство кое гласало при неговиот избор. Со оглед на тоа што сметам дека истиот работи на таа платформа, мислам дека треба да остане и понатаму да го раководи ова министерство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри и членови на Владата, дозволете ми да ги образложам причините зошто се јавив за дискусија по повод интерпелацијата за работата на членот на Владата и министер за образование, г. Ненад Новковски.

Јас лично министерот Новковски ќе го поддржувам и нема да гласам за неговото разрешување, затоа што господинот Новковски доста придонесува со неговите постапки во интерес на контото на другите партии, а не на партијата на која и следува. Сега има право, но ќе го поддржувам поради тоа што го реков.

Ние ве поддржавме на почетокот, по завршувањето на третите парламентарни избори, кога се формира новата Влада. Не ве поддржавме затоа што бевте убави, туку поради тоа што многу ветивте и мислевме дека тука е можеби клучот во 21 век, во оние ветувања на предизборната кампања. Затоа што како и секој друг, така и ние, во делот на балканските народи, наивни, верувавме. За тие реформи не само јас туку сите имаат слушнато и така дигнавме прст, како јата патки, во Парламентот и Ве поддржавме.

Рековте дека ќе започнете реформи во системот на образованието и ветивте по она како вели народот "брда и долини" како прв пат да доаѓате на македонското тло. Не знаевте дека сте од Македонија и колку е таа моќна за сите тие реформи што можеби тие биле и амбициозни да се наречат во првиот чекор.

Ние сме како и сите други држави во Европа и на Балканот дел, само далеку од она што е Европска Унија и Западноевропски земји. Ние можеме да се натпреваруваме со Албанија, Бугарија, Македонија и некој друг околу нас и Романија.

За модернизирање, за компјутеризација на основните училишта, за обнова на се она што е нагледно средство, верувајте, во тој дел кој јас го покривам не станува ни збор. Имаме дел училишта каде што се борат со основниот инвентар на училиштата. Имаме ридско - планински училишта, во кои не само што се руинирани и дотраени училиштата, туку се уште имаме полски вециња во нив, а нешто модерно допрва треба да се направи. Сигурно е запознат самиот министер дека, одвај плата до плата може да стаса. Тоа ниво на платежниот режим во образованието не е изменето последните 5-6 години наназад.

Буџетот што го усвоивме оваа година исто така е рестриктивен од оние осум Буџети што ги донесовме еден по еден, почнувајќи од 1991 година па наваму. И што беше онаа потпора, заправо од каде, толку да се прелета и да се ветува кога сите во системот на образованието се зависници од Буџетот. А Буџетот и со ребалансот што го донесе соодветното министерство беше уште по рестриктивен оваа години отколку поранешните години. Резултат на тоа е што Македонија и македонското стопанство секоја година оди долу и подолу.

Во тој дел, г. министер, јас лично не ве обвинувам бидејќи и свети Ненад Новковски да е тука, не може да направи ништо, она што е реално. Ако е тоа реално, тогаш какви други тековни активности можат да бидат следени во овој период. Јас сум сигурен дека и покрај тоа што имаше добра желба не само тој туку и Владата на Република Македонија, на чие чело е г. Љубчо Георгиевски, не можат ништо да направат, ама ништо. До колку менталитетот на нашето поднебје и е претпладне и попладне народот да треба да се држи во кондиција, но прилепувајќи го она што е демагогија, значи и претпладне и попладне мора тој на демагошки начин да се држи во кондиција, инаку, нема да не гласаат.

Јас лично само во тој дел би се разликувал со г. министер дека и покрај желбата и покрај добриот однос што сакал реформи во образованието, спортски сали и што не друго, останува само на таа негова добра желба, инаку, во друго би се разликувале. Само во тој прв дел дека желбите треба да се сведат на она што е реално и можно да се реализира. Јас не сакам да ве упатувам како треба да се води

образовната политика, дека не го разбирате воопшто и имате направено безброј грешки - јас реков и погоре, било кој да е во оваа ситуација, тешко е да најде соодветно и релевантно решение. Но, сепак грешки постојат. И како што заминува времето, грешките за кои претходниот дискутант рече дека тие се затечени од претходниот систем и постојано ние едно исто велиме: Девет години во Собранието на Република Македонија и целиот зијан на ова поднебје е на поранешниот систем и на поранешното владеење кое траело 50 години и сега осум години други. Јас мислам дека тука, без оглед кој што направил порано, затоа што секогаш гледаме назад и ја вртиме главата наназад, а секогаш кога гледаме такво нешто наназад, не ни преостанува ништо друго да гледаме напред. Ако е цела вина во поранешниот систем и владеење дека нема, се е празно и воопшто платежниот режим и банкарскиот систем тука не е моќен да интервенира, тогаш година дена, десет и повеќе месеци има, што всушност е направено на тој план. Еве, да ги елиминираме другите дека ништо не оставиле. А што вие собравте? А што Вие направивте на тој план? И покрај некои надежи и тоа сувопарни, да се надеваме дека навистина тркалото ни оди напред.

Јас сум сигурен дека не можете оваа образовна политика да ја браните. И јас кога би бил на вашето место, истото можеби ќе ме снајдеше, затоа што имаме ерозија воопшто на стопанството на Република Македонија. Сега за таа ерозија, ако треба сите да се удираме в гради дека сите по малку придонесовме, значи не преостанува и за вашата одговорност, и Вие тој дел да го преземете врз себе. Инаку, не секогаш со прст кон другиот или третиот дека тие се виновни, а ние сме, на албански се вика, "луле". Значи, се е светло во она што ние викаме.

За овој краток период од 10 месеци не покажавте способности не само во ветените реформи, туку презедовте чекори спротивни на интересите и потребите на образованието и образовната политика.

Прво, бројот на учениците кои завршуваат основно образование на настава на албански јазик, уште е далеку од она што е реално тие да се запишат во средни училишта, како што се прави со нивните врсници Македонци. Овие 10 месеци владеење по тој основ ама немате направено ништо. И покрај тоа, да подвлечам дека од минатата година на уписната политика во средните училишта, од предминатата исто така уписна политика во средните училишта ние имаме пораст. Имаме пораст, но далеку од тоа да се споредува со врсници Македонци во Република Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Еден еклатантен пример би посочил. Во Скопје околу 7.000 ученици завршуваат осмо одделение. Поранешната учителска школа "Зеф Љуш Марку", а денеска гимназијата уште нема локација господа и единствен училишен центар прифатен за Скопје е тоа. Се покажувала спремност кон прифаќање и во другите средни училишни центри на македонски наставен јазик и отворени паралелки со настава на албански јазик. Но прашувам, дали тој број е охрабрувачки и покрај она што имаме во тој однос секоја година подобрување. Во Скопје на македонски наставен јазик има над 30 средни училишта, а за жал на албански наставен јазик има само едно и тоа гимназијата Зеф Љуш Марко се уште од 1963 година тоа училиште заправо нема локација, по земјотресот кога до темел беше срушено. Еднаш беше лоцирано спрема Железара, па потоа во Карпош, а од Карпош во Нерези, јас лично не знам каде му е локацијата. И покрај тоа што го реков и на почетокот некои работи се провлекуваат и од други системи и од други заправо од другите системи и другите владеења.

И нешто друго. Овие основни и средни училишта каде што учат албанците верувајте дека се далеку од она што е потребно за модерна настава и настава во почетокот на 21 век. Тие се до крај руинирани, тие се до крај неопремени, а лично сум имал можност Медицинското училиште во Тетово едно од мамутските училишта, не можев да го најдам детето каде ми учи и бев упорен, го најдов во подрумите на основното училиште Лирија во Тетово. И ден денеска тоа училиште воопшто нема своја локација.

Ова што го реков им припаѓа на средни училишта во градовите и дел од училишта во селските населби. Би се поставило прашањето, каква е состојбата во ридско - планинските училишта. Верувајте таму и не станува збор во која состојба се одвива наставата. Јас уште на почетокот реков дека на наставен албански јазик во основни и средни училишта немаме паралелка која е под 30 ученици, а имаме значи паралелки кои се и со над 30 ученици. Се поставува прашање кои се параметрите за успешна настава во овој дел на албанската популација. Имаме училишта, на пример во село Пирок - тетовско, с. Боговиње - тетовско, гостиварско, Речане, Србиново, Симница, верувајте дека не е ставена ниту една шајка откога се тие направени. Боговиње е едно од најголемите села заправо во тетовското училиште што има над 2.000 ученици. Тука имаме три смени. Тука имаме можеби и четири смени и тоа во меѓу смени. Јас не сакам тука да се задржам и да го обвинувам Новковски, затоа што веќе поминаа 10 месеци откако е на таа функција и него му забележувам затоа што воопшто не се спушти во она што е рамка на реалноста и можноста на Република Македонија, заправо на оние буџетски рамки на Република Македонија. И затоа ако е целта во тоа и предпладне и попладне во кондиција да се држи нашиот електорат и на таков демагошки начин да се постави, тогаш дајте да

ја напуштам јас говорницата, бидејќи немаме каде, некој ќе ме обвини дека правам маркетинг, бидејќи немаме сите дневни листови и ТВ, мислам радио - станици, станаа памфлети и тоа партиски не можам никаде ова да го искажам. Затоа дозволете ми да го изнесам тоа што е реално. Тука квалитетна настава нема. Тоа што го реков пред малку ми беше примерот за Медицинското училиште во Тетово, а истиот пример го најдов, заправо наидов со родител овде во гимназијата Зеф Љуш Марку, не можевме да ги најдеме децата, нема локација, нема училишен простор господа.

Зарем се поставува прашање на прагот на 21-от век уште ли ќе се шегуваме со оваа третина на популација на Република Македонија. Тука не може да се најдат луѓето ниту од управата ниту децата, а за самите наставници тие што биле во тие смени, нив ги најдовме. Дали може да стане збор за модерна настава како во земјите од ЕУ, бидејќи секогаш онаа ЕУ е Европа, заборавме дека дел од Европа сме ние, само за жал во овие предели на Балканот и во овие предели на Југот на Европа.

Те молам г. Новковски не би барал веднаш да се произнесувате, дали ова е точно и дали сте вие убедени дека ова е реалноста и реалната слика во Република Македонија за овој дел што го реков во својата дискусија. А вашите ветувања кога би бил јас на вашето место не би биле ниту од близу реални. Било кој и да е, затоа не сакам него и нему лично да се обратам, овој резилак што се прави никој не е во состојба да го покрие. Мене ми е жал зошто се наследи една таква политика во образовната политика, зошто не е направен чекор кон излез од тоа и излезни решенија. А јас лично како и сите други бев наивен и верував дека допрва ќе наидеме што се вели на прав човек и на оној волшебен стап и со едно удирање заправо се ќе се реализира. Што е најжално би рекол секогаш позицијата кога комуницира, нејзината комуникација е монолог господа, тие комуницираат со себе. Кога би комуницирале со јавноста секако би имало што се вели и спротивни мислења па секој што се вели мора да кочи. Но, изгледа бидејќи тука има узурпации на медиумите и на сите средства за јавно информирање, како да ми личат дека комуницираат со себеси и тоа на огледало. И секогаш така напрсани како изгледаат во огледалото, дали се добри, пристапни и она што го рекоа дали држи и е пристапно на теренот. Јас мислам дека ние допрва досега таквите слики и сценарија ги видовме и сме сити. Дајте нешто во иднина да се направи, бидејќи таквите сурати скоро секој ден ги гледаме. И бев наречен и криминалец, затоа што се обидов на една од многуте сурати, во дневниот лист беа прикажани па да го скинам, па ми рекоа дека сум криминалец. Не, не се чувствувам така, туку зошто сум толку објективен и реален па сакам нешто кон подобрување на тоа. Јас тоа го реков уште на почетокот, господине Новковски за вас, Струга, Дебар, Кичево, Куманово, Тетово, Гостивар, навистина се далеку, но Зеф Љуш Марку ви е многу блиску и на се ова што го реков сигурно ќе можете да се уверите, во која состојба се учениците албанци на оваа локација.

Второ - Високото образование.

Како го оправдувате себеси господине Ненад Новковски, како можеш да молчиш да не се занимаваш воопшто со проблемот на Тетовскиот универзитет. Едно исто прашање им беше поставено и на претходните министри..

Зошто се молчи? Времето си заминува. Тој проблем заправо со Тетовскиот универзитет од година во година расте и очигледно тоа е голем проблем не само на албанците во Република Македонија, туку тоа е општ проблем на македонската заедница, вклучувајќи ја во прв ред и македонската нација.

Зошто молчат сите во Владата на Република Македонија, на чие чело стои Љубчо Георгиевски. Зошто молчи интелегенцијата во Република Македонија, кога во Тетово албанците интелектуалци основаа Универзитет на 17 декември 1994 година, каде што беа присутни пратеници, прваци на политички партии, министри на тогашната Влада и други интелектуалци албанци.

Ова се направи, затоа што досега државната администрација не водеше подеднаква грижа кон сите свои граѓани, посебно ја потенцирам албанската националност во Република Македонија. Да беше поинаку државната администрација досега самата ќе го анализираше ова природно право на Албанците за образување на младите во високото образование и не ќе се дозволеше Албанците да излезат на улица и да си го преземат во свои раце високото образование. По мене е оправдано што го презедоа во свои раце албанците и што излегоа на улица заради високото образование, затоа што ако тоа не го направеа ќе покажеа што се вели тотална незаинтересираност за себе и за идните генерации. Албанците тоа го направија не дека ќе можат да направат штета, напротив третиот Универзитет и тоа со седиште во Тетово, треба да биде дика и гордост и на другите два Универзитета во Република Македонија. Тоа што го реков дека албанците покажаа тотална што се вели зрелост, што го презедоа овој дел на образованието во свои раце. Инаку во спротивно ќе покажеа тотална незрелост.

Да водеше подеднаква грижа кон сите свои граѓани државната администрација, ќе ја анализираше оваа природна потреба на Албанците и ќе превземеше чекор напред за легализација на Тетовскиот универзитет. Тетовскиот универзитет за нас Албанците како

и за сите други народи во светот етиката е манифестација на битието, а тоа битие е и за нас многу важно. На неговото право на соодветен однос на луѓето спрема својот живот и свет што секој тоа право природно го има. И ние албанците тоа право заправо сакаме да го оствариме. Впрочем, и во модерното време секој почеток почнува со борба за вистината, но и за преиспитување и ново моделирање на Универзитетот на сопствената заедница. Тоа не чека и нас Албанците во Универзитетот во Тетово.

Меѓутоа, ресорното Министерство, Владата на Република Македонија на чие чело стои господинот Љубчо Георгиевски, уште молчат. Пред да се изјаснат и да го утепаат молкот тие треба да ја констатираат вистинската состојба на Универзитетот во Тетово: што е тој, што работи, зошто постои, што остварува, во вакви услови што работи, во каква ситуација е, како ги извршува своите задачи, колкав и каков ќе биде неговиот производ, што ќе се случи со неговиот производ, со научните сознанија и со стручњаците што ќе ги создава тој, каква ќе му биде продуктивноста, како ќе ги пренесува сознанијата, како се однесува спрема образованието и унапредувањето на своите кадри, што бара тој Универзитет во Тетово и што добива конкретно, воедно и кој го финансира него?

Јас па можеби и овој висок дом Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, конкретно ресорното министерство и ресорниот министер Ненад Новковски на ваков вид на прашања треба да одговори, туку и други општи и поспецифични што ќе ја плетат мрежата за размисла и на сознанијата на Владата на Република Македонија на чие чело е господин Љубчо Георгиевски.

Но, еден ден ова прашање и проблем ќе се решава. Јас сум сигурен дека ќе се решава. Дами и господа пратеници не сакам овој проблем да ни го решаваат другите, бидејќи тогаш ќе покажеме навистина тотална неспремност за регулирањето на меѓуетничките односи, меѓунационалните односи во Република Македонија. Јас сум сигурен дека еден ден тоа ќе биде наметнато, сакале ние, или нејќеле ние. Меѓутоа верувајте ми дека такво нешто наметнување од надвор не сум задоволен, само заради тоа што во Република Македонија има снаги кои на ова прашање му мислат. Затоа да не дојдеме во ситуација другите од време на време да ни солат памет. Јас сум против едно такво солење на памет, туку да смогнеме сили и кондиција овој проблем да се реши. Кога заправо надворешните решаваат по вакви нерешени проблеми тие секогаш прво не прилепуваат за ѕид и не ставаат пред свршен чин. Јас македонската јавност и македонските интелектуалци и вас како пратеници и Владата на Република Македонија не сакам да бидете прилепени за ѕид, ниту сакам да бидете што се вели пред свршен чин. Тоа не го сакам.

Јас ќе ви прочитам дел од Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Македонија во 1997 година - декември 1997 година, што всушност тие мислат за Тетовскиот универзитет - цитирам:

"Прашањето за положбата и иднината на институцијата Тетовски универзитет, чии стандарди се не утврдени и не познати, по нивно, бидејќи нашиот е тој што пишува за човекови права, и понатаму претставува главно лесно активирачки генератор за меѓуетничките тензии. Не е воспоставен нужен дијалог што би овозможил евентуални алтернативни пристапи и решенија, односно за изнаоѓање решение на проблемот а не на институцијата. Во 1995 година, тоа е мое заправо што го изнесувам, во - 1997 година направено е редимензионирање на барањата на припадниците на албанската националност, со што активностите се насочени кон легализирање на институцијата наречена Тетовски универзитет, како државна, а не како приватна. Од друга страна (што работите исто така ги отежнува) донесувањето на новиот Закон за високо образование се одолговлечува, со што е оневозможено дефинирањето на легалните параметри врз основа на кои што ќе можат да бидат вреднувани постојните и посакувани високо школски институции и со што ќе биде дефинирана легалната процедура врз основа на која што во иднина ќе можат да се основаат вакви институции." - завршен цитат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (Продолжение)

Кога го потенцирав она кога од 1995 година универзитетската управа во Тетово на 7 април 1995 година, на сите Универзитетски центри во Европа и на двата Универзитетски центри во Македонија, на сите релевантни институции во државата им пративме голема адреса на културната демократија. И таа беше потпишана од сите наставно научни работници во Тетово, меѓу нив Сејфедин Харуни, Муртезан Исмаили и Сами Ибраими, Ректорот ни беше во затвор, и тоа на англиски, на француски, германски, македонски, италијански, шпански и т.н. Значи едно такво барање поднесовме до двата Универзитети, до двете универзитетски управи, но од тогаш до денес на тоа немаме.

Сакам уште еднаш да повторам, да не дозволиме другите да ни ја кројат судбината, туку на таа судбина сите да сме кројачи. Закон за високо образование што побрзо да се донесе и во него да се предвиди институционализирање на Тетовскиот универзитет, не приватен туку државен, бидејќи и ние сме дел што создаваме во оваа држава. Да водеше подеднаква грижа кон сите свои граѓани државната администрација досега ќе ја анализираше состојбата, еден дел што е врзано за средно, основно и високо образование,

состојбата со учебниците на албански наставен јазик, при што најверојатно ќе и паднеше во очи дека нивни атри се само македонците. Дури и на учебниците до заштита на заштитата на националниот идентитет. Ако е тоа од немање на соодветен кадар на албански јазик, од албанската популација, тогаш следи логичното прашање, зошто тогаш државната администрација настојува процентот на високо образовните албанци да биде секогаш контролиран и на некои минимални рамки. Дали на оваа држава и требаат образовани граѓани или пак само образовани македонци, што значи дека во земјава национална припадност претставува важен квалификатив, кој ја одредува стартната позиција на поединецот во животот. И уште повеќе треба да се постави прашањето дали, можеби државната администрација не ја поттикнува гетоизацијата на албанците во Република Македонија, бидејќи кога во оваа држава би се водело сметка сите граѓани да бидат подеднакво интегрирани во општеството, немаше да се дозволи во Западне Македонија да не постои ниту една високо образовна институција, што не е исто во јужните и во источните делови на Република Македонија. Нема град каде што немаме високо образовна институција. Сега се поставува прашањето. Зошто? Поради тоа што Македонскиот народ е во мнозинство во овие градови што јас ги спомнав. Во Западна Македонија немаме ниту една државна високо образована институција. Едино од 1994 година третиот основан, тетовскиот универзитет. Можеби тоа е случајно, но и да е така ваквата случајност не смее да ја дозволува државната администрација. Таа подеднакво треба да се грижи за сите свои граѓани. Зарем ваквата дисперзија на високо образовните институции не создава претпоставки за гетоизација и тоа на мнозинскиот народ во однос на останатите. Некои од аргументите што досега државната администрација ги употребуваше, дури и од официјалните лица против Тетовскиот универзитет се следните: тој универзитет не може да понуди квалитетна настава. Приоритетно тоа беше дека ќе дојде до хипер продукција на кадри и др. Зарем таквите тврдења кај мислечкиот заправо албанец не ги поттикнува прашањата, дали не значи дека во оваа држава систематски се работи да не се гради квалитетен кадар кај албанците и дали хипер продукцијата е опасна кога има албански национален предзнак и др. Се разбира многу проблеми со кои денес Македонија се соочува во сферата на меѓусебните односи, се наследени и би било неправедно за сите нив да се обвинува сегашната државна администрација и други. Но, тоа што за мене е загрижувачко претставува моето убедување дека сегашните проектанти на демократска Македонија не може да се ослободат од стереотипите кои воглавном се сведуваат на варијантите државотворен народ, значи оној што е задолжен да ја гради и чува државата, тоа значи за македонците и оние останатите од кои државата треба постојано да се штити, тука спаѓаат не македонци, вклучувајќи ја и албанската популација.

Според мое мислење се уште немаме јасен концепт дали Македонија ќе се изгради како национална држава, во која македонците се во нужен брак со останатите, како национална или граѓанска држава во која националниот предзнак нема да претставува никаква бенефиција или уште помалку хендикеп. Кога го велам ова воопшто не го исклучувам и делот од вината што ја имаат и самите албанци за поттикнување на недоверба, односно делот од вината што ја носат нивните политички субјекти. Но, јас таа вина не ја наоѓам во нивните легитимни барања да бидат соодветно застапени во сите институции, да се образуваат на свој мајчин јазик во сите степени ниту, во барањето нивниот јазик да биде признат како службен во државата и друго. Тука не може да ни се препишува дека албанците сносат вина. Таа вина ја гледам во наивноста со која албанците веруваат дека ќе се среди во миговите кога Македонија ќе се стабилизира кога таа ќе биде меѓународно призната, кога ќе се релаксираат проблемите со соседите и т.н. Не сакам да се потврди моето мислење, но за жал што повеќе Македонија се релаксира во однос на нејзиното меѓународно легитимирање, се помалку и помалку покажува интерес да го среди проблемот со високото образование. Апсурдно е, но вистина е дека во текот на изградбата на ваквата пос - комунисткчка Македонија во контролираните конфликтни околности ќе загинеше по некој албанец, на што следи едно логично прашање кое остана без логичен одговор, зарем ќе беше можно да опстане оваа држава ако албанците не ја чувствуваат како своја татковина.

И уште едно прашање на кое треба да се одговори. Кои се жртвите кои треба да ги поднесат албанците оваа држава да биде и нивна што ќе ги штити нивните национални и граѓански права, посебно во околности кога во оваа држава се уште е во домет на фантастиката да се помисли дека би можел да биде алтанец во некоја раководна државна управа. Постојниот концепт според мене е непроменлив и тешко може да функционира во оваа држава, бидејќи ваквата демократија нужно води владеење на огромниот на помалку бројниот народ. Затоа ваква демократија за албанците не се доживува на ист начин како што ја доживуваат и македонците.

Дами и господа пратеници, пак прашувам и прашањето го поставувам до ресорниот министер Ненад Новковски. Дали во Република Македонија г-дине министер постои политичка сила и политичка волја да се сфати дека добри меѓунационални односи се во прв услов за нејзиното стабилно утре и дека таквите односи може да се изградат само со поттикнување на една граѓанска свест. Тоа на почетокот треба да се совлада. Да бидам по конкретен. Ова што го реков не е само желба на албанците, туку и на мнозинството македонци и допрва интерес на Република Македонија. Да бидам по конкретен.

Македонија се уште го нема совладано ни првото скалило кон добри меѓунационални односи. Рака на срце, образованите проблеми почнувајќи од воншколските установи, основни, средни и во високото образование, ние барем далеку да сме задоволни. При таква една политика, сум сигурен дека вие на онаа огледало зборувате со себеси во монолог, покажувате спремност дека тука грешите и дека тука вие онаа слаба точка. Тоа ќе го стори некој кога цврсто ќе застане на граѓанскиот концепт, кога ќе го признае фактот дека има прашања кои не може да бидат тема на пребројување на пратенички прсти во Парламентот, како често пати тоа го правиме, како да сме само јато патки и послушни на партиските моќници. Тоа го кажувам и за мојата партија во тој дел што ми следува. Во оваа држава се додека не смогнеме сили за поинакво решавање на овие проблеми напразно е да се зборува за некоја меѓунационална хармонија, се додека двата најбројни колективитети национални не се согласат да воспостават механизми што подеднакво ќе ги врзува за државата во која живеат. Нормално таков механизам треба да се втемели во заедничките интереси на македонците и албанците и на сите граѓани што живеат во неа. Ако не друго во наш интерес и на нашите идни поколенија да им оставиме стабилна држава без багажот на националните недоразбирања, за жал сите страни ги имаме. Тоа е таа лекција што македонија поинаку не може да биде, само желба на македонците, туку желба на нејзините граѓани. Македонија се уште го нема совладало ни првото скалило кон добри меѓунационални односи. Секако ја почитував јас реалноста во Република Македонија. Тие права не можат да поминат само еден праг да не се на штета и на останатите и да не го доведуваат во прашање опстанокот на државата. За такви не може да се сметаат правото на образование на мајчин јазик во сите степени, со потребата од познавање на јазикот во средината во која живеат, правата на употреба на својот јазик и во државните институции, правото да ги истакнуваат своите симболи и ред друго. Ова се дел од нештата што ги реков во доменот на високото образование.

Трето, господине министер, тука сакам да помогнам. Институцијата област, конкурс воопшто не е респектирана од страна на надлежното министерство и од ваша лична страна барем во тој дел каде што јас кажав и пред малку, па има бројки и пред бројки. Заправо пред фактите и боговите ќутат. Редовен потез сте имале, медицинско училиште во Тетово и тука стана смена. Рака на срце, кадровски промени да, но е добро кон подобро. Тука не сакам да навлегувам за Емини кој бил и што бил, затоа што овој другиот што е дојден не го познавам. Можеби е на висина. Тука е само респектиран на институцијата огласи и конкурси.

Понатаму во основно училиште Лирија во село Жировјане. И тука има конкурс. Институцијата оглас и конкурс од ваша страна е почитуван. Пак тука не сакам да навлегувам кој е дојден. За едно исто сум бил кај вас и се договоривме најпосле и сами уверете се бевте зачудени, затоа што еден ферапие е разрешен друг ферапие именуван. Според мене да се разреши член на едно семејство и да се именуваат членови на истото семејство на тоа официјално место правиме раздор. Ние со такви постапки ги караме луѓето, семејствата ги караме затоа што ќе ја направиме од чиста партиска побуда. Такво нешто не сакам.

Институцијата оглас и конкурс не е почитувана во селото Пирок. Не е почитувана во основно училиште село Неготино.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни држете се за темата.

Тоа не е предмет за расправа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Основно училиште во село Пирок, немало конкурс, разрешен е поранешниот директор, именува е друг директор. Понатаму основно училиште во село Неготино предвреме е разрешен директорот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни тоа не е предмет на расправа.

Држете се за темата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас зборувам за интерпелацијата на министерот Новковски, зошто бараме негова одговорност, ако тој и неговиот ресор не го почитуваат законот.

Понатаму основно училиште Чеде Филиповски село Врапчиште предвреме е разрешен директорот. Не навлегувам во тоа кого го имате вие именувано. Можеби децата се нај - нај.

Во основно училиште Злате Дамјановски село Вруток, разрешен е предвреме директорот на основно училиште.

Во основното училиште "Моша Пијаде" Гостивар, исто така е разрешен предвреме директорот на Основното училиште. Да не навлегувам во другите, туку си поставувам едно прашање за вас, за кое допрва треба да ми одговорите.

Имено, за сите овие што ги потенцирав се повикувате на член 98, став 5 од Законот за основно образование кој гласи: "Директорот на Основното училиште се именува и разрешува од министерот по претходно мислење добиено од Педагошкиот завод на Македонија и Училишниот одбор на сите училишта".

Г-дине министер, овие што јас ги именував од Педагошкиот завод на Македонија истурените подрачни единици, вие немате ниту едно мислење и предвреме овие се разрешени, затоа што не беа по партиска линија, заправо, другите претходно избрани. Можеби логиката е во друго, во Камењане не е разрешен и во наше време Хасет Нуредини. Но, ние не го чепнавме

човекот, затоа што беше многу добар и ден денеска е и тој е на демократската партија на албанците член. Тој е од Камењане Хасет Нуредини не е во вашата партија, а уште е директор, тоа е невозможно. Вие, јас ви реков, тоа е невозможно. А, јас знам дека човекот е од вашата партија, само сепак тој е изврсен директор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова што ти го кажуваш не е предмет на Интерпелацијата.

Прочитајте ја интерпелацијата и ќе видите дека не е предмет поставување на директори. Имаме за што да разговараме, има четири точки, а се друга каде ќе се најдете таму, тоа е ваше право.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Можеби интерпелацијата е поднесена многу порано од страна на СДСМ, таа интерпелација, јас ви реков уште на почетокот требаше да ја поднесе вашата партија, затоа што со ваквите постапки ресорното министерство не оди во интерес на контото ваше.

Затоа, јас јавно ќе реагирам, ќе подржувам, затоа што ми прави голема услуга. Членот 165 на оние разрешени директори што ги издаде решенијата, не ви дава за право да правите што сакате во образованието. Членот 100 што сте го ставиле во образложението, заедно со членот 98 став 5, кој повторно ги цитирате во Законот за основното образование кој гласи. "Директорот може да биде разрешен на лично барање ако не го спроведува Законот и не ја остварува програмата, не се реализираат плановите и програмите за воспитно образовната работа, ако по негова вина е нанесена штета на учениците, родителите, нивните старатели или на општествената заедница. Ако дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со плановите и програмите и во други случаи предвидени со Законот". Прашање: Кои доказни аргументи и факти ги налагате во објаснувањето на овој член. Немате ниту еден, јас сум сигурен, немате ниту еден за сите разрешени директори, колку што ми е познато од Куманово до Дебар. И, тука е најголемото, заправо зло што го имате направено на образованието и ќе се памети вашиот однос по однос на она што се кажува диференцијација, како во свое време што го направи претседателот на Собранието Саво Климовски. Диференцијација и меѓу албанците, затоа што тој не е од моја партија. Зарем ние ќе мислиме допрва која партија ќе дојде на власт и да ни ги едуцира нашите деца. Тоа е сосема голема грешка. Тоа е крајност сечија било кој тоа да го направи.

Да го пуштиме образованието, ако не се самостојни, а би требало да имаат автономија, дури и пред школските установи, основните, средните и универзитетот, да не им се мешаме нека ја кројат таа политика која на нив им личи, не само на нивното достоинство, туку и на нивниот морал. А, не со подзнак дека не ги решавал плановите и програмите на основното, средното и на високото образование.

Плановите на основното, средното и високото образование, г-дине министер, можеби не знаете, не се уште изменети. Допрва на сила се тие кои што и досега биле. Јас сум во педагошкиот завод на РМ, не ги вадам од џеб, вие извадете од ташна колку сакате аргументи.

Јас лично ве имам слушнато вас и ми беше многу фино, кога вие на еден од вашите јавни истапи рековте за уписна политика на студентите во високо -школските образовни институции, вие пред јавноста рековте дека ќе се укине партиципацијата. А, кога наидовте на тврдо, полека, полека, не само што не можевте да гукнете пред нив, туку ја амортизиравте таа изјава, за жал, таа уписна политика и партиципација во Универзитетот. Извини, г-дине министер, па те молам малку да ме послушаш.

Одлука на Уставниот суд на РМ, четврток 25 март 1999 год, Дневник пишува дека "Уставниот суд на РМ сите тие партиципации на студентите во високо образовните институции ќе ги укине. Ајде, кажи ми, моето дете е со партиципација, пак ќе мора да вложам толку колку е направен договорот. Сега, можеби и ова е наметнато, да го кажувам во јавноста, меѓутоа ова е вистина. И во јавноста, и вие го рековте, и медиумите пишуваа одлука на Уставниот суд, јас го реков и го цитирав 25 март 1999 год, ги укина сите овие одлуки што Универзитетите и високо школските образовни центри ги имаат направено.

На крајот да ви кажам нешто јас ќе бидам, да ја напуштам говорницата е веќе време, но запамтете, а тоа истото го памтат и албанците, г-динот претседател Киро Глигоров контролирани екцеси правеше во РМ. Нам ни се познати и во Скопје и во Тетово и во Гостивар и во Струга и во некои други места. Нам ни е битно само едно, едни исти лица доаѓаат. А, г-дин Љубчо Георгиевски приреди, што се кажува, шатор и штрајкување со глас пред Собранието на РМ. Зошто се донесе закон за високо образование, заправо, за Педагошкиот факултет "Климент Охридски" во Скопје. Тука пред Собранието поставија шатори. Со тоа сакам да подвлечам, нам ни е се исто кој би дошол, само би бил прифатен прво, од ваша страна тој концепт да биде граѓански и прифатен од сите немакедонци. Тоа е интерес на РМ и на сите прогресивни сили. Вие можете да молчите до бескрај, но таа е вистината на ова мултиетничко поднебје.

Затоа, апелирам да смогнеме сили каде што невралгични проблемите да ги решаваме навреме, да не е опаметат другите, па после другите кога ќе не опаметат ќе не лишат и не ќе можеме да имаме образ да се видиме еден со друг, а ние не сме принудени да живееме, како што се вели во оној принуден брак, туку сме граѓани, кои имаме минато и едните и другите на сожителство, кое допрва треба да го одледуваме и да чекориме кон она што е иднина на сите наши поколенија.

Јас бев малку долг, но сепак, ќе гласам за да бидете во тоа ресорно министерство, затоа што наше конто одат сите наши ваши постапки. Благодарам што бевте внимателни. Јас имам уште и за реплики, само вие соберете го каишот да имате бројки, да имате факти. Јас ќе молчам, доколку вие сте во право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Збор има г-ѓата Јорданова Марија.

**МАРИЈА ЈОРДАНОВА:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани пратеници колеги, јас би сакала да се осврнам по однос на самиот чин на интерпелацијата, кој многу посилно ја прикажува целта на опозицијата да се девалвираат нашите министри како претставници на власта преку омилените простори на шпекулации и имагинација, кои што тие интерпелации, всушност, ги овозможуваат. Јас би сакал да ја оквалификувам самата интерпелација како псеудерална перцепција од страна на одреден колективитет политички, односно опозицијата и нејзините потреби, очекувања и цели.

Всушност, интерпелацијата за мене претставува супстрат на политичко тенденциозна проекција од страна на опозицијата и во исто време маскирање на сопствената слика. Маскирање со подготовка на убав, нереален амбалаж преку искажаните невистини во самите интерпелации со цел да се прикрие содржината на самиот амбалаж. А, таа содржина всушност, е слика и ја претставува севкупната состојба, која што ја дочека со доаѓањето на функција г-динот министер за образование г-динот Новковски. За таа слика некои од претходните говорници веќе дадоа претстава, меѓутоа на погрешна адреса, на адреса на токму сегашниот министер. Тоа се слики кои што се граделе како резултат на негрижата на претходните министерства, на не грижата на претходната власт. Станува збор за состојбата на објектите од сферата на образованието, на нивната руинираност, на не опременоста со технички помагала и т.н. Вистина можам да ви кажам, пред месец дена бев вчудоневидена кова во Источна Македонија во Беровско ме однесе градоначалникот да посетам некој објект, не ми кажаа каде ме носат, кога го погледнав приземниот објект, само што не реков каде се стоката и кравите а тие ми рекоа тоа е училиштето. За состојбите внатре, да не кажувам. Меѓутоа, за нив зборуваа и некои од претходните дискутанти. Но, таквата состојба и тоа училиште го затече нашиот министер и нашето Министерство и за моја среќа и за ваш одговор, за истото училиште се издвоени веќе пари и е направен проект и училиштето во овој период ќе се гради. Иста е состојбата и со други училишта по градовите. На пример, во нашиот град Велес, каде што исто така се распаѓаат тавани, одлупени фасади и т.н., меѓутоа еве веќе се обезбедени средства за нивна реконструкција во повеќе училишта, во градот и во околината на Велес.

За честитање е што нашиот министер за толку краток период веќе се погрижил нешто да направи за објектите од образованието. Периодот е многу мал, господа пратеници, за една година, за да нешто превртиме преку ноќ и сите училишта и се она што за сите овие години било препуштено на забот на негрижата и на времето, за да го исправиме и да го дотераме во ред како што треба да биде.

Затоа, обвиненијата по тој основ препишани на нашиот министер, мислам дека се основани. Имаше, исто така обвиненија, во однос на кадровската политика.

Можам да го кажам најодговорно она што јас очигледно го знам. Тоа е директорите, веќе сите се согласивме, а ќе се согласите и вие, така беше и во претходната власт, мора да бидат припадници, кои што ќе ја следат заложбата на актуелната власт. Меѓутоа, кадровските промени воопшто во образованието, вработувањата на професорите, наставниците и останатиот технички персонал, се води исклучиво по критериуми кои што се препишани од Министерството за образование. А, на тие критериуми на прво место е годините на чекаше, социјалниот статус на кандидатот, а понатаму и другите критериуми. Така, најодговорно ќе ви кажам можете и да проверите, во Велес при конкурирањето за вработување на професор е вработен кандидат кој што имаше поголем број на чекање, а напротив беше изоставен кандидат кој е наш член од 1990 година, ако мислите дека министерот прави партизација во образованието како аргумент дека не е точно, кој е член од 1990 година и е активист во сите досегашни партиски активности на партијата, заради тоа што тој имаше помалку години на чекање на вработување.

Според тоа, коректноста во водењето на кадровската политика е и тоа како јасна. Може да има случаи и такви и онакви, но случајот не прави правило. Не може врз основа на овој случај да кажеме дека целото кадровско вработување во сегашните вработувања ги правиме од СДСМ, како што и вие не може да речете дека сите вработувања се исклучиво по партиска основа.

Нешто би сакала да кажам и во врска со автономијата на Универзитетот. Беше спомнато дека е нарушена автономијата на Универзитетот. Имав можност преку конкретен пример на д-р на науки по хемија, кој што успеал со својот досегашен труд, таа е некаде 50 години, макотрпно да се докаже во сите европски и вон европски земји со најголем број на трудови и таа никако досега не успеала да дојде и да продре во редовите на редовните професори на Универзитетот. А, токму автономноста на Универзитетот ги затворил вратите на било кој и сите назначувања на професори се вртат во еден ист круг. Не знам дали и треба да биде и толкава автономноста на Универзитетот, ако знаеме дека Универзитетот е финансиран од Министерството за образование и тоа Министерство е тоа, кое што

и тоа како треба да има контрола над Универзитетите.

Меѓутоа, мене ме заголица една многу подруга, да кажам, искривоколчена визија прикажана од страна на претходните дискутанти во интерпелацијата, која што се однесува на воведувањето на веронауката во училиштата.

**МИРИКА ЈОРДАНОВА:** (Продолжение)

Имено, беше кажано како ете без прашаше на родителите и без знаење, некое психичко предупредување на децата од страна на актуелниот министер биле донесени попови на првиот училишен ден.

Можам да ви кажам господа пратеници од сите возрасти, има и постари и помлади јас не знам, треба да се запрашаме дали нашите родители или ние самите кога се школувавме некој ги прашаше нашите родители или нас дали сакаме веронаука или не. И не знам со кое право ни беше одземено правото за цело време на нашето школување и за цело време на нашето живеење овие години да го изгубиме правото на воспитување во духот на нашата вера и на нашата традиција. Не знам дали е направено тогаш поголемо зло или сега. Смелиот чекор на нашиот министер Новковски не значи чекор назад, како што некој од претходните дискутанти кажа, но напред кон редот на нештата господа. Затоа што, ние сме прескокнале цел еден период на духовно поимање на човекот преку патот на верата кој учи на љубов, вистина и мудрост. Кој учи на трудољубивост, чеснољубивост, човекољубивост, почитување на туѓинецот, вредности без кои во основа ние не можеме да градиме демократија и напредок во нашата земја, затоа што власта ги поставува навистина законите како контури во кои ќе се движи севкупното суштествување во оваа држава, меѓутоа основниот носител на тие движења во таа држава е токму човекот. А човекот без верата е амбалаж без содржина и враќање кон пештерата во суровата борба за опстанок, меѓутоа, изразен преку инстиктивното, а не човечкото. Ќе се согласите дека ние досега имавме способни стручњаци и сега имаме но се помалку луѓе во суровата борба на само докажување, нечесност, интриги, лаги, инсинуации од што сите страдаме како држава. Ако на некого не му се допаѓа работата на господинот министер може на било кој начин, сите членови на комисии, има секакви тела преку кои може да ги изразиме нашите конструктивни, активен однос спрема одреден закон и одредено работење, меѓутоа на овој начин, цела недела да ги држиме нашите министри овде и да зборуваме за некоја интерпелација врз основа на само неполно годишно работење, мислам дека е повеќе од претерано.

Јас знам дека сите можеме да имаме сопствени видувања на нештата, но тоа не е воопшто доволно за интерпелации и воопшто доволно за сменување на министри. Можевме да пружиме и пруживме лесна храна на нашите гледачи и граѓани, меѓутоа, празните џепови и празните стомаци не произлегуваат од образованието и од културата. Затоа министрите можеме слободно да ги оставиме уште цели три години имаат пред нив да ги спроведат своите реформи и своите програмски заложби во рамките на промените на образованието, а истото се однесува и на културата. Сите ние со нашиот конструктивен и позитивен однос, а и граѓаните можеме да го исполниме просторот што се вика време, простор и услови кои се потребни за да имаме комплетна слика на нечие работење, а не површно да ги интерпретираме работите и да правиме наши лажни визии во поглед на работењето на одреден министер.

Јас верувам во професионалност, во коректност, во чесност на нашиот министер за образование. Од нас останува да му го дадеме потребното време да ги оствари и реализира своите заложби.

(Господинот Сејфедин Харуни, бара збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Никој не е спомнат. Одиме по ред.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, правото на интерпелација е сосема ново право за да се постави од било која страна од овој Парламент, за преиспитување на работата на секој министер во Владата на РМ и чинам дека и денес тоа право што го направи опозицијата е сосема во ред, но ние во ова Собрание мораме да се соочиме со вистините кои се изнесуваат тука.

Јас не би сакал да кажам нешто што е веќе кажано овде дел од опозицијата, дел од позицијата, меѓутоа ќе се потрудам да кажам нешто што можеби по сите овие говори ресорниот министер за образование ќе може да даде некој одговор, но може и да се поклопат моите сознанија со сознанијата на ресорниот министер доктор Новковски.

Кога се поставува прашањето за тоа како изгледаат интерпелациите за работата на министрите, јас мислам дека треба да имаме еден изграден став, една слободарска мисла, но сепак која мисла ќе биде во духот на времето што ни доаѓа, а и сите ние како интелектуалци што се залагаме во ова Собрание. Чинам дека речениците, конструкциите што се дадени во интерпелацијата навистина не доликуваат на луѓе што имаат традиции да се нарекуваат многу компетентни, да се нарекуваат многу образовани, затоа што навистина јас тука не гледам никаква логичност или само едно просто таксативно набројување на грешки на министерот ни се нудат како вистина.

Најмногу што ми паѓа во очи, а особено после овие трети собраниски избори во Република Македонија и после формирањето на ова Собрание е дека, во Македонија на голема врата

се труби - се прават големи кадровски чистки. Исто тоа ми личи како на Сталиновите чистки, на чистки во Германија, на чистки во Чиле, не знам каде и т.н. Еднаш треба да сфатиме дека во Македонија за такви чистки не станува воопшто збор. Станува збор за еден сосема реален процес во државата и во ресорните министерства, каде што треба да се направат таквите промени. Тоа би требало да биде сосема нормална и редовна појава. Јас не гледам никаква грешка, никаков грев по тоа прашање, меѓутоа правилата на игра однапред треба да се познати како да се вршат тие промени. И за жал ако вие, или тие што во интерпелацијата напишаа дека се направија кадровски чистки имаа доволно време, доволно простор, беа доволно компетентни, доволно способни, доволно образовани за да можат сите законски акти во областа на образованието да ги направат така за ние кога дојдовме во ова трето Собрание да не можеме да излеземе надвор од тие рамки и тие промени да ги направиме сосема нормално и во духот на слободарско што се вели или демократско како што се труби сега во Македонија. Значи, ако тие правила беа познати ние ќе си постапевме и тоа ќе беше нормално појава. Но, сега што се случува. Сосема обратно. Ако ние нешто не направивме во претходниот период само за да не се најдеме во една таква стапица, сега истото тоа оружје го користиме на оние што дојдоа после нас. Мислам дека таквиот преседан воопшто не треба да се користи во интерпелациите. И ако го употребуваме зборот "чисто", значи ако ние нешто сме исчистиле, што е тоа што го исчистивме, толку ли не чинеше, толку ли беше валкано? Толку беше нечисто во образованието, па ние направивме такви чистки и донесовме многу чисто. Мислам дека такви зборови кои немаат никаква логика и никаква цел во интерпелацијата не треба да се употребуваат. Зошто ова го истакнувам?

Јас мислам дека ресорниот министер, претпоставувам дека има некои податоци, но вие кога ја поставувавте таа интерпелација дали поставивте чисти бројки во неа и да кажам дека од 1990 година кога започна повеќе партискиот систем, за овие 8 години, дури и пред тоа, можеме да се вратиме наназад во поранешниот систем, има толку и толку директори во Република Македонија, и тоа на број, кои мандатот го имаат трет пат, четврт пат, или пак директори заршија и отидоа пензија. Да имавме една маса на бројка да се знае колку се тие директори долгогодишни во државата, па ние сега со новите промени ги променивме, или пак ставивме нови кои немаат искуство, или го имаат она искуство кое го бара законот. Тоа е многу битна бројка за мене, дали ние имаме директори кои заминаа во пензија, а се по 20-30 години директори и пишано му е од бога и од ресорното министерство за образование, јас лично луѓе познавам кои останаа на истите позиции и сега нормално со овие промени редно беше после толку години да дојде до некоја промена. Јас сум сигурен во тоа дека тие што дојдоа како промена и во тие луѓе нема многу лоши луѓе, има добри луѓе. Тие луѓе дојдоа од образованието потковани, работеле со дневник во раце, тие имаат големо практично и теоретско искуство и можат да се носат со проблемите во образованието. Вие туку така не можете да кажете дека ние направивме кадровски чистки и на сметка на компетентните, на способните, на нај нај повиканите од бога за да биде цел живот директори и началници во ресорното министерство, па ние ги сменивме со не способни. Мислам дека таквиот преседан нема потреба да се прави. Јас сакам чисти бројки да видиме каква е состојбата.

Второ, едно многу битно правило за мене. Кога ние можеме во Уставот на Република Македонија да кажеме дека претседателот на државата не може повеќе од два мандата да биде по пет години, зошто не го направивме ние од 1990 година менувавме закони, да променевме дека директор во образованието од еден мандат, или два мандати, во зависност од тоа како ќе се договориме во ова Собрание. Ако биде два, или три мандати, ќе биде три мандати и тогаш никој три мандати нема да го чепка. Меѓутоа, не може да биде доживотно. Машала, доживотно избран, или ресорен министер доживотно. Никој не може да го смени, недопирлив е. Така се вршеа тие вработувања во согласност со овие промени. Ако ние напаѓаме со едно оружје на истите овие луѓе, треба да најдеме против оружје за одбрана. Вие ја немате таа сила и моќ да се браните со тоа дека ние вработуваме како влада или како ресорно министерство неспособни или не компетентни луѓе. Не можете од многу, многу чиста и јасна причина. Кај нас такви мерила и критериуми, изградени стандарди или кодекси на однесување во таа област немаме. Можеше доволно тој што завршил и уште не дозавршил, со уверение на добиена диплома да може да се вработи со ниеден месец чекање во трудот, а некој кој има две деца, три деца и десет или дванаесет години невработен да чека и никогаш да не дочека во својот работен век да работи на своето работно место и за она што оваа држава учествувала, одделила пари за неговото школување. Тоа е голема трагедија за мене. Голема трагедија, затоа што ние тие правила на игра мораме да ги негуваме и ние како луѓе мораме да ги спазуваме, не само како пратеници, како министри, како службеници во тие институции, како просветни лица и т.н. Како можеме после ние да повикуваме на послушност, на лојалност или на ред и дисциплина во државата ако ние тој ред го кршиме. Јас сум сега пратеник, или јас сум министер можам да вработувам како сакам, тие правила на игра не постојат и каде се наоѓаме ние?

Затоа јас сакам да бидам малку нов во овие погледи. Мораме и во образованието, како и во сите други сфери во сите други институции во државата да изградиме правила на игри. Тие правила на игри ќе важат за сите. Јас сум сигурен дури има луѓе ќе има и неправди, но тие да бидат во рамките на допуштеното, на она што е

човечното, за да не ни се јавува како глобална појава во оптштеството и ние постојано да се вртиме во круг околу тие нешта.

Што се однесува до прашањата на овие реформи што постојано кај нас се протежираат дека ние правиме некои радикални реформи, јас зборот реформи искрено да ви кажам роден сум 1950 година, од 1950 година до денес тие реформи ги слушам, па комунизмот во социјализам, па од социјализам наеднаш прескокнавме во класичен капитализам и сега уште не знам што ќе измислиме транзиции и т.н. Да престанеме со тие работи. Во секоја област, во секој дел на оптштеството мора да следат промени што ги нуди животот и потребите на животот. Тоа е неминовност која следи. Така ние треба да се однесуваме, а во тие рамки ќе ги вклучуваме најспособните, најквалитетните, најзнаените луѓе, кои можат да ја водат таквата промена. Не можеме ние со неспособни, со никакви луѓе кои немаат никакво образование, кои можат во друг дел да го дадат својот максимум да ги вклучуваме таму каде што не му пее петлето или не му делеле на трите вечери. Мораме тоа навистина да го правиме во сите области. Ова не е фаза. Токму тука го гледам напредокот или натпреварот на политичките партии. Која од политичките партии ќе успее од најзнајните, најдобрите најквалитетните луѓе да ги вклучи во своите редови токму за својата цел. Ако јас сум квалитетен професор да ме вклучи мене мојата партија во тој дел, во тој сегмент да работам да добие со мене и мојата партија со тие видувања, визии да оди напред. И обратно. И опозицијата и другите партии да си бираат такви луѓе и тука ние ќе се натпреваруваме. Јас така ја гледам таа работа. Политичките партии треба да бидат една вага во државата. Која политичка партија присобрала квалитетни луѓе а не луѓе, случајни луѓе од улица и ние сакаме со сила да направиме политичари, со сила сакаме да направиме доктори на науки, со еден месец трудови и т.н. Ние тука се наоѓаме во една без излезна ситуација.

Затоа и реформите и овие кадровски промени што ги правиме јас искрено министер и до Вас се обраќам, во иднина и она што ќе го правиме како Влада и овде во ова Собрание мораме навистина да обрнеме внимание за правилата на играта, да се изострат критериумите за вреднување на луѓето и за влез на луѓето во секоја работа во секоја област. Ако тоа го постигнеме ќе немаме вакви дилеми, ќе немаме вакви расправи во Парламентот, за тоа дали оваа интерпелација е валидна или не е валидна. Дали е добра или не е добра. Затоа настојувам и во наредниот период посебно од областа на образованието кога станува збор околу вработувањето околу промените во сета таа законска регулатива ќе бидам многу ригорозен во поглед на тоа како треба точно да се утврдат тие места.

На крајот, овде беше поставено едно клучно прашање од страна на нашиот брат Латиф Пајкоски. За тоа прашање јас навистина како пратеник немам доволно сознание и мислам дека ресорниот министер д-р Ненад Новковски ќе даде и целосно образложение и ги има можеби во него сите тие документи и се надевам дека во иднина по вакви прашања ќе нема да имаме големи расправии и затоа велам, и не само за денешниот ден што водиме ваква расправа. Јас сакам навистина да ви кажам еден пример, тука е човекот кој беше министер во првата Влада......

Ние треба да изградиме и критериуми, што се викаат кодекс на однесување и на министер и на пратеник и на политичар, и јавна личност. Многу е добро, јас кога сум поставен на одредена функција, кока ќе грешам, капитално ќе грешам, не треба да чекам, некој да ми достави интерпелација, за да си одам од тоа место. Треба тоа сами да го правиме, заради направената грешка и тоа е човечно и тоа е многу, многу морално и одговорно.

Еве ќе го спомнам г-динот Димитар Димитров. Во првиот Парламент, заради одредени прашања, тој беше министер за образование, увиде дека не може некои работи да ги направи, според неговата визија и т.н., си поднесе оставка. И тоа е сосема нормален чин и тој кодекс на однесување, треба да го практикуваме сите. Да не чекаме вакви состојби, по два, три дена да правиме овде говори, да правиме разно разни сејанси, за работи кои веќе се познати, или апсолвирани од страна на самиот ресорен министер и за кои мое да каже: "Јас згрешив, чесно е да си поднесам оставка, да ме замени некој друг, по способен и по напреден и т.н."

Јас мислам дека бев доволно краток и доволно јасен и овие правила што јас ги изнесував, мислам дека во иднина, треба да најдат живот во актите од областа на образовниот систем, кој ќе следат допрва и така натаму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, интерпелацијата за работата на министерот за образование во Владата на Република Македонија, г-динот Ненад Новковски што ми ја достави пратеничката група на СДСМ, која што содржеше првично пет точки, гледаме дека се проширува со нови точки, што искрено да кажам, беше и очекувано од нивна страна.

Обидувајќи се да дадам свое видување, за некои од забелешките, што ги упатуваат во насока на министерот, општо познато е дека СДСМ, за време кога имаше своја влада, беше многу заинтересиран, да ги решава проблемите во образованието. За разлика од оваа Влада што денеска ја напаѓаат, и нејзиниот министер за

образование, јас би рекол поради гол политички маркетинг, да речеме во делот дека не се зголемени платите на администрацијата, посебно на просветните работници, нам ни е општо познато, дека тие беа многу дарежливи, па да речеме зад многу успешното работење, во ресорот на образованието, своите министри, за успешно завршените работи, за зголемените плати, за добриот стандард, ако сакате на просветните работници, ги наградуваа со амбасадорски функции. Така, за многу успешната работа, што ја имаше претходниот министер за образование, денеска се наоѓа на амбасадорска функција во Шведска. Мислам на г-ѓата Софија Тодорова. Ако согласно овој критериум, односно унапредувањето на г-ѓа Тодорова од министер, во амбасадор, од позициониот СДСМ, сметам дека тие биле успешни за времето на нивното владеење во ресорот на образованието, посебно во доменот на платите, тогаш добро. Еве ние ќе го прифатиме, како едно успешно владеење. Меѓутоа, мислам дека сите ние добро се сеќаваме, што се се случуваше во образованието наназад, откако е самостојна Македонија.

Јас уште еднаш ќе потсетам, во спротивно на дело е гол политички маркетинг, кој единствено има за цел, зголемување на некој предизборен поен. Тоа е познат манир на СДСМ. Тука од страна на опозицијата, беа упатени низа забелешки, во смисла дека се направени неразбирлив број грешки, во краток период, да речеме влошување на финансиската состојба, се користеа многу често флоскули од типот се зборува, присутно е не е демантирано, во кулоарите.

Мислам дека некои работи, кога се изнесуваат од говорница, треба да бидеме малку по прецизни и да не се повикуваме на шпекулации, затоа што тие не водат кон подобрување на ситуацијата, туку едноставно, сакаат да ја свртат водата во своја насока.

Слушнавме исто така, дека службениците од министерството, односно Министерството за образование не поднело ниту еден законски проект, сме имале случаи, кога на комисии доаѓале службеници, кои што ги предлага министерството проектите, не биле доволно запознаени. Исто тврдам, дека е и ова шпекулација, односно влегува во сферата на шпекулациите, од една проста причина. Ние дами и господа добиваме известување од комисиите, што се работи и ставови од Комисијата. Се она што се изнесува друго, како тврдење, а се обидува да се употреби, како дел од дискусија, која што доаѓа од Комисија, или од кулоарите, не може да биде валидно.

Мислам дека, со таквиот начин на дискусија, еднаш веќе треба да престане да се занимава опозицијата. Законот за високо образование, кој што се споменува, во смисла дека година дена од времетраењето на мандатот на оваа Влада, дека не е донесен закон, кој што беше најавуван, јас само сакам да потсетам, дека претходната Влада имаше шест ипол години, повеќе пати најавуваше, дека ќе го донесе законот за високо образование, па не го донесе. Тоа не е оправдување. Ние денеска не можеме да кажеме, еве за година дена ние не донесуваме закон, затоа што Вие шест ипол години, имавте можност да донесете закон, па не донесовте. Меѓутоа, треба да се имаат предвид временските дистанци, односно временските периоди.

Исто така, јас би сакал да потсетам дека опозицијата навистина не донесе Закон за високо образование, меѓутоа, донесе закони од сферата на образованието. Донесе парцијални закони од сферата на образованието. Да Ве потсетам, за парцијалниот закон од сферата на Педагошкиот факултет. Тука уште еднаш се напоменува дека, освен што не сме донеле Закон за високо образование, туку еве власта сега и на груб начин сака да ја дисквалификува автономијата на Универзитетот. Токму затоа, сакам да потсетам на овој Закон за Педагошкиот факултет, затоа што тој ја дисквалификуваше автономијата на Универзитетот, затоа што тој беше парцијален и тој претставуваше грубо мешање во рамките на образованието. Едноставно донесен од дневно политички потреби, донесен затоа што претходната Влада требаше да го донесе Законот за високо образование. Тврдам дека оваа власт ќе го донесе Законот за високо образование, меѓутоа нема да направи како што направи минатата власт, тогашниот премиер во средба со студентите вети дека тој закон нема да биде донесен, дека тоа е само една мала шега, политичка шега, па кога отидоа студентите на зимски распуст, кога не беа во Скопје, бидејќи знаеме дека добар дел од студентите беа надвор од Скопје, на две на три, ова Собрание го донесе тој закон.

Сакам да кажам, дека оваа власт законите што ќе ги носи ќе пристапи демократски, ќе ги разгледуваме тука, како што ја разгледуваме оваа интерпелација неколку дена, ќе ги разгледуваме сите можни закони па и Законот за високо образование, решение ќе се најде, а е напуштен токму тој принцип, кој што го имаше денеска опозицијата. Да носи тајно закони, да ги носи по 24,00 часот ноќе и пакет на изборни закони и не знам што беше во тоа време, да носи парцијални закони и т.н.

Значи, кога се преговара за Законот за високо образование и предлагам на опозицијата да ги има овие неколку моменти:Кога се зборува за намера Универзитетот да се стави под строга државна контрола. Јас мислам дека треба да се поткрепи овој став. Треба да се изнесат аргументи, затоа што јас ги читав стенограмите и не видов ниту еден аргумент, туку имаме само нафрлање на тези, или ако сакате произведување на магла, едноставно, народот да поверува дека оваа власт не ја интересира образованието и еве, опозицијата многу се грижи за образовните проблеми.

Мислам дека автономијата на Универзитетот е неспорна. Таа е загарантирана со Уставот и јас, не сум го слушнал министерот, ниту со некои со кој што сум разговарал, имаат намера да ја укинат автономијата, да го стават Универзитетот под државна контрола, или пак, што мислам што е нај проблематично во една дискусија која што беше соопштена на македонската јавност од оваа говорница, дека автономијата на Универзитетот ќе се укине, по теркот на една соседна држава, односно нашиот, северен сосед. Мислам дека намерите се многу јасни на таа дискусија, дека станува збор, односно намера, сегашното мнозинство во Парламентот, која што ја подржува Владата и Владата да се прикажат како не демократски, тоталитарни, како една власт, која што едноставно е груба, безобразна, која што не внимава, која што работи што сака. Тоа е една тенденција, со која што не се среќаваме само во парламентарните настапи, само во оваа интерпелација. Ние се сеќаваме со оваа тенденција од страна на опозицијата. И нормално, и овој пат кога имаме интерпелација се користи таа можност, да се спомне уште еднаш, па кога се спомнува Универзитетот, односно автономијата, се бара начин, како да се поврземе со некоја тоталитарна свест, со некакво тоталитарно сеќавање, па еве ни се посочува примерот на Србија, односно Југославија.

Јас сакам најенергично да ги отфрлам тие работи, јас како човек, никогаш не би поддржал такво нешто, тука потсетувам, дека македонскиот Устав е сосема јасен во таа сфера и мислам дека треба со тоа да се престане. Едноставно, мислам дека е погрешено времето во кое што се соопштуваат овие ставови, затоа што СДСМ имаше време да реагира и да ги следи сите проблеми во образованието.

Да кажам уште некои моменти, кои исто така, беа спомнати во интерпелацијата, за која што сакам да дадам свои видувања. Се спомнуваше случајот “Пекснас“. Ние сме сведоци дека имавме одредени проблеми со случајот “Пекснас“, министерот донесе една одлука, која што понатаму, од Владата беше поништена, па потоа вратена и едноставно, тој проект продолжи. Јас не сакам да навлегувам многу во случајот “Пекснас“ во детали, затоа што некои наши пратеници дискутираа, односно кажаа што мислам во таа насока. Моето размислување, многу не се разликува од тоа.

Меѓутоа, сакам да го потенцирам моментот на различност на оваа Влада од минатата Влада. Да направам една споредба, со минатиот министер за образование. Беше речено дека Владата го поништила, или го вратила тој предлог, продолжува проектот и дека министерот треба да си поднесе оставка. Напротив, оваа Влада покажува сосема различен начин на функционирање од Владата на СДСМ. Ќе Ви кажам зошто. Имаше протести пред две години, кога меѓутоа, сега да не ставам бројки и да не бидам субјективен, меѓутоа голем број на студенти, средношколци, протестираа, имаа свои барања, кои што и ден денеска за мене имаа значење и се валидни и не сум се повлекол од нив. Меѓутоа, тие барања, не само што не беа земеш предвид, туку воопшто Владата не расправаше по нив, односно не ги зеде во предвид, иако беше огромен број на студенти присутен. Напротив, таа држеше еден став, тврдоглаво заседаваше, имаше вонредни седници на Владата, па се прогласуваа мрачни штабови, каде што се организирале студентите условно и едноставно, се немаше доблест да се признае дека во тоа време беше направена грешка, дека министерот за образование Софија Тодорова, треба да си поднесе оставка и дека треба да се исполнат барањата на студентите. Напротив, сега враќајќи се на случајот “Пекснас“ можеби таа не е некаква грешка, едноставно можеби се земало предвид барањето дека учениците во тоа средно школо, започнале со тој процес и треба да го завршат, без разлика дали ние мислиме дека тој проект е позитивен или негативен. Едноставно Владата имаше доблест да каже, нека продолжат тие луѓе да го посетуваат тој проект. Тука мислам дека не треба, по секоја цена да инсистираме на доблест, во поднесување на оставка, зашто напротив, доблест е една Влада да излезе и да изнесе став за некој проблем што ги тангира учениците, а тоа значи дека ги тангира граѓаните и луѓето кои што ја формираат на некој начин оваа држава. Таа демократичност на Владата, мислам дека не треба да се потценува, без разлика, дали ние се согласуваме, ја подржуваме Владата или пак сме, опозициони како пратеници, или политички не истомисленици. Една демократичност, која досега не е позната во делувањето на Владата, треба сепак да се земе предвид.

Исто така, беше спомнато вероучењето, која што беше воглавном од опозиционите пратеници критикувано како, ќе се повикам на стенограм, зошто сакам да бидам прецизен, беше направено не плански, не транспарентно, не подготвено, не најавено беше, од страна на опозиционите пратеници толкувано како потполно промашување, во смисла која влијае негативно и на целта која беше поставена од страна на министерот, а тоа е слика, ова сакам да го потцртам, ќе го повторам два пати, а тоа е слика за религијата и црквата токму кај младите. Повторувам: А, тоа е за религијата и црквата, токму кај младите. Токму е таа намерата со вероучењето. Идеолошката матрица, која што ја имавме 50 години, во процесот на образованието, каде што не само црквата и другите вероисповеди беа прогласувани за табу тема. Никој не смееше да зборува во таа насока. И нашата традиција преку таа црква беше изгонета од процесот на образованието. Токму е тоа моментот, кој што денеска се сака да се отстрани и тука најмногу го подржува министерот. Затоа што ние нашата традиција ако не си ја почитуваме, ако не ја внесеме и вратиме преку процесот на образованието, тогаш кога? Идеологијата ја беше

избркала црквата, да Ве потсетам, кога немаше училишта в Македонија, учениците се школуваа во цркви. Тоа не значи дека имаме обид да ја укинеме секуларизацијата, да ја вратиме црквата во извршните механизми на државата. Меѓутоа, тоа не значи дека на првиот час не можат да добијат благослов, оние што се верници. За оние што се некрст, бидејќи ние имаме и такви изјаснувања, дека тие што се некрст им пречи што вероучењето им е влезено во школите. За нив нека биде петокрака ако сакате. За тие мене ми е јасно зошто така се определуваат. Тоа, не значи и не им дава за право, на тие што се некрст и петокрака, на тие што веруваат и на тие што се обидуваат да ја заштитат традицијата и наследството и нашата историја, да дадат една изјава, дека тоа е сликата за религијата и црквата, токму кај младите. Кај младите мора да е така. Ако 50 години, тоа било таму тема, ако додека јас сум се образувал, кога сум бил основец, средношколец, не сум можел на никој начин да бидам допрен од тоа наследство што го имаме ние, е па нормално е дека ќе имаат негативен став младите за црквата и за религијата. Меѓутоа, дајте да не зборуваме, дека некој сега партиски идеолошки го крои образованието, кога не е така. Се обидуваме да го вратиме во еден нормален тек. Невистинити се тие тврдења дека еве сега вероучение, готово, ќе ги исфрлиме другите предмети и вероучението ќе ни биде основниот интерес. Не. Едноставно прашање на избор. Оној што сака да биде некрст и петокрака, тој нека биде. Меѓутоа, тој што сака да биде крст и тој треба да има право да биде крст. И мислам дека тоа треба да го има предвид опозицијата. Не сакам да именувам, не сакам да давам повод за расправија, меѓутоа сакам да изнесам мој став. Ова беше извадено од стенограм на опозиционен пратеник. Партизацијата еве сега се допираме на уште еден проблем.

Мислам дека во најмала рака е лицемерије, опозицијата да дојде денеска и да ни тврди дека ВМРО-ДПМНЕ го партизира образованието, дека стручните кадри, ги тргнуваме на страна, носиме луѓе, кои што се од ВМРО-ДПМНЕ, да го партизираат образованието и што да направат? Да им поделат членски книшки на учениците? Не треба да се заборави еден факт дека, кога се зборува за стручност треба да се сетиме на времето на СДСМ, во кое што време, ајде да се сетиме дали можел да биде директор во училиште, кој што има поинаква партиска припадност. Па имаме ние ред на директори кои што биле директори на бившата Југославија, како што имаше СКМ - ПДП континуитет и директорите си фатија залет од минатиот систем, па се транзитираа во новиот систем, па станаа успешни нови директори, во новиот систем, а едноставно, луѓе кои што имаа по три, пет или шест мандати, некои директори завршија со мандатите, отидоа во пензија и воопшто, не беше според нивниот квалитет. Меѓутоа, јас морам да кажам дека мене ми е сфатливо зошто опозицијата, едноставно негодува во оваа насока. Затоа што, на некој начин, се смалуваат можностите за влијание, токму на младината и за идеолошко воспитување.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа сега се дезидеологизира и се остава простор ако сакате и на млади луѓе да дојдат и да бидат директори, помлади луѓе, нови кадри, луѓе кои се образувале и кои привршувале со образованието, кои убаво ја искусиле македонската независност, кои немаат идеолошки багаж, кои немаат некое минато кое ги оптоварува со некои други системи, луѓе кои работеле, создавале и кои малку ги фатил просторот на крајот на еден тоталитарен систем кој, кога се распаѓаше, ВМРО повикуваше на независна држава, добро знаеме кој го бранеше тој систем, кој поставуваше платформи за скратени федерации и друго, меѓутоа да не навлегувам во тоа.

Едноставно, во принципот на промена на подрачните министри, во принципот на промена на некои директори, јас едноставно гледам можност и потреба едноставно потребно му е на министерот да создаде своја екипа, ако сака да ја спроведе програмата која ја зацртал. Јас мислам дека едноставно тој ќе биде со врзани раце и нема потреба да биде министер ако околу него нема заменик министер, потсекретари и подрачни министри за образование. Што сакате да биде тој? Тој да биде министер во Владата, а всушност да има ингеренции како опозиционер. Едноставно мислам дека во таа насока треба да го размислиме ова посебно околу партизацијата, едноставно да се сфати дека доаѓаат нови луѓе, дека доаѓа нов начин на размислување, дека нема враќање назад и дека системот на образованието тие луѓе што доаѓаат едноставно му нудат нови можности. Тие, ако не бидат како што треба, треба да се сменат. Ако некој директор не одговорил на директорските обврски, ако тој како некои директори за кои имаме примери ако треба да се изведат пред лицето на правдата, го задолжил школото, направил сметка за телефонирање од 200.000 денари, минатата година за време на кампањата се држел на мобилна линија со кандидатот на таа и таа партија во таа и таа изборна единица. Тоа треба да се санкционира. Тоа треба да се санкционира и во тоа време и во ова време сега. Едноставно како такво треба да го разгледаме, никој не ги поставил тие луѓе, никој не им дал апсолутна амнестија да прават што сакаат. Ние не можеме да поддржиме било каков директор, било кој ќе дојде и од децата ќе сакаме од нормални, изучени, школувани да направи дебили и морони. Или да го наполни џебот, да си направи куќа и не знам што за време од година дена. Тоа не е дозволиво за оваа власт. Ако одите во таа насока дека се спроведува некоја партизација, во таа насока треба да ја

отфрлиме веднаш. Напротив, сакам и овој момент да го спомнам, ако не ги извршеше тие промени господинот министер, ќе му се случеше тоа што денеска ни се случува на нас. Бојкот од администрацијата. Имате случаеви, јас ќе одам директно тука за Собранието, ако сакате на сите нивоа од администрацијата. Кога ќе побарате нешто, ќе издавате наредба, тоа се прима, треба да биде завршено, а ништо од тоа. Тоа е тој бојкот на администрацијата по кој го има оваа власт. Некои работи денеска се испревртуваат дека ВМРО-ДПМНЕ ја искорнал администрацијата од своите чевли, се е променето, дека таа администрација е уништена, дека ВМРО донесе свои луѓе нестручни. Јас ќе Ви кажам дека не е точно. Кој е сменет во Собранието на Република Македонија од службите? Еве нека каже опозицијата, нека излезе да каже 180 луѓе има вработено во администрацијата во Собранието, па колку од тие луѓе се сменети, отпуштени, јас не знам за други служби, не сакам да навлегувам во министерствата, но еве ќе поставиме пратеничко прашање да ни одговорат сите министерства колку луѓе се отпуштени од работа. Колку луѓе во Собранието се отпуштени? Колку луѓе раководители на сектори во Собранието се сменети? Иако се очигледни примерите на бојкот на новата власт. Тоа ли сакате да се случува и во образованието?

Едноставно министерот издаде наредба, па некој потсекретар да му рече ова ќе се заврши како било кој проект, еве на пример за “Пекснас“ или за било што, а да остане не завршено. Ќе излезе дека ВМРО, ДА и ДПА имаат власт и владеат, а владее опозицијата. Да не ги спомнувам судовите, да не ги спомнувам сите опструкции кои се прават на оваа власт користејќи ги сите можни механизми да се опструира. Тоа се прави и во образованието.

Јас максимално го поддржувам министерот во тоа што го направил, затоа што на тој начин може да направи реформи во образованието. Да не зборуваме за реформи во минатиот систем, бидејќи добро знаеме што се случуваше со образованието.

На крај да дојдам до студентското сместување. Многу често беше спомнувано студентското сместување, па беа изнесувани бројки дека вака се случило, така се случило, министерот беше нападнат дека низ партиските ходници на ВМРО се изгубиле илјада сместувања, па едноставно дека мора да се има партиска книшка на ВМРО па да се сместиш како студент. Јас сакам да ги негирам овие работи. Ќе Ви кажам дека тоа воопшто не е точно. Се заинтересирав за овој проблем, затоа што опозицијата уште еднаш се обиде да искористи момент, нормално ќе го искористи во време на претседателските избори во кампањата да спечали некој поен и едноставно да ја претстави грубоста, тоталитарноста или не чувствителноста на оваа Влада. Не е точно. Ќе Ви кажам зошто. Затоа што во време на СДСМ да се биде студент кој не е припадник на таа партија и да се обидеш да влезеш во студентскиот живот, значи во Сојуз на студенти, јас ќе го илустрирам тоа со пример, ако бидете трпеливи.

Нека провоцираат, меѓутоа, тоа ќе го илустрираме со пример, ако бидат трпеливи господата од опозиционата СДСМ. Ние два дена ги слушавме тука. Да се биде припадник на друга партија, а да се влезе во студентскиот живот, тоа беше рамно на мисија - невозможно, утопија. Еве ќе Ви кажам по мојот пример. Јас не можев да се кандидирам во Сојуз на студенти уште во 1996 година, затоа што јавно кажав дека сум член на ВМРО-ДПМНЕ во тоа време. Што се правеше во тоа време со студентското сместување? Во ходниците на СДСМ се губеа неколку илјади места за сместување. Па, ако влезевте во студентските домови од "Стив Наумов" до "Гоце Делчев" тоа беа партиски домови со знамиња на СДСМ.

Ние укажувавме на тоа, меѓутоа, ме зачудува дрскоста со која денеска се соопштуваат едни вакви ставови. Од една проста причина, што, кога ќе забележам и ќе речам како денеска добро, свесни ли сте што правевте Вие, а потоа ќе кажам што не правиме ние. Да не мислите дека јас денеска говорам што правевте Вие, за да најдам оправдување, па и ние да го правиме истото. Не. Кога ќе речам што правевте Вие, мислам на една проста работа дека кај Вас се губеа многу места, дека СДСМ имаше шест и пол години да направи една барака во домовите, една барака за нови 20 студенти, па не направија. Дури безобразно се оди во таа насока кога ќе речам што правевте Вие, да ми се одговори па зошто не се буневте Вие. Па каде да се буниме? Каде можевме ние еве да го спротивставиме демократското миље минатата година и оваа година. Ќе докажам дека Македонија е многу по демократска земја оваа година отколку минатата. Зошто? Затоа што оваа година имате 3-4 нови опозициони весници, имате можност да се искажат сите проблеми и се да се објави. Исти проблеми, многу помали проблеми на оваа власт толку поголема транспарентност добиваат за разлика кога Вие ја имавте власта, едноставно не доаѓаа до јавноста. Едноставно не можеше да дојде до јавност дека СДСМ сместил 2.000 студенти минатата година, затоа што се беше загушено, а постојат начини да се откријат и да се проверат тие работи. Оваа година, напротив, студентското сместување е регуларно, регуларна е онаа листа што ја дава министерството, не е регуларна листата што ја дава Студентскиот центар и таа е направена од минатиот директор кој е близок до вашата гарнитура и тврдам таа листа е направена со фалсификат бројки. Јас не знам која служба е валидна за тоа да го провери и да го соопшти

на македонската јавност. Јас сакам во таа насока да се симнат сите сомнежи ВМРО-ДПМНЕ како мнозинство во Парламентот и како главен носач на Владата воопшто немал потреба да не одговори на овие обвинувања. Јас сакам да се оговори на овие обвинувања, тој систем е напуштен на студентско сместување кој го имаше СДСМ или Вашиот подмладок. Тој систем е напуштен.

Ќе завршам околу студентското сместување, претпоставувам дека ќе има потреба повторно да се говори во таа насока и секогаш ќе говориме, меѓутоа, ако се вратат парите кои нестанаа во системот на образованието, ако се откријат сите директори кои ги направија и проневерија парите, ќе се изградеа домови и студентски сали и сите школи ќе се комплетизираа.

Мислам во таа насока кога спомнуваме војна, губење на војна, вооружен судир, повторно се оди на таа платформа, агресија, тоталитаризам, непринципиелност, отстранување на опозиција, недемократичност. Јас мислам дека овие примери денеска што Ви ги изнесов апсолутно говорат против тоа, ја покажуваат демократичноста.

Вашата интерпелација не ја прифаќам и ќе гласам против неа, многу отворено со чисто срце, со верба дека сум во право.

Пред да завршам, гледам дека не е тука тој дискутант што ме прозва пред малку, кој ми порача да си ја затнам муцката со јасно апострофирање да замолчам, едно нешто ќе кажам, нивото на домашното воспитување не ми дозволува да му одговорам како што заслужува.

Второ, нема да му одговорам, затоа што како опозиционер ќе скокне, во комунистички манир, нормално, обидувајќи се да го злоупотреби тоа што би го спомнал сега дека еве повторно мнозинството ја малтретира опозицијата, агресивно е, насилно е и не знам какво. Уште еден по битен момент, зошто нема да му се обратам на тој говорник кој беше многу не културен, затоа што е припадник на друга национална група и едноставно не сакам да го искористи во таа насока дека еве ние ваквите ги малтретираме таквите, па да настане додатно затегнување на односите.

Меѓутоа, принципиелно сакам да кажам дека така пратеник на пратеник не може да му се обрати и дека напротив со тоа што го направи од оваа говорница покажа кој е агресивен, кој е невоспитан и кој е непринципиелен. Јас Ви благодарам. (Аплауз).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, интерпелација да, тоа е демократски чин на секој плурален Парламент, но тоа го сфаќам во смисла на поттикнување на идеи, визии околу подобрувањето на сите сегменти во образованието што е на дневен ред како основен столб на човековите права, на демократијата, на оддржливиот развој, на мирот и стабилноста на едно општество.

Образованието како еден суштински проблем на општеството, чудно ми е што еве два дена расправаме околу тоа, тоа е еден сегмент на општеството кое ги опфаќа сите слоеви на едно општество од најрани години, па до најстарите дали директно или индиректно.

Добро е што оваа интерпелација е поттикната од опозицијата, од СДСМ, меѓутоа, колку што гледаме овие два дена повеќе на говорница е позицијата отколку опозицијата. Се со цел не само да се брани дефакто она што до сега е реализирано во овие изминати седум - осум месеци на владеење на оваа коалиција или министерот господинот Ненад Новковски, туку да се направи една анализа врз тоа што е направено, а што не е, што можело и може понатаму да се реализира.

Но, не сфатливо е ако опозицијата бара се она што до сега а не е реализирано, а е наследено од минатата Влада, па не само од минатата, туку сите тие 55 години во која владееле екс комунистички и екс социјалистички на СДСМ, кои се толку натрупани, настанале толку промени, се разбира, за толку кратко време да се решат наеднаш и тоа преку ноќ. Никој од нас овде, па и целата јавност што не следи не е против тоа да се компјутеризира, имаше такво барање, дека сме ветиле дека ќе ги компјутеризираме училиштата, дека ќе градиме толку и толку спортски сали, дека ќе реновираме и градиме нови објекти, се разбира не само министерот, сите ние тоа го сакаме, но колку се тие можности, колку Вие што владеевте пред нас колку основни материјални средства оставивте во Буџетот, кој ние како Парламент го донесовме. Дали има такви услови или нема.

Како член на позицијата ќе гласам за доверба на министерот, затоа што за ова кратко време по мое убедување навистина во образованието нешто тргна кон нагорна линија. Почнувајќи од уписната политика како никогаш, можам слободно да кажам иако ќе згрешам во проценти, но во уписната политика не само во основното, туку и во средното скоро 97-98% од пријавените од оние основците кои пројавиле желба да се школуваат во средно, тие се регистрирани.

Што се однесува до албанските ученици кои завршиле основно образование, јасно е дека бројот е помал, но не во овој поглед, не е виновен министерот затоа што од тоталниот број завршени осмо одделенци од учениците албанци се пријавиле само 50% - 55%, од оние кои искажале желба да се школуваат во

средно образование. Од нив скоро 97% се примени денеска во средно образование.

Тоа е по мое убедување, највисока бројка запишани ученици во средно образование, што се однесува до учениците со настава од албански јазик. Но, друг е проблемот, тоа во друга конотација можеме да зборуваме, зошто е мал бројот на пријавените кои искажале интерес.

Се разбира, тоа е проблем во стимулативниот дел да речеме на тие ученици, мотивот на тие ученици за школување. Се разбира дека тука е друг проблем.

Што се однесува до уписната политика, би сакал да кажам уште нешто. Пак мислам дека тоа ќе се решава, верувам во тоа, но се работи за проблемот на голем број на ученици во основното образование во една паралелка. Знаеме дека законски тоа е регулирано и најголемиот број ученици во една паралелка треба да изнесува 34 плус 1, значи максимум 35 ученици. За жал, тоа е наследено уште по одамна заради “икс" причини можеби објективни, затоа што објектите се такви какви што се, а и сега имаме такви паралелки во кои бројот се движи над 35 ученици, 38, 40, дури и 45 ученици. Замислете наставник во прво одделение со толкав број ученици, 45, да изведува една квалитативна настава, затоа што кога знаеме дека наставниот час трае 40 минути, а има 45 ученици, значи, за да се контролира секој ученик, наставникот има помалку од една минута, се разбира дека тука нема успех. Иако во последно време, се разбира на иницијатива на Министерството и министерот, има малку релаксираност во овој поглед, меѓутоа, има доста такви примери. Јас можам да спомнам доста примери во Струга и Струшко, а ги има и во други места.

Апелирам во оваа смисла да се направи нешто и да се подобри состојбата со овој проблем, затоа што сакаме квалитетно образование. Се разбира, ако има еден народ необразован, а ние имаме намера да се интегрираме во Евроатланските процеси, во една модерна и цивилизациска Европа, се разбира, без образование тоа не може да се направи. Но, со квалитетна настава и образование може да се оди напред.

Што се однесува до инвестиционата политика, уште на почетокот реков дека министерот во овој поглед нема никаква вина и никаква одговорност. Зошто? Затоа што ние донесовме буџети, одредивме толку пари се за вас и што сакаш прави со овие пари, нема ни плус ни минус од тоа. Зошто пак и тој Буџет беше толку рестриктивен? Се знае зошто. Тоа се последици наследени од претходната Влада и власт, тие се од економски и други причини. Не сакам да навлегувам во тоа. Меѓутоа, обрнувам внимание дека и поранешниот министер и Влада немале или не сакале да имаат една реална слика на сите школски објекти на ниво на Република. Имаме една голема диспропорција меѓу објектите, да не речам оние руралните и урбаните, туку од една страна да речеме во Скопје, во урбаните средини објекти супер модерни, компјутеризирани, а од друга страна имаме објекти и училишта кои слободно можам да кажам дека се градени некаде 1930, 1935 година, кои немаат никакви основи елементарни услови за изведување настава, каде што наставата се изведува на класичен начин, со креда и црна табла. Нема ни клупа, нема ни метража да речеме колку што му следува квадратура на еден ученик. За жал, такви ги имаме. Верувам дека треба да се направат такви напори да имаме преглед, да слеземе долу и да видиме на кого треба да се даде приоритет и да се даде приоритет на оние кои навистина немаат услови, најелементарни за изведување на нормална и квалитативна настава. Да не зборувам за надгледни средства, бидејќи ова што го зборувам се однесува на објектот. Таму се навистина во многу лоша состојба.

**АЛИРИЗА ЛОГА:** (Продолжение)

Што се однесува до кадровската политика, овде би се осврнал на два сегменти. Што се однесува на кадровските промени, доста стана збор од опозицијата за промената на директорите. Доста дискутанти рекоа дека тоа не е тапија, тоа не е професија која е доживотна. Но едно е добро, но едно е добро, министерот заедно со својата екипа односно Министерството за образование, барем сега кај народот беше створен мит дека единствено само тие досегашните директори се способни и стручни да ја водат институцијата, да речеме едно училиште или институција на образованието и други такви способни нема. Дури имало и такви директори кои биле директори 3, 4 или 5 мандати, како да е само тој способен и друг нема, иако тука имало многу поспособни и во стручна квалификација, па и во организациони способности и т.н. Јас мислам дека со овие промени тој мит е соборен и се докажа дека се способни, а можеби уште по способни од оние досегашните директори што биле директори, многу, многу време, во смисла на образование и квалитетот. Сепак, тоа е нормално, затоа што нивните директори денес се менуваат. Јас лично тргнувам од себе. Бев директор 4 години, 1996 година не ми се даде согласност од позицијата да бидам пак директор, заради тоа што бев член на една друга партија. Но, за да биде апсурдот поголем, јас воопшто не бев застапен во наставата, затоа што немаше други работни задачи по мојата струка и две години бев на апанажа, како да министерството и нашата држава имаат толку пари мене да ми плаќаат без никаква работа, само затоа јас да не бидам застапен како директор, иако и по стручност бев еден степен повисок од тој што ме наследи, но заради тоа што тој беше од друга партија. Тоа е

нормално и не треба да се лути опозицијата во таа смисла.

Во поглед на кадровската политика, сакам да истакнам еден проблем кој го спомна и еден од дискутантите, а се однесува на наставниот кадар во училиштата со настава на албански јазик. Наеднаш од претходните седници јас ја покренав оваа иницијатива што се однесува на нострификација на дипломците дипломирани на универзитетите во Албанија, Приштина и т.н. Зошто повторно сакам да го спомнам ова? Заради следното. Имаме случаи кога се објавува оглас во училиште за наставник по физичко воспитување или по уметност. За жал, тој кадар е дефицитарен кај нас во редовите на наставниците Албанци. Се пријавува дипломиран професор по физичко воспитување и по музичко воспитување, меѓутоа, дипломиран на универзитетот во Тирана и во меѓувреме се пријавува и друг не соодветен кадар за истиот предмет, да речеме, за физичко воспитување кој има завршено албански, Биологија, Хемија или друго соодветно образование, кое не е соодветно на објавениот оглас што се случува? Се случува да се прими не соодветниот кадар дури со гимназија, иако завршил Биологија, Хемија и други предмети, а овој што има диплома по физичко воспитување, професор, меѓутоа, завршил во Тирана, нема да биде примен. Се прашувам себеси дали има логика тука? Колку и да е тоа некоја диплома тука непризната, за жал, но тоа не е одговор само на оваа Влада, туку тоа се наследува 7 - 8 години station наназад, бидејќи тие не дипломирале денес, туку многу пред тоа. Дали има логика да речеме тој наставен предмет да го предава несоодветно лице, кога имаме соодветно образован со сите тие елементи. За мене тоа е несфатливо и верувам дека Владата, па и министерот и Министерството, овој проблем ќе го надминат во скоро време, затоа што се работи за маса такви дипломци, 700 или 800 на ниво на Република, самите тие се однесуваат на некој начин инфериорно, а општеството не зема никакви грижа за нив.

Што се однесува она што некои дискутанти овде многу грубо рекоа, дури за мене таква компарација и оценување дури по имиња на директори од Жировница, или не знам каде, таму каде што бил именуван директор од ПДП, ДПА или не знам од кој - многу чудно и тоа го запамтив кога рече дека се именува директор ама чист Албанец. Не знам што сакаме да каже со тие зборови "чист Албанец". Зарем според него има и нечисти Албанци, нечисти Македонци Муслимани или што е тоа, што сака со тоа да каже? Затоа што г-динот е многу фрустриран, емоционален и во тој поглед зема право да зборува за сите Македонци со исламска вероисповест од Струга па до Тетово и натаму до Прилеп. Меѓутоа, јас живеам во една средина каде што има доста такви, како што е Лабуништа, едно од најголемите села, каде живеат македонски муслимани, Албанци со христијанска вероисповест и т.н., меѓутоа и по последниот упис таму има скоро 1500 жители Албанци, а нема училиште на албански јазик, си учат на свој мајчин јазик. Тоа е нивно право, елементарно право, се разбира со сите меѓународни конвенции, секој има право да се искаже онака како што тој мисли, да учи онака како што тој сака да учи. Тоа е негово право, тоа е Универзална декларација на човекот, на секој кој што сака, каде сака и како сака, на кој јазик да се образува. Тоа е негово право. Немаме никакво право, а уште помалку јас или некој од нашите колеги тука да му го одземеме тоа право. Не значи дека е тоа и денационализација. Не е тоа денационализација. Денес слободно можеме да учиме на кој јазик сакаме, англиски, имаме колеџи, турски, англиски, тоа не значи дека ќе се денационализираме, туку напротив.

На крајот, да не должам, се разбира дека јас ќе гласам за доверба на министерот и верувам дека и натаму вака како што почнал за овој краток период и во поглед на реформите кои ги почна, а тоа е процес, се разбира дека е процес, тоа не е за ден, два или преку ноќ да се решава и имам доверба во тоа и верувам дека ќе има успех, им посакувам и натаму успех.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Рековме дека ќе дадеме пауза во 16,15 часот, но прашувам дали да го ислушаме и господинот Стојан Попов, па потоа да дадеме пауза.

(Знаци на одобрување).

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитувани колеги, навистина не ми беше лесно да се определам за еден вид концепт како метод, како би поминал на разгледување на ова прашање околу интерпелацијата за работата на министерот за образование, од повеќе причини.

Прво, мислам дека беа изречени многу работи во форма или со аспирација да бидат аргументи во однос на неговата работа и од една страна и од другата страна. Значи, како што еден млад пратеник овде, мислам млад по години, вели едни максимално го поддржуваат господинот министер, додека други максимално го напаѓаат и навистина не ми е својствена оваа атмосфера на создавање партиски фаланги, спротивставени од едната и другата страна и изгледа токму тоа беше причината зошто ми беше тешко да изнајдам начин и метод како да пристапам во своето размислување околу оваа интерпелација. Мислам дека суштината во целата работа е да не се зборува, барем јас така мислам, како мој личен приод, јас не би зборувал околу тоа, како министерот работел низ некои конкретни постапки, затоа што мислам дека никаде не би воделе такви искажувања и навистина не можам

да сфатам начин на дискусија каде што навистина младиот пратеник кој пред малку настапи, одеше во стил ]ас ќе ви кажам сега и ако се сведе во тој стил на разговори јас ќе ви кажам сега ќе ви кажам со некои аргументи нормално кои тој смета дека се аргументи, другата страна исто би рекло јас сега ќе ви кажам други работи и мислам дека таквиот начин на размислување не води апсолутно никаде.

Затоа, се определив за нешто што би било и метод еден поинаков, а тоа е размислување или полемизирање со нешто што е идеја, значи полемизирање со идеи, полемизирање со начин на размислување, со резон или вкупниот речено со нешто што е ментален склоп на човекот, кој што го води министерството. Во еден таков пристап мислам дека можеби е најдобро, мене барем така ми се чинеше, едноставно се навратив на некои работи кои се запишани и во програмските определби на самата партија од каде потекнува министерот за образование, значи од програмата на неговата партија, каде што декларативно се искажани принципиелни ставови со кои човек не би можел многу да спори. Меѓутоа, кога би се навратиле на нешто што е конкретно делување, би согледале нешто што би водело кон една многу јасна дискрапанца. Накратко, овде имам и некои потцртани работи од самата програма.

Овде стана главно спорно прашањето, дали министерот спроведува реформи или дали ги продолжува или ги стопирал реформите кои биле започнати во системот на образованието. Јас не би навлегувал во тоа дали стопирал или дали продолжува, едноставно би одел на анализа околу тоа какви се тие реформи или дали постојат реформи во начинот на работата и во делувањето во изминатиот период.

Затоа, би почнал со неколку работи, кои овде се многу јасно запишани. Еве, првата нека биде реформите. Мислам дека суштината е дали се има права претстава и права ориентација околу тоа што се суштински или што е суштината на реформите во областа на образованието.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Јас мислам дека тука има големи отстапувања во делувањето. Мислам дека во делувањето во претходниот период министерството и министерот повеќе се занимаваше со периферни прашања во работата на самото министерство, кои што се исто така некој дел од програмата што ја има зацртано самата водечка партија, а оние суштински мислам дека во голема мера останаа на страна. На пример, во овој дел што е напишан во програмата како седум за образование има апострофирано повеќе точки од кои што јас би изнел некои кои што сметам дека се наполно изневерени во самата работа, или на пример некои кои што се небитни, а на кои што им се дава големо внимание и кои што практично не отклонуваат од она што е суштинска реформа во оваа област. На пример во една од точките пишува дека ќе се работи на стандардизирање на наставните планови и програми и нивна дезидеологизација. Јас досега барем во досегашното работење не можев тоа да го сретнам и да го почувствувам, освен во некои сфери каде што една од тие сфери на пример е воведувањето и тоа е исто една од точките во самата програма кај точката 13 вели: воведување на вероучение како факултативен, или изборен предмет во училиштата.

Така што ако веќе се сака да се оди кон дезидеологизирање ми се чини дека насоката е апсолутно погрешна, затоа што и во една ваква определба мислам дека постои веќе една голема мера и голем акцент на идеологизација. Нормално не можеме и самата религија да ја сфатиме како појава која што во себе не содржи идеологизирање.

Овде слушнавме големи искажувања и одбрани во овој смисол дека, тоа е направено врз определба на барање на широк дел од популацијата, меѓутоа ми се чини дека правата постапка и правиот однос не е запазен. И мислам дека апсолутно по ова прашање требаше да има една многу поширока јавна расправа, каде што сите граѓани би можеле да го искажат своето размислување на оваа тема. Бидејќи министерот и не даде одговор на самата интерпелација, ние единствено можеме да комуницираме или да водиме дијалог, да полемизираме со него врз основа на некои негови јавно искажани ставови преку медиумите, интервјуа и т.н.

Кога во јавноста му беше забележано дека меѓу другото и тоа е еден личен став, бидејќи не е личен став на министерот во една таква определба бидејќи не е изнесено на една широка јавна расправа, самиот министер рече дека тој има право на личен став, затоа што делува како политичка личност што на некој начин го спори правото на сите други дури и научни работници, професори и т.н., да делуваат од тој аспект, туку се повикува дека нивната логика би требало да биде единствено аргументирана, научна и т.н., што мислам навистина дека е еден апсурд во самото размислување. Не можам да замислам дека истите критериуми не можат да важат и за самиот министер. Тоа не е никакво оправдување што министерот кажува дека зад него стои партија, нели се е запишано како што тој вели во партиските програми, и дека тој едноставно спроведува политика зад која што стои мнозинскиот дел од гласачите. Мислам дека едно вакво размислување, затоа реков дека сакам да полемизирам со нешто што се идеи и размислувања. Мислам дека апсолутно не стои, затоа што ова е прашање кое што навистина треба да наиде на поширока расправа. Јас лично се сметам за човек кој што има високо развиени, или развиено религиозно чувство и лично не би се сложил на пример со ваквиот пристап на прагот на 21 век

во една изградена секуларна држава повторно да правиме враќање кон нешто што е теистичка конфигурација и на самиот систем на општествен и политички и т.н. Мислам дека тоа длабоко навлегува во нешто што е интимна определба, основно човечко право и мислам дека само на таков начин може да се пристапува кон определбата религиозна, а никако со воведување, со нечии одлуки и партиски декрети, програмски и т.н. во училиштата. Или да се оди на толку широка расправа, па ако покаже навистина голем дел од населението такво расположение, тогаш тоа да се разгледува. Длабоко ги ценам апсолутно вредностите што религијата ги носи со себе поготово оние што навлегуваат во филозофскиот домен на нештата и мислам дека баш од тој аспект можело да се разгледа и некое друго решение, она што се филозофски вредности и пристапи во религијата на друг начин да можат да бидат инкорпорирани во системот на образованието. Значи би можело да се размислува дека тоа може да биде инкорпорирано во одредени други приоди низ други предмети, како што е на пример етиката. На пример таква работа не е разгледувана очигледно со самиот факт што веќе еден чин се прејудицира и веќе во оваа година на почетокот на школската година имавме нешто што се вика еден благ вовед на вероучението преку благословувањето на почетокот на школската година. Значи, тоа е една работа.

Друга работа на пример исто пак би се повикал на дел од програмата пишува вака, на пример на едно место вели: реорганизирање и кадровска обнова на институциите задолжени за образованието и формирање на центар за истражување и развој на образованието, кои ќе се темелат на стручност, висока обученост на кадрите, нивна компетентност, а не партиска припадност и лојалност како што е сега состојбата со актуелната власт, значи, се мисли на онаа изборна програма. Во принцип кога ова се чита навистина човек не би имал ништо против, меѓутоа и не само против, туку апсолутно би го потврдил и како своја определба.

Меѓутоа, има една друга работа. Стварноста сега покажува нешто друго и ми се чини дека и одгласите што доаѓаат и од самата Република, од системот за образование, од училиштата, од професорскиот кадар и т.н., зборува нешто друго дека тие кадровски промени се прават на еден начин кои што во изборната програма беше критикуван со оправданост. И тука јас можам да сфатам голем дел од дискутантите на позиционата партија како критика на претходната власт. Меѓутоа, не можам да сфатам дека се извлекуваат поведенија и намери на делување и се спроведува делување врз негативни примери. Мислам тоа не можам да го разберам, затоа што ако се тврди, а тука се тврдеше, нели нема ништо лошо во тоа да се направат промени, кадровски промени врз основа на позиционирањето во власта партиска и т.н., тоа апсолутно не може да се оправдува со фактот такви промени да бидат направени апсолутно во сите сфери и да не кажам со 100% застапеност.

Мислам тоа навистина не држи, поготово во ваква област како што е образованието, или културата. Мислам дека ако некаде треба да се почитува автохтоноста, автономноста на личноста, интегритетот и т.н., треба точно во овие сфери кои што ја одразуваат пред се духовноста на нашиот народ и навистина се едни од најзначајните сегменти во целокупната општествена надградба. Така што ако сеземе принципот дека по секоја цена мора да биде се сменето, мислам дека се оди кон едно комплетно застранување.

Трета работа е, мислам овде има и други работи околу утврдување на нормативи и правила за избор на раководен кадар, каде што нема да почиваат на партиска припадност, послушност, и менаџерски менталитет, туку ќе бидат базирани на етичкиот лик и т.н. Мислам дека има една фразологија која што апсолутно е само преземена од делувањето и на претходната власт и мислам дека навистина ослонување на негативни примери не води никаде. На крајот на краиштата опозицијата си ја плати сопствената цена за своето делување и владеење во претходните години и веројатно ќе извлечат и позитивни искуства врз основа на слабостите, кои што тие ги покажаа во своето владеење. Меѓутоа, не може ова да биде сметано како некое оправдание повторно за делување и за вршење на нешто што е партизација во областа на образованието и во областа на културата. Јас мислам дури и во сите други сфери на општественото живеење.

Четврта работа, мислам дека постојано се инсистираше на тоа дека општествениот статус на образованието е многу низок, а општествениот статус го подразбира и материјалниот дел. Јас никаде не видов залагање на министерот за образование и на самата Влада, значи како определба навистина тој општествен статус да се подигне на едно повисоко ниво. И овде имаме намалување на материјалната база и со тоа се доведува во прашање она што исто како програмска определба се застапуваше во текот на изборите да се подобри материјалниот статус, со што би се издигнал и дигнитетот на луѓето кои што работат во образованието.

Мислам дека во овие периферни занимавања на министерството со проблемите во образованието, како еден од примерите исто би можел да биде посочен и спротивното делување од определбата комплетно да се изврши компјутеризација во основните и средните училишта навистина на

еден прав начин да се воведе школскиот или образовниот систем во новиот милениум. Мислам дека тука веќе не е ништо направено, затоа што и со самиот факт ако ние не го подигнеме општествениот и материјалниот статус апсурдно е да се размислува дека воопшто одиме кон таква тенденција. Значи, не сакаме да покажеме една свест, политичка свест за значењето на областа образование, областа култура, и т.н.

Значи, тоа е веќе нешто што е недоволна би рекол политичка, недоволно формулирана политичка свест за значењето на одредени области. Меѓутоа, декларативно тоа го застапувавме многу гласно и мислам дека тука има големи изневерувања од она за што се залагавме.

За вреднувањето на трудот јас мислам тоа веќе го опфативме и тоа влегува практично во оваа сфера на осакатувањето, дури и на намалувањето на финансискиот дел во буџетот за образование. Јас тука исто така би рекол една работа што и ние како Демократска алтернатива ја имавме како програмска определба, за која сакавме да се залагаме апсолутно паѓа во вода, а тоа е дека во нашата програма исто стоеше дека Владата сака, или ќе настојува да ги зголеми средствата што ќе се издвојуваат во оваа област за најмалку до 50%. Еве, нека не биде тоа некоја реална претпоставка, меѓутоа, мислам дека не смеевме да дојдеме до паѓање на, сепак еден позитивен тренд мораше да биде задржан. Во овие насоки јас не почувствував залагање, или доволно залагање од самиот министер за подобрување на целата оваа ситуација во смисла на дигање на општествениот статус.

Има и низа други работи околу кои може да се зборува. Мислам дека една од работите кои исто така заслужуваат внимание би била и одлуката на министерот околу воведување на настава на турски јазик во училиштата, каде што учат македонците муслимани. Тука мислам дека, бидејќи имаше доволно јасно образложување господинот Љатиф Пајкоски, апсолутно го поддржувам и мислам дека тоа е одење во една погрешна насока со несогледливи последици и не можам да разберам таква одлука на министерот и одлука на Владата во таа насока. Мислам дека онаа опаска, или како да кажам што господинот Љатиф ја кажа како еден вид на духовитост која може да има трагични последици, тоа е дека одредени групи на родители и т.н., се организираат со иницијатива да предложат воведување на настава на кинески јазик.

Мислам дека е споредбата навистина духовита, меѓутоа, води кон катастрофални последици по Македонија.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Мислам дека не држи образложението на министерот дека секој има право да се определи на кој јазик ќе учи. Мислам тоа не држи, знаејќи дека и таа материја е подложна на политички делувања, на политички опсервации, на политички притисоци, така да ништо не значи, ако одредени групи пројават таков интерес, дека тоа е и оправдано. Со тоа не можам да се согласам ни случајно.

Морам да кажам, лично јас имам дури и еден комплекс во однос на владеењето со македонскиот јазик, оној говор со кој јас владеам, во однос на, како што рече г. Љатив, торбешите кои што со таква чистина и речитост владеат со македонскиот јазик. Мислам дека еден таков процес на денационализација може да биде погубен и баш би сакал на таа линија да ги слушнам аргументите и образложенијата од г. министер. Некои од дискутантите на позицијата рекоа исто така, кога би имало така капитални грешки во работата дека и самиот министер треба да биде свесен за тежината на нештата и дека би требало да оди во насока, ако треба и самиот да даде иницијатива за свое отповикување, ако веќе се направени такви грешки. Јас мислам дека тоа е една од таквите капитални грешки.

Околу толкувањето на дискреционото право што исто го сретнавме некаде во медиумите, бидејќи не бевме удостоени со еден официјален одговор на интерпелацијата од г. министер, се дава едно објаснување дека тоа е пракса, дека тоа на некој начин е регулирано со законот за работа на Владата и т.н. Не е проблемот во тоа. Проблемот е, дури и да постои такво дискреционо право, проблемот е во високата морална свест на министерот дали ќе се посегне по такво дискреционо право каде што може навистина да создаде големи последици и дискриминација на одредени други субјекти кои конкурирале или кои што учествуваат во тој процес. Тоа е проблемот. Јас во тоа интервју исто така прочитав дека самиот министер вели дека е тој високо морална личност. Мене навистина не ми е својствено сам човек за себе да проценува дека е високо морална личност.

Мислам дека тоа е навистина предмет на оцена на други луѓе. Меѓутоа, сам човек да каже дека себе си се смета за високо морална личност за мене тоа би било сериозен индикатор во спротивен правец. Не гледам причина зошто некој би инсистирал на тоа дека е високо морална личност. Значи се работи за нешто што е еден систем на размислување, нешто што е отсутност на некој логичен сензибилитет на чувствување на нештата.

Исто така околу прашањето и тоа беше некаде спомнато дека ќе се направат одредени ревидирања во учебниците во смисла на еден дел од историјата каде се спомнуваат окупатори, во тек на историјата на Македонија, дали тоа се српски, бугарски, германски и т.н., ставот на министерот е дека за тоа треба да разговараат стручни луѓе. Јас мислам дека тоа е апсолутно неодржлива теза, која барата со нешто што е еден вид на полувистина или манипулација. Не

можам да разберам некој да се повикува на нешто што е дел од историјата каде што се уште ние сме генерација, доволно е своите родители дедо или баба да прашате дали некој е третиран како окупатор или не е. Не гледам зошто тука сега се става во функција повикување на стручност, на компетентни луѓе, на историчари и т.н. Значи од една страна имаме нешто што е толку евидентно, од друга страна имаме негирање на нешто што е постоење на историја во тек на педесетина години, на научни работници, на историчари и т.н. Што е тезата? Тезата е дека сите тие луѓе не биле достојни да се занимаваат со својата професија, дека немале логичен начин на размислување, не зборувам за научен пристап. Или да се третира дека историјата може да има еден сосема по друг пристап, друго читање и т.н., кое ќе не води кон заборавање на некои работи. Такви изјави имаше од г. министер. Јас мислам дека никој не би можел да има таков пристап...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Стојановски, држите се кон темата.

Ваш е проблем како ќе размислувате.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Ве молам не ме прекинувајте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако го има тоа во материјалите да разговараме.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Го има. Еве го. Јас мислам дека не е демантирано. Јас цитирам, бидејќи не ме удостои г. министер со неговиот одговор на одредени прашања. Јас морам да комуницирам со него врз основа на одредени јавни настапи, интервјуа и т.н. Нема друг начин. Да имаше званичен одговор, веројатно ќе полемизирав со делови, извадоци од одговорот на г. министер.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да ви влегувам во збор.

Комуницирајте со предметот што ви стои пред вас.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Тоа е предметот. Јас мислам дека ова е суштината на предметот. Не е суштината на предметот тоа дека едната страна ќе тврди оти не направила никакви чистки, а другата ќе тврди дека направила чистки. Тоа не е суштината. Ако тргнеме на таков начин на размислување никој пат нема да дојдеме до вистинските нешта. Колку што ќе бидат во право оние што ќе бранат, максимално, како што рече еден пратеник, максимално ќе браниме, а други максимално ќе напаѓаат. Не. Мислам дека треба да се занимаваме со начинот на размислување, со менталниот склоп и со нешто што одразува суштина на водење на политика во една земја, во дадена област.

Бидејќи сакате да ме прекинувате, јас мислев да зборувам навистина подолго, мислам доволно веќе кажав за да го формулирам и да го дефинирам својот став дека во овој случај мислам, дури и пожелно би било, не знам и тоа некој го спомна, оваа интерпелација да дојдеше од страната на позиционата партија, Владата или г. премиер сама кажеше дека има одредени проблеми и тоа крупни проблеми, принципиелни проблеми кои тешко можат да се бранат со она што беа и што се уште декларативно со програмски определби и на Владата и на самата коалиција и на водечката партија.

Според тоа сакам да го искажам својот став, дека во овој случај ќе гласам за интерпелација на г. министер Новковски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува за збор министерот Новковски, бидејќи неколку пати беше прозван, а потоа ќе одиме на пауза.

Има збор г. Ненад Новковски.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувано Собрание, дами и господа.

Во еден дел ќе зборувам малку по општо, затоа што прашањата што овде се на дневен ред бараат генерален пристап.

Се јавив сега за дискусија, бев подготвен да се јавам на крајот, меѓутоа излагањата почнаа да дивергираат, всушност веќе не се согледа што се сака да се постигне со ова, како да нема Собранието за цел да гласа дали министерот за образование треба да остане или не, туку да ја продолжи онаа кампања на навреди и клевети што беше пласирана во медиумите, само сега преку Собранието и преку телевизија. Ништо повеќе од тоа. Јас овде не гледам намера дека некој сака да гласа, дали јас треба да останам овде или не треба да останам.

За конкретните забелешки ќе се обидам да дадам куси одговори, за што, како што реков, повторно, некој мудар човек, како за историјата, објаснувањето вреди само за оној што сака да разбере, а нему тоа, речиси и не му е неопходно.

Промените се природна работа. Тоа беше мотото на кампањата што доведе до новата констелација на власта. Пораката беше јасна. После грмотевиците и дождот, за некои природна појава, а за некој елементарна непогода, доаѓа убаво време. После дождот природата блеснува, а веселиот џагор на децата носи насмевка на лицата, на возрасните. Промените се природни и неминовни. Ексклузивитетот на комунистичката номенклатура од претходниот период во новиот демократски амбиент е неодржлив. Промените ја урваат таа еднополарна концентрација на моќта. Новите политички опции ги активираат човечките потенцијали, што досега беа длабоко потиснувани.

Најголемиот дел од прашањата имаат заеднички именител, контаминацијата во образовниот период што ни ја остави претходното

општествено уредување. Тоа се одразува преку кочењето на експонирањето на аналитичкиот слободен дух на сите сфери на општеството, посебно во образованието. Можеби опозицијата е понапред од нас само во една работа, порано ја закачил милениумскиот баг, па и се расипала временската скала. Така заборавиле дека современите религии што ги има кај нас настанале пред 3.000 години кога Мојсие, Моше, по нашински го вовел пунктот на јасве, со цел да го укине култот на личноста, живите богови. Со заборавањето на развиените религии во комунизмот ни се врати култот на личноста. Повторно имавме живи богови и она што беше забрането, жртвувањето на луѓе на тие живи богови. Тоа комунизмот го возобнови. Беа жртвувани доминантни интелектуалци на тие живи богови. Најновиот напредок на производните сили не дојде ниту во Куба, ниту во Кина, ниту во земји што беа слични на нив, туку дојде во оние земји кои имаа долга и непрекината традиција на религиозно образование. Истата грешка на временската скала се одразува и во вашето сфаќање на физиката. Таа била механика пред две-три илјади години. Физичарите во последните децении измислуваа транзистори, ласери, интернет. На пример, мојата специјалност е проблемите на микроелектрониката. Тука се работи за едни многу фини структури, како што се овие тука (ги покажува), кои што се гледаат само под микроскоп, а се добиваат со специјални високи технологии под крајно чисти услови. Мојот најзначаен резултат е добивање на оптимизирани слоеви за така наречените гејт оксиди, кои што се најосетливи на несовршености и во светот се сметаат за врв на умешноста во високата технологија. Добивањето изгледа од прилика вака (покажува), се работи со најсовремени технологии во најчисти услови со роботизирани техники. Тие резултати се светски верификувани.

Можете да проверите во литературата, во времето 1989 година, кој има добиено најдобри гејт оксиди промемории и за транзистори. Тие служат за добивање на чипови, како што е, даречеме, овој овде (го покажува). За помалку запознаените тоа се едни вакви црнки со жички што се ставаат во компјутери и сл. работи. Тие внатре имаат мали парченца од ова големото. Во лабараторија се добиваат вакви (покажува). Ова е целосно изработено од мене, тргнувајќи од дизајнот на маските, колата и т.н. Чисто за информација за да знаете кои се редовите на димензии кои вие сте ги утнале, од груба механика до микроелектронска технологија, која што се однесува на слоеви потенки од 10... односно десетина - 20 атомски слоеви.

Моето враќање во Македонија од Швајцарија, беше мотивирано токму со намерата во Македонија да се отпочне со производство на високи технологии. Токму затоа јас почнав да се активирам во организацијата на образованието и на науката токму во рамките на партијата што најмногу ја сака Македонија, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ.

Реакциите во вашата средина не се предизвикани од некоја грубост во моите постапки, туку точно од споменатата контаминација. Тоа е болест и ќе го боли нашето општество се додека на го излечиме образованието. Аверзијата кон механицизмот е поврзано со вербалната дијалектика од 19-от век, типична за Марксистичкото учење, таа што го кочеше развитокот на науката во комунистичките земји. Така на пример денес преминот на квантитетот во квалитет многу убаво се објаснува со синдергетиката и математичката теорија на катастрофи. За тоа јас имав предавања на радио - Скопје уште пред 17 години. Се надевам дека во Македонија ќе се создадат кадри од општествените дисциплини, што ќе го надминат вербално квалитативниот приод. Тоа ќе биде една од моите најголеми заложби.

Спомнувањето на десниот комунизам може да има различно значење. Ако под тоа подразбирате заложба за еднакви можности и за правото на секој човек да има достоинствен живот, тоа е така. Ако со тоа ги опишувате моите настојувања на децата со полоши материјални услови да им се даде можност да се здобијат со квалитетно образование за да не пропаднат во бездната на сиромаштијата и тоа е така. Но, ако зборувате за поддршка на деспотски режим, тогаш апсолутно грешите. Емпиријата покажува дека вистинските физичари никогаш не служеле на тирани. Таквата работа по правило била правена по филозофи, социолози, лингвисти. Да не ги набројуваме примерите од инквизицијата, нацизмот и комунизмот. Ништо поинаку не е ни со десниот болшевизам. Да ве потсетам дека ниту во такви ситуации не биле прогонувани социолози, туку физичари.

Интересно е да ви се раскаже нешто за Никола Коперник, кој некој тука веќе го спомна. Кога бил запален на клада еден негов ученик, гледајќи како некоја кутра женичка се мачи да довлечка тешка цепаница и таа да фрли на кладата за да и биле простени гревовите, не можел да се додржи а да не извика "Санктас имприкитас", света простотијо.

Во болшевизмот физичарите повеќе не се палат, туку се уништуваат како личности, се прогонуваат, праќаат во лудница. Така и во вашите неодмерени напади врз мене, во болшевичкиот манир што го имате се вклучија и кутри новинари што најмалку знаат кои се моите активности, најверојатно со надеж дека ќе бидат наградени во некој друг мандат.

Реформите во образованието се приоритетна активност на оваа Влада, за што во рамките на мојата партија подготвував 8 години. Во поголемиот дел од тоа време на власт беа партии што се обидуваа да прават проекти, без суштински да се навлезе во отстранување на компонентите што го кочат организирањето на образованието, на начин соодветен на граѓанското општество.

Осмисленото дејствување бараше ревизија на најголемиот дел од активностите и целесообразно насочување на реформите кон заздравување на веќе постоечката милениумска образовна традиција. После направените интервенции успешните компоненти функционираат подобро. Проектот за реформите на средното стручно образование тече успешно. Потврда за тоа се и семинарите што во текот на претходниот месец беа организирани. За тоа добивте информација. Реформите на образованието во сферата на јазиците се изразуваат со воведувањето на пробната настава во четврто одделение. Одржаниот семинар и формирањето на тело за соработка со претставници од европските држави и САД за соработка на полето на јазикот.

Во соработка со Холандија формирана е единица за оценување при Педагошкиот завод на Македонија и таа успешно функционира. Тоа треба да придонесе во нашата земја вреднувањето на резултатите на наставниците и учениците да биде се по објективно. Република Македонија е примена за членка на Меѓународното здружение за оценување. Еве го документот (го покажува документот). Ова е документот, во кој името на министерот Новковски од Република Македонија, каде што Република Македонија се прима за член на Меѓународното здружение за оценување, што значи дека повеќе нема да го има оној субјективизам и политичкото влијание во оценувањето во училиштата. Ова се меѓународни резултати, меѓународни норми.

**НЕНАД НОВКОВСКИ:** (Продолжение)

Република Македонија е примена и во меѓународната асоцијација за матура. Повторно, пред името Република Македонија. Повторно стандардни резултати признаени во светот. А, македонскиот јазик е влезен во списокот на јазиците на меѓународната матура.

Во соработка со Советот на Европа се одвива проект за реформа на образованието по историја. Кон крајот на годинава во Маврово е одржан еден семинар посветен на едно прашање и тука повторно зборувањата беа километарски со саати без никаква основа. Се работи за образование по историја како што се прави во Европа. Затоа што, јас го посочив многу убаво примерот, еден француз рече. "Кога влегов прв пат на германска територија бев потресен, зашто чувствувам дека стапнувам на непријателска територија“. Тоа беше резултат од учењето историја. Тоа повеќе го нема во европските земји и нема да го има ни кај нас.

Вие го спомнавте укинувањето на приемните испити за основните училишта. Укинувањето на приемните испити во односните училишта доведе до појас на законска ситуација, одбегнување на не стандардни решенија и растоварување на најголемиот дел од учениците од непотребните оптоварувања. Тоа што еден дел од учениците три посто за нив проблемите не беа решени, само укажува дека се потребни дополнителни мерки, а тоа понатаму ќе биде спроведено со реформите во средното стручно образование, кои што се во тек и чиј интензитет се зголемува. Тестот на знаење без претходна подготовка не е ништо вообичаено во образованиот процес и има за цел да се оцени степенот на активно усвојување на уставната материја. Тоа не е приемен испит, затоа што се однесува само на онаа група ученици што постигнале идентични резултати.

Со него не се ревидираат оценките од основното образование, туку служи само како дополнителен критериум. Мора да признаете дека ќе ви биде подобро доколку во здравствените институции, имате луѓе кои што не го заборавaат така лесно она што го научиле.

Што се однесува до неправдите, повторно мора да признаете дека оваа година за прв пат максимално се отстранети. Постои шареноликост во поглед на училиштата од каде што доаѓаат новите ученици, а некои основни училишта што биле претплатени на чуден начин на местата во средното медицинско училиште во Скопје, го изгубиле својот привилегиран став.

Ветените подготовки за програмата 2000 отпочна со промена на систематизација на министерството, во која во одделението за информатика, тежина се става на наставната информатика, на најзначајните донатори им е најавено дека ќе биде побарана поддршка за формирање и институција за истражување во областа на новите методики со употреба на компјутери. Програмата 2000 нема да биде обична набавка купување на компјутери, туку нов осмислен приод кон широка експлоатација на огромните потенцијали на компјутерите во наставата.

Да не спомнувам за наставата, која што едновремено беше обезбедена и за бегалците. Кога бев на конференцијата на европските и фаре - министри во Будимпешта, еден од заклучоците беше дека, на бегалците треба да им се обезбеди покрај сместувањето и исхраната и соодветно образование. Морав да го корегирам тој став, затоа што ние тоа веќе го бевме обезбедиле.

Околу финансиската состојба, мислам дека се сеќавате кога токму овој Парламент изгласа редуциран Буџет на Министерството за образование и тоа е закон, а министерот извршна власт и мора да ги почитува законите. Се разбира и покрај таа неповолна ситуација предизвикана со конкретните економски тешкотии, Министерството за образование нормално продолжува со својата активност и проектите. Недостигот од средствата е обезбеден во голема мерка од донации од странство. На пример, 4 милиони долари од Холандија, еден милион од Швајцарија, како признание за залагањето за децата бегалци од Косово пет милиони се очекуваат и уште 5, значи вкупно 15 милиони. Министерството за образование си обезбеди плус 15 милиони, за да може успешно да функционира, покрај она што овој Парламент му одобри.

Споменатиот предлог во интерпелацијата до единиците на локалната самоуправа е една иницијатива за преземање на дел од грижата на училиштата, што во перспектива треба да обезбеди поголема соработка помеѓу министерството и локалната самоуправа. На одредени места, има веќе позитивни сигнали за прифаќање на ваквата иницијатива.

Воопшто, апсолутно е точно, дека материјалната состојба е крајно лоша. Тоа е основа на програмата што јас ја објавив во Глас уште во 1991 година. Таа програма, очигледно досега не е реализирана. А, како ќе се реализира ќе видиме на крајот на овој мандат.

Во поглед на кадровската политика морам да кажам дека Министерството за образование првото што го отпочна е процесот на рационализација на државната администрација, нешто за што сите зборуваа но никој не го прави. Преоптовареноста на администрацијата е банален факт за кој што се зборува 30 години, но, ова е првиот практичен чекор за решавање на проблемот. Структурите кои беа наследени и задржани без, практична никаква функција, сега се укинати. Тоа се оние огромни претставништва со огромен број на луѓе, кои не вршеа никаква функција. Тие се заменети со само по еден претставник. Директорите што беа разрешени, беа разрешени според законот за непочитување на закони, препораки, укажувања. Да се потсетиме само дека помеѓу двата круга на парламентарните избори во 1998 година беа неправилно вработени над илјада лица. Во голем дел и без согласност за ново вработување.

Што мислите, кој го тоа направи? (Смеење во салата). Можам да кажам дека секој треба да се докажува на своето работно место и дека правото на раководно место не е загарантирано, туку само статусот на постојано вработен, а тоа во мојот мандат е максимално почитувано. Само за тешки злоупотреби луѓето ги изгубиле работните места.

Што се однесува до некои спомнувања за незаконски постапки во менувањето на директорите, мислам дека апсолутно мислам дека нема потреба да дискутираме. Судовите знаеме дека се независна власт да не речам, повеќе од левата страна и ако имаше некоја незаконска работа досега сто пати ќе бев пресуден. Како што добивам секој ден пресуди за неправилности што биле направени од директори во претходниот мандат и се плаќаат извршни пресуди, кои што се по десетици и стотици илјади марки за работи што по седум, осум години се влечкале по судовите и не биле решени и сега треба оваа Влада да ги плаќа трошоците.

Во поглед на Законот за високото образование, би сакал да кажам една работа, мислам крајно е невкусно да се бара од новиот министер да реализира проект на старата Влада, односно проект на закон онаков каков што бил предложен од старата Влада. Владата си има свое видување, министерот си има свое видување на законот и тоа ќе биде инкорпорирано во новиот закон. А, тоа што законот, кој што веќе бил подготвуван максимално, текстот кој што го имаме дека максимално ќе биде уважуван и тоа ќе биде.

Според годишната програма на Владата, оваа година треба да се одвива широка дебата во врска со донесувањето на нов Закон за високото образование. Анализите се во тек и за тоа јавноста е постојано информирана. Реков, анализи, нема никакви произволности. Ние повеќе пати објавуваме анализи од стручни лица за состојбите со Законот за образование. И, веќе е предвидено во соработка со Комитетот за култура на Советот за Европа да бидат организирани семинари за законот и законската регулатива во оваа област. А, што се однесува на исказите во точката 4 на интерпелацијата во врска со тајна подготовка на Закон за високо образование, можам да кажам дека тоа е обична клевета и барам потписниците да ги повлечат и да ги демантираат претходно пласираните тврдења преку одредени медиуми.

Мислам дека тоа веќе ги надминува сите норми, сите граници на некое нормално комуницирање во една демократска држава. Знаете дека е тоа лага и клевета и ако потпишувате таква работа знаете што сте направиле. Очекувам дека тоа, навистина ќе биде повлечено, затоа што и вие сте свесни дека тоа е лага.

Афирмирањето на автономијата на Универзитетот е една од главните цели во мојата активност. Но, тоа не е нешто што доаѓа од надвор, туку се гради внатре во Универзитетот. Тука треба да се има предвид дека автономијата подразбира структура изградена од личности со високи морални квалитети и со развиен академски дух. Можеби некој од пратениците измешал нешто од овие работи тука.

Остатоците од контролата на Универзитетот и единството на управните структури од Универзитетот со единствената власт, мора да бидат отстранети пред тој успешно да функционира. Јас ќе им дадам поддршка на сите настојувања во рамките на Универзитетот, кои се во насока на санација на академскиот дух. Автономијата во основа значи дека професорите можат да го истражуваат она што тие сметаат дека треба да го истражуваат и да предаваат содржини што тие сметаат дека треба да се предаваат. Во таа смисла задолжителното изучување на марксизмот што порано го имавме, беше тешко нарушување на автономијата на Универзитетот. Грижата за порамноправен достап на сите слоеви од населението до високото образование не е нарушување на автономијата, туку една од основните грижи на Министерството за образование и владата. Тврдењето дека со квотата 500 марки сум имал целосен неуспех, едноставно разумен човек не може да го коментира. Квалитетното високо образование за албанската националност е постојана грижа на

министерството. Конкретните решенија, се сепак силно зависни од политичките фактори и јас настојувам максимално да се намали политичката тензија која што го отежнува наоѓањето на оптималните решенија. Можеби оној историскиот "Пекснас" е навистина работа која што ќе има понатаму разрешница. Можам да кажам само дека некои проекти се успешни, а некои не се. Ви покажав примери за успешни проекти, каде што имаме меѓународна верификација. Дезинформација е дека овој проект има меѓународна димензија. Апсолутно не се работи за европски проект. Тој бил, целосно домашен со финансиска помош на СОРОС - Македонија, без потврда од централата на СОРОС. Тој бил воведен, откако еднаш бил одбиен, а потоа еднаш применет, па покажал негативни резултати. Видот на образование што се користи во овој проект е соодветен за оддалечени населби, каде што не постои можност да се обезбеди квалитетно стандардно образование. Добиените знаења не се потврдиле на домашни или меѓународни натпревари. Единствено забележителни резултати се постигнати кај некои ученици во образованието по германски јазик, затоа што таму е г-динот Вернер советникот од Германија.

Тоа што Владата донесе поинаква одлука е банална работа. Министерот носи одлуки од својата надлежност, а Владата интервенира кога има мешање на надлежности или политички моменти за кои министерот не може сам да одлучува. Се разбира, такви ситуации се избегнуваат со постојана координација со премиерот. Но, таквата координација во време на бегалската криза и непосредно по неа беше отежната, поради многубројните обврски на сите министри.

За центар Жупа, за односот помеѓу македонците со исламска вера и турците, можам да кажам едноставно следното. Република Македонија им гарантира многу висок степен на заштита на правата на малцинските националности. Владата што ги почитува законите е Владата од европски тип. Чест и гордост е да се биде Македонец. Тоа не може да се купи со никакви пари. За студентските места, можам да кажам дека и јас сум бил студент и знам какви неправилности имало околу распределбата на местата. Оваа година за прв пат во огромна мерка со големо залагање се отстранети. Беа спомнувани веста за кои одлучува министерот. А, тоа се однесува за местата кои што се потребни за соработка со странство и т.н., согласно со Законот за студентски стандарди. Имено, Македонија е држава, министерот е во контакт со министри и амбасадори од други држави и кога некој од нив ќе побара да се смести некој студент, тој не се обраќа до директорот на студентскиот дом, туку до министерот за образование на Република Македонија, затоа што него го смета за значајна фигура во државата.

Во врска со признавањето на дипломите со соседните држави на конференциите на европските и фаре - министри за образование, јас дадов иницијатива за регионална соработка во меѓусебното признавање на дипломите. Активностите на овој план ќе почнат кон крајот на годинава. Тоа што не сум демантирал многубројни лаги и фалсификати на мои изјави имаше и овде во парламентот, е затоа што во некои медиуми се толку застапени што не претставуваат пропуст, туку систем. Цели текстови се не коректни, а не само одделни тврдења. Немам време да ги наведувам сите божемни изјави што сум ги дал, а според она што го слушнав во Парламентот ги имало повеќе, но јас не сум успеал ни да ги видам по медиумите.

На крајот сметам дека интерпелацијата е целосно неоснована и дека програмските разлики помеѓу владеачката коалиција и опозицијата не можат да бидат основа за каква и да е проценка на работата на некој министер во иднина.

Најголемиот дел од забелешките што ги дадоа подносителите на интерпелацијата беа, поради слабо познавање на материјата, на реформските процеси и на министерот.

Во интерес на идните генерации, квалитетно образовани луѓе би било убаво во иднина да избегнувате непотребна политизација на ваква благородната дејност како што е образованието. Благодарам. (Аплауз од пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, задоцнивме точно за еден час.

Предлагам еден час пауза и ќе продолжиме.

(Пауза од еден час). (По паузата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека во салата сме само 35 пратеници, чекаме повеќе од 15 минути, ја прекинувам денешната седница.

Продолжението на седницата ќе биде закажано дополнително.

(Седницата прекина со работа во 18,35 часот).